# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
# НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 157 Год. LXV Понеделник, 28 декември 2009 Цена на овој број е 380 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3320. | **Одлука** за помилување на осудени лица........................................................ | 4 |
| 3321. | **Одлука** за помилување на осудени лица по повод Новата 2010 година...... | 4 |
| 3322. | **Решение** за именување на член на Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции на Република Македонија................................................. | 5 |
| 3323. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Демир Хисар......................................... | 5 |
| 3324. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Примариус д-р Ѓорѓи Гаврилски“– Свети Николе........................................ | 5 |
| 3325. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Македонски Брод................................. | 6 |
| 3326. | **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Ургентен центар - Скопје............................... | 6 |
| 3327. | **Решение** за именување член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈУ Детски дом „11 Октомври“ - Скопје........................................ | 6 |
| 3328. | **Решение** за именување член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈУ Дом за доенчиња и мали деца – Битола....................................... | 6 |
| 3329. | **Решение** за именување член на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија – Скопје.......... | 6 |
| 3330. | **Решение** за именување член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје...................................... | 7 |
| 3331. | **Објава** од Министерството за надворешни работи....................................... | 7 |
| 3332. | **Решение** за престанување на службата на нотарот......................................... | 7 |
| 3333. | **Деловник** за изменување и дополнување на Судскиот деловник................. | 7 |
| 3334. | **Правилник** за програмата, начинот на спроведување на испитот, висината на надоместокот, како и формата и содржината на потврдата..................... | 101 |

Стр.

3335. **Правилник** за формата и содржината на даночната пријава на данокот на додадена вредност................................ **109**

3336. **Правилник** за начинот на собирање и нештетно отстранување на нус производите од животинско потекло и техничко-технолошките услови кои во поглед на објектот, опремата и кадарот треба да го исполнуваат правните лица кои вршат собирање и нештетно отстранување на нус производите од животинско потекло како и техничко-технолошките услови што треба да ги исполнуваат превозните средства за превоз на нус производи од животинско потекло...................... **112**

3337. **Правилник** за дополнување на Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост............ **114**

3338. **Решение** од Комисијата за хартии од вредност............................................... **114**

3339. **Решение** од Комисијата за хартии од вредност............................................... **115**

3340. **Решение** од Комисијата за хартии од вредност............................................... **115**

3341. **Правилник** за формата и содржината на проспектот на отворен и затворен инвестициски фонд............................... **115**

3342. **Правилник** за формата и содржината на скратената форма на проспектот на отворен инвестициски фонд.......... **146**

3343. **Правилник** за формата и содржината на барањето за добивање одобрение за организирање на отворен инвестициски фонд........................................... **149**

3344. **Одлука** на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр. 21/2009 од 9 декември 2009 година.................. **151**

3345. **Одлука** на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр. 151/2009 од 16 декември 2009 година..................... **153**

3346. **Издвоено мислење** на судија на Уставниот суд на Република Македонија **155**

3347. **Решение** за стапување во примена на востановен катастар на недвижности.. **156**

3348. **Решение** за стапување во примена на востановен катастар на недвижности.. **156**

3349. **Решение** за стапување во примена на востановен катастар на недвижности.. **156**

Стр.

3350. **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за менувачки работи.. **156**

3351. **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за начинот и условите под кои резидентите кои не се овластени банки, можат да отвораат и да имаат сметки во странство.................. **157**

3352. **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот...................................................... **158**

3353. **Одлука** за утврдување на продажната цена на пригодните ковани пари и начин на нивна продажба.................... **159**

3354. **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за единствената тарифа на надоместоци за услуги што ги врши Народна банка на Република Македонија........................................... **165**

3355. **Упатство** за изменување и дополнување на Упатството за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките.............................................. **165**

3356. **Финансиски план** на Народната банка на Република Македонија за 2010 година.................................................... **194**

3357. **Годишен план** за јавни набавки во 2010 година на Народната банка на Република Македонија......................... **194**

3358. **План за инвестиции** на Народната банка на Република Македонија за 2010 година.......................................... **195**

3359. **Исправка** на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за управување со ликвидносниот ризик на банките.............................................. **195**

3360. **Одлука** за одобрување на регулиран максимален приход за 2010 година за вршење на регулирана енергетска дејност производство на електрична енергија на АД ТЕЦ Неготино во државна сопственост Неготино............................. **195**

3361. **Одлука** за одобрување на регулиран максимален приход и цена за вршење на регулираната енергетска дејност производство на електрична енергија на АД Електрани на Македонија – Скопје за 2010 година......................... **196**

3362. **Одлука** за одобрување на основен приход за 2009, 2010 и 2011 година, регулиран максимален приход за 2009 и 2010 година и цена за 2010 година за вршење на регулираните енергетски дејности пренос на електрична енергија, управување со електроенергетскиот систем и организација и управување со пазарот на електрична енергија на операторот на електропреносниот систем на Македонија, АД МЕПСО – Скопје................................. **196**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3363. | **Одлука** за одобрување на регулиран максимален приход и цена за 2010 година за вршење на регулираната енергетска дејност управување со системот за дистрибуција на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија за ЕВН Електростопанство на Македонија АД за дистрибуција и снабдување со електрична енергија Скопје........................ | **197** |
| 3364. | **Одлука** за одобрување на регулиран максимален приход и цена за 2010 година за вршење на енергетската дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало за ЕВН Електростопанство на Македонија АД за дистрибуција и снабдување со електрична енергија Скопје | **197** |
| 3365. | **Одлука** за одобрување на основен приход за 2009, 2010 и 2011 година, регулиран максимален приход за 2009 и 2010 година и цена за 2010 година за вршење на регулираната енергетска дејност управување со системот за дистрибуција на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија и регулиран максимален приход и цена за 2010 година за вршење на енергетската дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало за АД ЕЛЕМ Подружница “Енергетика“ - Скопје................................................... | **198** |
| 3366. | **Одлука** за одобрување на регулиран максимален приход за производство и дистрибуција на топлинска енергија за греење и тарифни ставови за регулиран период на Топлификација АД-Скопје................................................... | **199** |
| 3367. | **Одлука** за одобрување на регулиран максимален приход и тарифни ставови за 2010 година за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија за греење на снабдување центар ДООЕЛ Скопје................ | **199** |
| 3368. | **Одлука** за одобрување на регулиран максимален приход и тарифни ставови за 2010 година за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија за греење на снабдување Исток ДООЕЛ – Скопје............. | **200** |
| 3369. | **Одлука** за одобрување на регулиран максимален приход и тарифни ставови за 2010 година за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија за греење на снабдување Запад ДООЕЛ - Скопје................ | **200** |
| 3370. | **Одлука** за одобрување на регулиран максимален приход за производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија за греење и тарифни ставови за 2010 година на Скопје Север АД-Скопје................................. | **201** |
| 3371. | **Одлука** за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2010 година.......... | **202** |
| 3372. | **Одлука** за максималната висина на надоместокот од придонесите уплатени во задолжителен пензиски фонд за 2010 година.......................................... | **202** |
| 3373. | **Правилник** за измена на Правилникот за инвестирање на средствата на задолжителните пензиски фондови..... | **202** |
| 3374. | **Правилник** за измена на Правилникот за потребниот обем на тргување и неопходната кадровска, техничка и организациона оспособеност на домашните правни лица кои можат да бидат избрани за вршење на услуги со хартии од вредност.......................... | **202** |
| 3375. | **Правилник** за членство во задолжителен пензиски фонд............................ | **203** |
| 3376. | **Правилник** за содржината на Програмата за радијациона заштита, планот за радијациони вонредни настани и програмата за обезбедување на квалитет и контрола на сигурност........... | **213** |
| 3377. | **Правилник** за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на дозволата за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење, формата и содржината на образецот на дозволата и за начинот и постапката за издавање на дозволата..................... | **214** |
| | **Огласен дел**......................................... | **1-60** |

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3320.**

Врз основа на член 84, став 1, алинеја 9 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91 и 91/2001), согласно член 1 и член 1-а од Законот за помилување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/93 и 12/2009), Претседателот на Република Македонија донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Потполно се ослободуваат од извршување на неиздржаниот дел од казната затвор осудените лица:

1. Јонуз Беадин Чукески, од Кичево
2. Александар Љубомир Трпчевски, од с. Туденце.

II

Извршувањето на казната затвор им се замени со условна осуда за време од 1 година на осудените лица:

1. Дејан Васко Митев од Виница, во траење од 2 месеца
2. Зоран Драги Митев од Виница, во траење од 2 месеца.

III

Извршувањето на казната затвор им се замени со условна осуда за време од 2 години на осудените лица:

1. Стојан Младен Манојловски од Тетово, во траење од 3 години
2. Бајрам Ќамил Јакуповски од Света Петка, во траење од 6 месеци
3. Драгица Никола Лазова од Неготино, во траење од 10 месеци
4. Оливер Миладин Стаменков од Кочани, во траење од 6 месеци
5. Џемајл Мевмед Асаноски од с. Лабуништа, во траење од 3 месеци.

IV

Делумно се ослободуваат од извршување на неиздржаниот дел од казната затвор осудените лица:

1. Здраве Илија Коруноски од с. Кривогаштани, во траење од 6 месеци
2. Ацо Душко Ѓоргиев од Струмица, во траење од 6 месеци
3. Иванчо Трпе Панчевски од Скопје, во траење од 4 месеци
4. Рабит Јетула Емини од с. Средно Коњаре, во траење од 5 месеци
5. Елена Лазо Марушевска од Битола, во траење од 6 месеци
6. Борче Ицко Кимоски од Прилеп, во траење од 3 месеци
7. Роберт Душан Попоски од Струга, во траење од 3 месеци.

V

Делумно се ослободи од извршување на изречената казна затвор осуденото лице:

1. Фазли Халим Фазлиу од с. Черкези, во траење од 6 месеци.

VI

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1297
25 декември 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

**3321.**

Врз основа на член 84, став 1, алинеја 9 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91 и 91/2001), согласно член 1 и член 1а од Законот за помилување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/93 и 12/2009), Претседателот на Република Македонија донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА
### ПО ПОВОД НОВАТА 2010 ГОДИНА

I

Потполно се ослободуваат од натамошно извршување на казната затвор осудените лица:

1. Лазо Стојчо Јовчевски, од Свети Николе,
2. Боби Илија Наков, од с. Борисово,
3. Стојан Тодор Илиевски, од Куманово,
4. Татјана Боривоје Стојановска, од Скопје,
5. Зоран Тимо Ангеловски, од Гевгелија,
6. Гоце Миле Филиповски, од с. Долно Црнилиште,
7. Јован Киро Ѓоргоски, од Охрид,
8. Кенан Ирфан Мустафовски, од с. Батинци,
9. Кручи Емри Дукаѓин, од Кукс, Република Албанија,
10. Никола Звонко Хаџи - Николов, од Гевгелија,
11. Атанас Цветко Тасев, од Гевгелија,
12. Тодор Ристо Фериев, од с. Стојаково,
13. Стерју Атанас Јанески, од Крушево,
14. Стојмир Санде Ристов, од Градско,
15. Верор Мемет Мемети, од Битола,
16. Невзат Алириза Ариф, од Охрид,
17. Љубиша Стојан Стаменковиќ, од с. Мглинце,
18. Јованче Христо Христовски, од Скопје,
19. Верица Киро Ристова, од с. Раковиќ,
20. Сашо Милан Митовски, од с. Конопница,
21. Ферди Ќани Ќеримов, од с. Нова Маала,
22. Александар Ристо Колев, од Кавадарци.

II

Делумно се ослободуваат од натамошно извршување на казната затвор осудените лица:

1. Трајче Зоран Јанев од Струмица, во траење од 4 месеци,
2. Ампо Блажо Ивановски од Делчево, во траење од 8 месеци,
3. Добре Цане Златкоски од Прилеп, во траење од 6 месеци,
4. Златко Томе Кочев од Валандово, во траење од 6 месеци,
5. Игор Благоја Ѓикоски од Струга, во траење од 6 месеци,
6. Мира Блаже Стојмановска од с. Стрновац, во траење од 1 година,
7. Емил Шчефанко Петејчук од Прилеп, во траење од 6 месеци,
8. Горан Бошко Пановски од Скопје, во траење од 5 месеци,
9. Амати Фаит Енвер од с. Блаце, во траење од 6 месеци,
10. Нервет Зејнула Мусаи од с. Гајре, во траење од 1 година,
11. Виктор Антонио Стојкоски од Кичево, во траење од 1 година,
12. Перица Јозо Антоловиќ од Охрид, во траење од 6 месеци,
13. Драги Душко Коцевски од Скопје, во траење од 8 месеци,

14. Идризи Веби Земри од с. Студеничани, во траење од 1 година,

15. Џеладин Шукри Суат од Скопје, во траење од 1 година,

16. Камбер Ариф Бајрамов од Скопје, во траење од 6 месеци,

17. Зекири Ремзифаик Агрон од с. Цепчиште, во траење од 6 месеци,

18. Иван Драги Димчевски од Куманово, во траење од 1 година,

19. Симе Томе Николовски од с. Вардино, во траење од 6 месеци,

20. Вебија Бајрам Илазовски од с. Г. Строгомиште, во траење од 1 година,

21. Арлинд Агим Билали од с. Чегране, во траење од 6 месеци,

22. Снежана Ѓорѓија Зорбовска од Скопје, во траење од 3 месеци,

23. Пале Трајко Стојановска од Скопје, во траење од 5 месеци,

24. Асан Алија Ајрадиноски од с. Пласница, во траење од 6 месеци,

25. Стојанче Велјан Ристов од с. Дреново, во траење од 4 месеци,

26. Глигор Трајче Лазов од Кавадарци, во траење од 8 месеци,

27. Пане Александар Камчев од Неготино, во траење од 8 месеци,

28. Марсел Киро Киров од Стар Дојран, во траење од 6 месеци,

29. Јован Фиданчо Стојменовски од с. Моштица, во траење од 5 месеци,

30. Ордан Целе Стојчески од Прилеп, во траење од 6 месеци,

31. Симе Лазо Николоски од с. Врбоец, во траење од 6 месеци,

32. Абдулах Рамадан Зенели од Битола, во траење од 7 месеци,

33. Љазим Илјаз Хамдија од с. Селце - Тетово, во траење од 5 месеци,

34. Горан Љубе Размоски од Охрид, во траење до 4 месеци,

35. Михаил Ефстратиос Родаракис од Ханија - Крит - Република Грција, во траење од 6 месеци,

36. Жаклина Христо Павловска од Скопје, во траење од 6 месеци,

37. Миле Борис Крстески од с. Вранешница, во траење од 5 месеци.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1318
28 декември 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

---

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3322.**

Врз основа на член 8 од Законот за основање на Агенција за странски инвестиции на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/2004 и 81/2008), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22 декември 2009 година донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Дејан Калеников се именува за член на Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции на Република Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-908/9
22 декември 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Никола Груевски**, с.р.

---

**3323.**

Врз основа на член 135 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/2004, 84/2005, 111/2005, 65/2006, 5/2007, 77/2008 и 67/2009), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15 декември 2009 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ – ДЕМИР ХИСАР

1. За членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Демир Хисар се именуваат:

- Македонка Бошковска
- Јане Ангелески.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 33-6520/1
15 декември 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.

---

**3324.**

Врз основа на член 135 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/2004, 84/2005, 111/2005, 65/2006, 5/2007, 77/2008 и 67/2009), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15 декември 2009 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ „ПРИМАРИУС Д-Р ЃОРЃИ ГАВРИЛСКИ“– СВЕТИ НИКОЛЕ

1. За членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Примариус д-р Ѓорѓи Гаврилски“– Свети Николе се именуваат:

- Наташа Атанасова
- Дејан Владев
- Ристо Панев
- Марјан Саздов.

2. Со именувањето на новите членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Примариус д-р Ѓорѓи Гаврилски“- Свети Николе, на досегашните им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 33-6521/1
15 декември 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.

---

**3325.**

Врз основа на член 135 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/2004, 84/2005, 111/2005, 65/2006, 5/2007, 77/2008 и 67/2009), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15 декември 2009 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ – МАКЕДОНСКИ БРОД**

1. За членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Македонски Брод се именуваат:
- Јово Гиноски
- Рената Томеска-Кузмановска
- Милена Трајаноска-Димоска
- Слободан Богатиноски.

2. Со именувањето на новите членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Македонски Брод, на досегашните им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 33-6522/1
15 декември 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.

---

**3326.**

Врз основа на член 135 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/2004, 84/2005, 111/2005, 65/2006, 5/2007, 77/2008 и 67/2009), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15 декември 2009 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ УРГЕНТЕН ЦЕНТАР - СКОПЈЕ**

1. Се разрешува Елена Маневска од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Ургентен центар - Скопје

2. За член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Ургентен центар – Скопје се именува Никола Несторовски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 33-6523/1
15 декември 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.

---

**3327.**

Врз основа на член 100 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/2009) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15 декември 2009 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР – ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈУ ДЕТСКИ ДОМ „11 ОКТОМВРИ“ - СКОПЈЕ**

1. За член на Управниот одбор – претставник на основачот на Јавната установа Детски дом „11 Октомври“ – Скопје се именува Александар Ковиловски, дипломиран социолог.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 33-6524/1
15 декември 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.

---

**3328.**

Врз основа на член 100 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/2009), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15 декември 2009 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР – ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈУ ДОМ ЗА ДОЕНЧИЊА И МАЛИ ДЕЦА – БИТОЛА**

1. За член на Управниот одбор – претставник на основачот на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца – Битола се именува Николче Тасевски, дипломиран електро инженер.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 33-6525/1
15 декември 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.

---

**3329.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007 и 83/2009), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22 декември 2009 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ**

1. Шукри Лимани се именува за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија – Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-6661/1
22 декември 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Никола Груевски**, с.р.

---

**3330.**

Врз основа на член 100 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/2009), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15 декември 2009 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР – ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ - СКОПЈЕ

1. За член на Управниот одбор – претставник на основачот на Јавната установа Завод за социјални дејности – Скопје се именува Марија Алексовска, социјален работник.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 33-6671/1
15 декември 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

**3331.**

## О Б Ј А В А

Договорот меѓу Република Македонија и Ирска за одбегнување на двојното оданочување и заштита од фискална евазија по однос на даноците од доход, склучен во Даблин на 14 април 2008 година, ратификуван со Законот за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Ирска за одбегнување на двојното оданочување и заштита од фискална евазија по однос на даноците од доход („Службен весник на РМ“ бр. 157/2008), е во сила од 23 јуни 2009 година, а ќе се применува од 01 јануари 2010 година.

22 декември 2009 година
Скопје

Министер,
м-р **Антонио Милошоски**, с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**3332.**

Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ“ бр. 58/00, 44/02 и 82/08) и член 14 став 1, точка в) и став 2 од Законот за нотаријатот („Службен весник на РМ“ бр. 55/07, 86/08 и 139/09), министерот за правда на ден 15.12.2009 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА СЛУЖБАТА НА НОТАРОТ

1. На нотарот Светлана Петровска од Скопје му престанува службата нотар по негово барање.

2. Решението влегува во сила на ден 04.01.2010 година.

О б р а з л о ж е н и е

Со решение бр. 04-4417/1 од 17.11.1998 година, на министерот за правда, лицето Светлана Петровска е именуван за нотар за подрачјето на Основниот суд Скопје I-Скопје.

Нотарот Светлана Петровска од Скопје, до министерот за правда достави барање бр. 09-5200/1 од 04.12.2009 година, за донесување на решение за престанување на службата нотар по негово барање, согласно член 14 став (1) точка в) и член 15 од Законот за нотаријатот („Службен весник на РМ“ бр. 55/07, 86/08 и 139/09).

Министерот за правда постапувајќи по поднесеното барање за престанување на службата на нотарот, оцени дека истото е основано поради што одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Незадоволната страна од ова решение може со тужба да поведе управен спор пред Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Бр.09-5200/2
15 декември 2009 година
Скопје

Министер за правда,
**Михајло Маневски**, с.р.

---

**3333.**

Врз основа на членот 84 став 1 од Законот за судовите (“Службен весник на Република Македонија” бр. 58/06 и 35/08), по претходно мислење на општата седница на Врховниот суд на Република Македонија, министерот за правда донесе

## Д Е Л О В Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СУДСКИОТ ДЕЛОВНИК

Член 1

Во Судскиот деловник ( “Службен весник на Република Македонија” бр. 71/07) во членот 1 зборовите „водењето на уписниците “ се заменуваат со зборовите „водењето на евиденции за предметите, како и водење на уписниците”.

Член 2

По членот 7 се додава нов наслов и нов член 7-а кои гласат:

„Значење на изразите

Член 7-а

Изразите употребени во овој деловник го имаат следното значење:

1. под АКМИС се подразбира автоматизиран компјутерски систем за управување со судските предмети;

2. под електронско досие се подразбираат сите податоци (факти) и акти во предметот кои се чуваат во електронска форма;

3. под видео огласна табла се подразбира огласна табла на дисплеј;

4. под процес се подразбира претрес, расправа, рочиште, сослушување и друго;

5. под вид предмет се подразбираат предмети со исти карактеристики;

6. под уписник се подразбира главна евидентна книга;

7. под факти се подразбираат податоци посебно евидентирани во предметот за потребите на судот и други институции;

8. под акти се подразбираат писмена, оригинални документи;

9. под управувачка одлука се подразбира одлука со која се управува обработката на предметот, и

10. под мериторна одлука се подразбира одлука со која се решава предметот."

Член 3

Во членот 8 став 1 по алинеја 5 се додаваат три нови алинеи 6, 7 и 8 кои гласат:

„- управување со движењето на предметите со примена на АКМИС;

- обезбедување стандардизација на податоците во предметите;

- обезбедување на постапка за прибирање и обработка на предлози и барања за подобрување на системот за управување со судските предмети во секој поглед (технички, организациски, процедурален), како и комуникација со Работното тело за стандардизација на употребата и унапредувањето на АКМИС во судовите; ".

Алинеите 6, 7, 8 и 9 стануваат алинеи 9, 10, 11 и 12.

Алинеја 10 која станува алинеја 13 се менува и гласи:

„- обезбедување на податоци за статистички извештаи и статистички прашалници и по потреба пополнување на статистички извештаи и статистички прашалници;"

Алинејата 11 станува алинеја 14.

По алинеја 12, која станува алинеја 15 се додава нова алинеја 16 која гласи:

„- организира редовна обука и советувања на корисниците на АКМИС;".

Алинеите 13,14,15,16, 17, 18, 19, 20 и 21 стануваат алинеи 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24 и 25.

Член 4

По членот 8 се додава ново поглавје 1-а и нов член 8-а кои гласат:

„1-а. Работно тело за стандардизација на употребата и унапредувањето на АКМИС во судовите

Член 8-а

Претседателот на Врховниот суд формира Работно тело за стандардизација на употребата и унапредувањето на АКМИС во судовите (во натамошниот текст: Работно тело).

Работното тело е од постојан карактер и во постојано заседание. Редовни членови на телото се: судија од Врховниот суд задолжен за судската пракса и нејзино воедначување, еден судија од Управниот суд, по еден судија од секое апелационо подрачје, двајца судии од основните судови (со проширена и основна надлежност) и овластен претставник од Информатичкиот центар на Врховниот суд.

Со актот за формирање на Работното тело се дефинираат задачите и начинот на работа на телото. Работното тело одговара пред Претседателот на Врховниот суд.

Работното тело дефинира процедура на прибирање на предлози и барања за подобрување на системот за управување со судските предмети во секој поглед (технички, организациски, процедурален) и ги анализира на своите редовни или по потреба итни состаноци.

По потреба работното тело за одредени предлози и барања може да консултира вработени лица во судовите или надворешни лица. Во однос на предлозите и барањата, Работното тело може да побара, по потреба, да се формира работна група за обработка на одредена тема.

Работното тело е должно за својата одлука да го извести подносителот на предлогот или на барањето за подобрување на системот за управување со судските предмети."

Член 5

Членот 19 се менува и гласи:

„Судовите прибираат, средуваат и доставуваат статистички податоци за својата работа на пропишан образец, статистички прашалник или дефиниран електронски формат.

Органите кои во своето работење користат податоци од судовите, а имаат технички можности и овластување, имаат право на пристап за автоматско користење на податоците од став 1 на овој член.

Право на пристап за автоматско користење на податоците од став 1 на овој член имаат органите кои во своето работење користат податоци од судовите и имаат технички можности и овластување за истото.

Статистичките податоци, во определени рокови, судовите ги презентираат врз основа на податоците во предметите."

Член 6

Членот 20 се менува и гласи:

„Статистичките податоци се доставуваат до, односно се овозможува пристап на надлежните органи, повисоките судови, Министерството за правда, Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавни обвинители на Република Македонија, и истите се користат за изготвување на годишни, полугодишни, квартални и месечни извештаи за работата на судовите.

Статистичките податоци во стандардизиран формат, односно статистички прашалник, кој освен во пишана може да биде и во електронска форма, судовите ги доставуваат и до Државниот завод за статистика."

Член 7

Во членот 22 зборот „извештаи" се заменува со зборот „податоци".

Член 8

Во член 29 ставот 4 се менува и гласи:

„Претседателот на судот е должен на секои шест месеци да ја ажурира листата на вештаци, која се води во АКМИС и е достапна на сите судии."

Член 9

Во член 30 ставот 3 се менува и гласи:

„Списокот на вештаци од првостепениот суд се доставува и електронски преку АКМИС до второстепениот суд."

Член 10

Во членот 32 точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „ и го објавува на својата веб страница.".

Член 11

Во членот 33 точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „ во АКМИС и податоците ги ажурира на веб страницата.".

Член 12

Во член 34 ставот 1 зборовите: „-(Образец бр.7)" се бришат.

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Податоците од решението кои се потребни за комуникација со толкувачите, датумот на нивно именување и разрешување, односно бришење од евиденција, се евидентираат во АКМИС."

Ставот 2 станува став 3.

Ставот 3 кој станува став 4, се менува и гласи:

„Електронската листа на толкувачи е достапна на секој судија преку АКМИС."

Член 13

Во член 40 ставот 4 зборовите: „впишува во Именикот на преведувачите", се заменуваат со зборовите „доставува до судот каде е поставен преведувачот".

Член 14

Во членот 42 став 1 точката 2 се менува и гласи:

„2. презиме, татково име, име и матичниот број на преведувачот;".

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Именикот на постојаните судски преведувачи во електронска форма се доставува до судовите.".

Член 15

Во член 47 ставот 4 зборот: „во" се заменува со зборовите „и на веб страницата на".

Член 16

Во член 48 ставот 5 се менува и гласи:

„Разрешувањето на постојаниот судскиот преведувач се запишува во евиденцијата на преведувачи во Министерството за правда, од каде електронски се презема од судовите и се ажурираат податоците во Именикот на постојани судски преведувачи во судот.".

Член 17

Во член 58 по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Ако во судот има видео огласна табла закажаните судења се истакнуваат на истата.".

Ставот 3 станува став 4.

Ставот 4 се брише.

Член 18

Во член 63 ставот 2 зборовите: „уписникот и списите" се заменуваат со зборот „предметот".

По ставот 2 се додава нов став 3 кој чласи:

„Ако во судот има киоск компјутер, се овозможува на странките сами да пребаруваат информации за предметот, кои се ограничени само на нужните податоци.".

Во ставот 3 кој станува став 4, после зборовите „да се даваат" се додаваат зборовите „и преку киоск компјутерите".

Во ставот 4 кој станува став 5 по зборовите: „по телефон," се додава запирка и се додаваат зборовите: „електронска пошта".

Ставот 5 станува став 6.

Член 19

Во член 64 ставот 3 точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „или од киоск компјутер со посебна дозвола за пристап.".

Во ставот 4 по точката на крајот од реченицата се додава нова реченица која гласи:

„Ако е овозможено разгледување и препишување на списите преку киоск компјутери, списите со класифицирани информации од соодветен степен на тајност не се достапни."

По ставот 7 се додава нов став 8 кој гласи:

„Лицето кое побарало да изврши увид во предмет преку киоск компјутер, добива пристапна шифра од овластениот работник во судот. Шифрата има важност за увид само во предметот наведен во барањето и за тековниот ден, во работното време на судот.".

Член 20

Во член 67 ставот 5 се менува и гласи:

„Рокот за враќање на предметот кој се доставува, се евидентира во електронското досие на предметот.".

Член 21

Во член 73 ставот 5 точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „каде се евидентираат и придружуваат во предметот.".

Член 22

Во член 79 ставот 1 по зборовите „судиското работење е" се додаваат зборовите: „оригиналот на".

Ставот 3 се менува и гласи:

„Изворникот на одлуката се изготвува во АКМИС и останува во електронското досие на предметот.".

Член 23

Членот 80 се менува и гласи:

„Преписите се добиваат со излистување на оригиналот, зачуван во електронска форма, со користење на АКМИС со назнака дека е препис.

Ако користењето на АКМИС е оневозможено од било која причина, тогаш преписите се изготвуваат на машина за пишување или компјутер, јасно и читливо, со содржина и форма соодветна на изворникот, или се издаваат во фотокопијата која треба да овозможи текстот да се чита и ознаките на списот да се распознаваат.

Преписите и фотокопијата се изготвуваат во судската писарница, односно фотокопирницата и им се доставуваат на странките откако управителот на судската писарница, односно овластениот работник ќе ги потврди со својот потпис во непополнетиот дел од забелешката: "точноста на преписот односно фотокопијата ја потврдува ____________".

Член 24

Членот 81 се менува и гласи:

„За одлуките што често се повторуваат, може да се изготви изворник во скратена форма во вид на образец (предефиниран образец).

Изворникот на одлуката кој се однесува на управување со постапката, се состои од основните зборови кои се суштествени за одлуката и од кои може да се види за што се работи.

Кога се усвојува предлогот, на изворникот на одлуката ќе се забележи дека предлогот се усвојува.".

Член 25

Во член 82 по ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„Во случај кога се користи штембил, таквото решение треба да се скенира и да се приклучи во електронското досие. Ако нема можност за скенирање, наместо штембил треба да се користи образец - терк и со АКМИС да се подготви и испечати."

Член 26

Во член 83 ставот 2 се менува и гласи:

„Во изреката и образложението на одлуката, времетраењето, видот и висината на санкцијата, паричните износи во процесните спорови и трошоците на постапката се означуваат со броеви и букви. Странките во изреката се наведуваат со процесното својство и името и презимето (на пример: првотужителот, второтуженииот, третообвинетиот), а во образложението само со процесното својство.".

Член 27

Во член 85 ставот 1 по зборот „изготвен" се додаваат зборовите: „во АКМИС или само доколку користењето на АКМИС е оневозможено од било која причина ".

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Судските одлуки кои не се изготвени со АКМИС, кога ќе се овозможи неговото користење, треба да се ископираат или скенираат во електронското досие во АКМИС.".

Ставот 2 станува став 3.

Член 28

Во член 86 ставот 1 зборот „печатени" се заменува со зборот „стандардизирани ".

Во ставот 2 точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите „кое е надвор од конкретен судски предмет".

Член 29

Членот 88 се менува и гласи:

„Во судовите задолжително се означуваат во АКМИС, а може да се употребуваат и штембили за следните дејствија:

1. означување на итност на постапката - "итно", или природата на предметот - "притвор", "малолетник", "издршка", "нарушено владение", "обезбедување на доказ", "привремени мерки", "работни спорови" и "стечај";

2. за издавање наредба за определување претреси односно рочишта;

3. за потврдување дека против пресудата или решението нема жалба;

4. за потврдување дека изворникот е даден за експедирање во писарницата и забелешка за тоа;

5. за издавање наредба за упатување на списите во архива;

6. ставање забелешка дека е одобрено ослободување од плаќање на такси и трошоци;

7. издавање наредба за упатување на списите до повисокиот суд на разгледување;

8. за дозвола за издавање на платен налог;

9. потврдување на правосилност и делумна правосилност односно извршност и делумна извршност врз основа на одлуката на судијата;

10. доставување жалба на спротивната страна на одговор;

11. определување рок до кога списите се чуваат во судската архива.

Штембили задолжително се употребуваат за:

1. потврдување на прием на списите;

2. ставање забелешка дека таксата е наплатена пред архивирањето на списите;

3. за потписи на преписите;

4. за потврдување на заверка на потписи и печати во смисла на член 3 од Конвенцијата за укинување на потребата од легализација на странски јавни исправи;

5. за забележување на задолжувањата во контролникот за наплатена парична казна;

6. за заверка на потписи на лица овластени за потпишување на исправи наменети за употреба во странство;

7. за заверка на потписи на изјави на граѓани, полномошна и други списи наменети за употреба во странство.".

Член 30

Во член 95 ставот 2 по зборовите „судијата поединец не" се додаваат зборовите: „пополни податок во АКМИС и не".

Член 31

Во член 108 по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„ Писмената кои електронски се испратени до судот се примаат во секое време, доколку се обезбедени условите за таквиот начин на прием.".

Ставот 3 станува став 4.

Член 32

Во членот 110 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Ако писменото е добиено по електронски пат, ја следи процедурата пропишана од Работното тело."

Член 33

Во член 119 ставот 1 зборовите „ознаката од соодветните уписници" се заменуваат со зборовите „видот на предметот".

Член 34

Членот 121 се менува и гласи:

„Овластениот работник кој ги скенира примените поднесоци доколку има техничка можност во судот, истите ги распоредува на работниците определени за вршење на соодветните работи и задачи во судската писарница.

Кај примените и распоредените поднесоци со кои се образува нов предмет најпрво се идентификува видот на предметот, овластениот судски службеник го евидентира во АКМИС во уписникот за тој вид предмет и се формира електронски судски предмет со внесување на датумот на прием од штембилот и сите битни податоци. Ако поднесоците се скенирани, истите се придружуваат на електронското досие.

Ако новиот предмет е во врска со друг предмет, евидентиран во претходна или друга постапка, врската мора во АКМИС да се евидентира.

Телеграмите, телефаксите и поднесоците со определени рокови и други итни списи задолжително се скенираат или ако нема можност за скенирање се фотокопираат, и по евидентирањето во предметот се доставуваат до соодветниот оддел во судот.

Ако поради бројноста на примените поднесоци или од други оправдани причини не можат да бидат заведени истиот ден кога се примени, ќе се заведат најдоцна наредниот ден пред заведувањето на новата пошта, а под датумот кога се примени."

Член 35

Во член 126 ставот 1 се менува и гласи:

„При образување на предметот, задолжениот работник ги запишува во пописот кој се креира во АКМИС, поднесоците врз основа на кои тој е образуван и го означува бројот на листовите."

Член 36

Во член 127 ставот 1 по зборовите „што се во тек," се додаваат зборовите „се евидентираат во АКМИС и ако се скенирани се придружуваат на електронското досие, и".

Ставот 2 се менува и гласи:

„По предметите кои треба да се спојат заради спроведување на единствена постапка, работникот кој е одговорен за соодветните предмети ќе провери дали постапката по тој предмет е во тек или е завршена и за резултатот ќе го извести управителот на судската писарница, а овој надлежниот судија.".

Член 37

Членот 130 се менува и гласи:

„Претседателот на судот определува работници од судските писарници кои формираните предмети преку автоматската распределба, по принцип на случаен избор, ги доделуваат на одреден судија. Критериумите на

распределба ги утврдува Работното тело. При автоматската распределба секој судија добива подеднаков број на предмети, освен ако со годишниот распоред не е поинаку предвидено.

Предавањето на предметите на надлежниот судија или судијата известител или службата, ако по нив не треба да се преземаат други дејствија во писарницата, го врши судската писарница, а списите од итна природа се предаваат веднаш и преку ред. Секое движење на предметот се евидентира во АКМИС.

Судијата го потврдува приемот на предметот во АКМИС и тој момент се смета дека предметот е земен во работа кај судијата.

За секое преземено дејствие до донесување на одлуката се врши електронски запис.

По преземеното дејствие од страна на судијата, предметот се враќа назад во судската писарница.

Списите примени и задржани во рокот за поднесување, по неговиот протек се предаваат откако соодветно ќе се означат (на пример: "нема друга жалба", "нема одговор", "нема приговор").

Барањата за изземање на судиите, судиите поротници, како и претставките и поплаките му се предаваат на претседателот на судот, судијата или работникот што тој ќе го определи. Во случај на подолго отсуство или изземање на судијата во согласност со законот, претседателот на судот донесува решение со кое се врши автоматска прераспределба на предметите."

Член 38

Членот 131 се брише.

Член 39

Членот 132 се менува и гласи:

„Предавањето на предметите и списите од судската писарница на судија или судија известител и службата се врши преку АКМИС.

Земањето и враќањето на одделни акти од некој предмет или самиот предмет, електронски се евидентира во предметот.".

Член 40

Во член 135 во ставот 1 после точката на крајот од реченицата се додава нова реченица која гласи: „Закажувањето на расправа, претрес или рочиште се прави во АКМИС, од каде се презема за приказ на видео огласните табли.".

Член 41

Во член 137 во ставот 1 точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите „преку АКМИС.".

Член 42

Во член 138 во ставот 1 зборовите „во својот работен дневник (роковник) по датум (Образец бр.29)" се заменуваат со зборовите „ги внесува во календарот во АКМИС ".

Член 43

Во член 141 став 1 се менува и гласи:

„Одлуките со кои се закажуваат претреси и рочишта, како и оние за доставување и други постапувања, се подготвуваат во АКМИС и само по потреба се печатат. За ова цел судот може да подготви соодветен образец.".

Член 44

Во член 142 ставот 2 се менува и гласи:

„Записникот задолжително се пишува во АКМИС, а само во исклучителни ситуации, на терен или технички пречки, може да се користи машина за пишување или компјутер, при што се составува во потребен број примероци со оглед на бројот на странките.".

По ставот 4 се додава нов став 5 кој гласи:

„Записниците кои не се работени во АКМИС треба да се евидентираат во листата на списи во АКМИС и да се скенираат или препишат во АКМИС.".

Ставот 5 станува став 6.

Ставот 6 кој станува став 7 се менува и гласи:

„Стенографските белешки се дешифрираат и препишуваат во АКМИС најдоцна во рок од 48 часа и се прегледуваат, се потврдуваат, се печатат и се потпишуваат од стенографот.".

Ставот 7 кој станува став 8 се менува и гласи:

„Содржината на звучната снимка се впишува во АКМИС најдоцна во рок од 48 часа и се потврдува, печати и потпишува од работникот што го извршил снимањето.".

Ставовите 8 и 9 стануваат ставови 9 и 10.

Член 45

Во членот 144 зборовите „се води евиденција во посебна книга која содржи" се менуваат со зборовите „се води посебна евиденција со следните податоци".

Член 46

Во член 145 во ставот 1 точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите „од листата на списите".

Во ставот 3 после точката на крајот на реченицата се додава нова реченица која гласи: „Во електронското досие записникот може да остане само ако е класифициран степенот на тајност. Во случај ако не е класифициран степенот на тајност на записникот, во електронското досие останува само евиденцијата на записникот во списите, а записникот се брише.".

Член 47

Во член 146 во ставот 2 после точката на крајот на реченицата се додава нова реченица која гласи: „Постапувањето по оваа белешка е исто како по записникот од член 145 од овој деловник.".

Член 48

Членот 147 се менува и гласи:

„Изворникот на донесените одлуки се подготвува во АКМИС при што битните податоци за одлуката (датум на донесување на одлуката датум на изработка, вид на одлука, одлука, основ и слично) се пополнуваат посебно како факти издвоени од самиот акт, кога се изработува изворникот. Судијата го проверува и верификува изворникот, односно потврдува дека е изработен и подготвен за достава.

Донесените одлуки во изворникот на одлуки се печатат во онолку примероци колку што е определено во наредбата на судијата и се доставуваат на судската писарница со упатство за натамошно постапување заедно со предметот. Движењето на предметот се евидентира во АКМИС.".

Член 49

Во член 152 ставот 2 се менува и гласи:

„Судските оддели по правило се формираат за кривична, граѓанска и управна област. Во зависност од видот и обемот на работата во судот може да се формираат оддели и за одделни видови предмети како: трговски, работни спорови, вонпроцесни, управни спорови, прекршоци, аналитика и други.".

Ставот 3 се менува и гласи:

„За одделен вид на предмети, како спорови од авторско право и индустриска сопственост и слично, во рамките на судските оддели можат да се формираат и посебни пододдели.”.

Член 50

Членот 164 се менува и гласи:

„Во писарницата се проверува дали се забележани потребните податоци во предметот преку АКМИС, како датумот на одржаните претреси, рочишта, расправи, донесени одлуки, изречени казни, воспитни и другите мерки, и се ставаат соодветни ознаки за конечното решавање на предметот.

Во електронскиот предмет се запишуваат датумите на роковите за предавањето и евиденцијата, податоците за движењето на предметите во и надвор од судот, така што во секое време да може да се види каде се наоѓа предметот и во кој стадиум е постапката.”.

Член 51

Во член 165 ставот 2 се менува и гласи:

„Работниците се должни поканите да ги печатат на пропишаниот образец, а имињата и адресите да се внесуваат целосно и јасно.”.

Член 52

Во член 166 ставот 1 зборовите „или за машина за пишување во доволен број примероци од кои еден останува во предметот” се заменуваат со зборовите „односно со АКМИС, и се печатат онолку примероци колку се потребни.”.

Член 53

Во член 167 ставот 1 зборовите „кои се пишуваат или препишуваат на компјутер или на машина за пишување”се заменуваат со зборовите „во врска со предметите се пишуваат со АКМИС, печатат и”.

Во ставот 3 зборовите „Пишувањето на машина или на компјутер” се заменуваат со зборот „Печатењето”.

Член 54

Во член 168 ставот 1 после зборовите „се изготвуваат” се додаваат зборовите „со печатење со АКМИС или копирање на оригиналот”.

Член 55

Во член 172 ставот 1 точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите „и по електронски пат ако се исполнети потребните законски услови.”.

Член 56

Членот 179 се менува и гласи:

„Писмената кои се доставуваат со доставници, службеното лице на судот ги евидентира во евиденцијата за достава во АКМИС.”.

Член 57

Во член 181 ставот 3 се менува и гласи:

„Евиденцијата за движењето на предметот, како и фазата на постапката во која се наоѓа предметот, ја водат сите учесници во движењето на предметот преку АКМИС.”.

Во ставот 4 зборот “уписникот” се заменува со зборот „предметот”.

Член 58

Во член 186 ставот 3 се менува и гласи:

„На обвивката на предметот во кој се здружува, односно спојува другиот предмет, кој во текстот се нарекува носител на здружувањето, се означува предметот кој е здружен заради заедничко расправање (на пример: здружен К.бр. 100/07), а ако обвивката од здружениот предмет има некоја посебна ознака и таа се пренесува на обвивката на предметот-носител на здружувањето.”.

Во ставот 4 по зборот “поранешниот,” се додава зборот „здружениот,”, а зборовите „здружениот предмет” се заменува со зборовите „предметот-носител на здружувањето”.

Ставот 5 се менува и гласи:

„Здружувањето, односно спојувањето на предмети заради заедничко расправање се евидентира во АКМИС.”.

Во ставот 7 после точката на крајот од реченицата се додава нова реченица која гласи: „Ова движење на приложениот предмет се евидентира во податоците за движење на предмет во АКМИС.”.

Член 59

Во член 187 ставот 1 се менува и гласи:

„Ако предметот кој бил здружен со друг се оддели пред завршувањето на постапката заради водење на одделна постапка, тој го задржува стариот број на предмет и во него се внесуваат заверени преписи од писмената што се однесуваат само на тој предмет, односно во електронското досие креирано со АКМИС се префрлуваат само акти кои се однесуваат за тој предмет.”.

Член 60

По членот 187 се додава нов член 187-а кој гласи:

„Член 187 – а

Во случаи кога судот ќе определи постапката по некој предмет одделно да се расправа и одлучува, одделувањето на предметот се врши така што од одделениот дел од списите се формира нов предмет и во него се внесуваат заверени преписи од писмената што се однесуваат само на тој предмет, односно во електронското досие креирано со АКМИС се префрлуваат само акти кои се однесуваат за тој предмет.

Во новиот предмет се наведува врската со стариот предмет и причината за одделувањето. Во дотогашниот предмет се наведува дека од него е одделен новиот предмет (број на предмет се внесува) и датум кога е одделувањето.

На обвивката од одделниот предмет се пренесуваат и посебните ознаки што се однесуваат само за тој предмет. Тие ознаки се прецртуваат на обвивката од предметот од кој се издвојува овој предмет.

За одделниот предмет се составува нов попис на списите.“

Член 61

Во член 188 ставот 4 по точката на крајот од реченицата се додава нова реченица која гласи:

„Претседателот на судот овие информации може да ги следи и преку АКМИС.”.

Член 62

Членот 190 се менува и гласи:

„Ако предметот времено се доставува на друг орган, во евиденцијата на движењето на предметот во АКМИС се регистрира кога и кому предметот му е доставен.

Доставениот предмет се следи преку извештај од АКМИС за доставените списи кои треба да бидат вратени.”.

Член 63

Во член 191 ставот 1 по зборовите „извршеното доставување” се додаваат зборовите „се евидентираат во АКМИС,”.

Во ставот 3 точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и ако има можност се скенираат и придружуваат на електронското досие.”.

Член 64

Во член 198 ставот 1 се менува и гласи:

„При приемот во повисокиот суд, се образува нов предмет со ознаката на уписникот за тој вид на предмет во тој суд. При евидентирање на предметот во повисокиот суд се наведуваат броевите на предметите од пониските судови.“

Член 65

Членот 200 се менува и гласи:

„По приемот на предметот од повисокиот суд, одговорниот работник во судската писарница, односно одделот на писарницата, врши разведување, односно евидентирање на одлуката од повисокиот суд во електронскиот предмет и одлуките ги доставува до странките.

Ако првостепената одлука во целост или делумно е укината, работењето на предметот продолжува под број кој е првиот слободен реден број во уписникот за тој вид предмет во годината во која е добиена одлуката од повисокиот суд. Во АКМИС мора да се поврзе овој број со бројот на предметот чија одлука е укината. На обвивката на предметот со укинатата одлука се допишува новиот број. Ако предметот со укинатата одлука има многу списи може да се отвори нова обвивка со новиот број на која се наведува врската со претходниот предмет.

Во случајот од ставот 2 на овој член, судијата е должен во рокот определен со закон да издаде наредба за претрес, односно рочиште за главна расправа, со тоа што истовремено ќе нареди со поканата за главниот претрес, односно рочиштето, на странките да им се достави препис од одлуката на повисокиот суд.

Ако од оправдани причини не е можно да се закаже главен претрес односно рочиште во овој рок, одлуката на повисокиот суд ќе се достави на странките без одлагање.

Ако второстепената одлука во целост или делумно е укината, работењето на предметот продолжува под број кој е првиот слободен реден број во уписникот за тој вид предмет во годината во која е добиена одлуката од повисокиот суд. Во АКМИС мора да се поврзе овој број со бројот на предметот чија одлука е укината. На обвивката на предметот се допишува новиот број или се отвара нова обвивка со новиот број.

Ако по вонреден правен лек, повторување на постапката, одлуката е да се повтори постапката, со предметот се постапува на ист начин како во став 2 на овој член.

Ако предметот е добиен во судот од друг суд, предметот се евидентира во АКМИС со нов број и се воспоставува врска со бројот на предметот од другиот суд од каде е испратен.

Ако предметот е вратен во суд со одлука - повторно надлежен, со предметот се постапува на ист начин како во став 2 од овој член.

Член 66

Во член 203 ставот 4 зборовите „дека по донесената одлука за трошоците на кривичната постапка кои се исплатени од буџетските средства како и паричните казни се наплатени внесени во контролникот на парични казни и трошоци на кривичната постапка” се заменуваат со зборовите „дека по донесената одлука за трошоците на кривичната постапка се внесени во контролникот и доставено барање за наплата на паричните казни и трошоците на кривичната постапка до судијата за извршување на санкции;”.

Член 67

Во членот 209 зборот „заведени” се заменува со зборот „евидентирани”.

Член 68

Членот 210 се менува и гласи:

“Евидентирањето на предметите се врши во судската писарница од овластени судски службеници преку АКМИС .

Предметите се групирани по одредени карактеристики во видови предмети и се формираат или се евидентираат во соодветни евидентни книги-уписници. Секој вид предмет има своја ознака што е и ознака и на уписникот во кој се евидентирани.

Судовите со поголем обем на работа, поради подобра контрола на предметите, можат видовите предмети да ги поделат дополнително на групи на видови на предмети (бракоразводни спорови, нарушено владение, сопственост на недвижен имот, долг и други), по видови основи, предмети со приговор и друго.

Во тие случаи овие видови предмети и уписници за нив, ја носат ознаката на основниот вид предмет, уписник и бројот што одговара на редоследот според кој тие се образувани.

При евидентирањето на податоците за предметот треба да се овозможи во секое време да може од нив да се утврди каде и во кој стадиум на постапка се наоѓа определен предмет.

Одредени евиденции, како што се заверките и слично, покрај евиденцијата во АКМИС се водат и на претпечатени обрасци. Овие книги по завршувањето на работното време се чуваат заклучени.

Во судската писарница се водат и други евидентни и помошни книги.”

Член 69

Членот 211 се менува и гласи: “Секој уписник мора да има име, ознака според видот на предметите кои се евидентираат во него и карактеристиките на тој вид предмет.”

Член 70

Во член 212 ставот 1 се менува и гласи: “Определените уписници (евиденции) кои се водат на претпечатени обрасци се состојат од потребен број листови на пропишаните обрасци сврзани во книга со тврди корици на кои се става ознаката и годината за која уписникот се однесува (пример ЗАВ-2006).”

Член 71

Во член 213 ставот 1 и 2 се менуваат и гласат:

“Секој предмет до завршувањето на постапката се води под ист број, освен во случаите кои се посебно наведени во овој деловник.

Кога постапката е поведена од повеќе или против повеќе лица, во предметот се внесуваат сите лица поодделно по својството кое го имаат (на пр.тужени, тужители и други лица како сведоци, адвокати и сл).”

Член 72

Членот 214 се менува и гласи:

“Писменото со кое се поведува постапка или се бара некое судско дејствие се заведува во предметот со неговиот назив и број (ако има).

Списите кои се однесуваат на веќе заведени предмети се евидентираат во листата на списи и во податоците на предметот, односно досието, ако се од посебна важност како жалба, приговор и друго.

Запишувањето во претпечатените уписници се врши со мастило, а податоците во електронскиот предмет во АКМИС со користење на македонска поддршка.”

Член 73

Во член 215 ставот 1 по зборот "заведен" се додаваат зборовите: "во АКМИС добива статус на "погрешно заведено", а во претпечатен образец".

Во ставот 2 во втората реченица зборовите „се одбиваат од последниот реден број" се заменуваат со зборовите: "посебно се прикажуваат во рекапитуларот на евидентирани предмети во годината."

По ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:" Во АКМИС другите погрешни запишувања во предметите се исправаат со внесување на точниот текст, при што старата содржина на записот останува меморирана со информација кога и кој ја направил промената."

Член 74

Членот 216 се менува и гласи:

" Кога предметот е решен добива ознака дека е решен.

Предметот во однос на судијата се смета за решен кога одлуката е донесена, изработена и потпишана(верификувана) од него.

Предметот за судот се означува како решен кога одлуката е испратена до странките. Предметот што се однесува на повеќе лица (повеќе обвинети, тужители или тужени) се означува како решен кога постапката е завршена и одлуката е испратена до сите нив.

Предмет во парнична постапка се означува за решен предмет и ако постапката е прекината и не е продолжена по навршувањето на една година од прекинот.

Извршните предмети добиваат ознака дека се решени:

- кога за извршување на парични побарувања судот ќе го наплати паричното побарување или на друг начин ќе биде запрено;

-за продажба на движен и недвижен имот или друг вид извршување (извршување на непарични побарувања) кога со продажбата, баррателот на извршувањето е намирен или извршувањето останало неуспешно, или ако постапката од други причини е запрена;

- извршните прекршочни предмети ќе се сметаат за решени со денот на доставувањето до Државниот правобранител;

- извршните кривични предмети за наплата на парична казна ќе се сметаат за решени кога Државниот правобранител ќе го извести судот дека е наплатена паричната казна или кога паричната казна е заменета со казна затвор."

Член 75

Членот 217 се брише.

Член 76

Поднасловот: "5. Здружување и одделување на предметите во уписникот" и членовите 218, 219 и 220 се бришат.

Член 77

Во дел трети, глава дванаесетта шестото поглавје „6.Заклучување на уписниците и помошните книги" станува петто поглавје и гласи: „5.Заклучување на уписниците и помошните книги."

Член 78

Член 221 се менува и гласи:

"За секој уписник чии податоци за предмети се водат во АКМИС на крајот на годината се печати тврда копија која се укоричува и архивира .

Печатениот образец е табела во која се редат сите броеви на предмети по растечки редослед при што прво се редат предметите кои се работеле во оваа година, а се отворени во претходните години (стари предмети), а после предметите од годината за која се печати уписникот.

Во табелата покрај годината и бројот на предметот треба да ги има следните податоци (во соодветни колони): датум на прием на поднесок, податоци за поднесокот, број на предмет на кој се надоврзува, странките во предметот со нивното својство (ако се повеке само првите), основ на поднесокот, податоци за одлуката со која е решен, податоци за редовни и вонредни правни лекови, датум на правосилност, извршност и датум на архивирање.

Последната страна на уписникот е рекапитулар-анализа на предметите евидентирани во уписникот.

Рекапитуларот содржи датум кога е направен, вкупен број на предмети во уписникот, број на стари и нови предмети, број на последниот регистриран предмет во годината, број на предмети во работа поради одлуката на повисокиот суд - укинати, број на предмети во работа поради одлука -повторување на постапка, број на предмети повторно во работа поради други причини, број на поништени записи, број на решени предмети и број на нерешени предмети.

Овој записник го потпишува овластениот работник и претседателот на судот."

Член 79

Членовите 222, 223 и 224 се бришат.

Член 80

Во дел трети, глава дванаесетта седмото поглавје „7. Повремени прегледи на уписниците и помошните книги" станува шесто поглавје и гласи:

„6. Повремени прегледи на уписниците и помошните книги".

Член 81

Во член 225 ставот 1 зборовите "во имениците и помошните книги" се заменуваат со зборовите: "за предметите во АКМИС и во претпечатени уписници, евидентни и помошни книги."

Во ставот 2 зборовите „уписниците, имениците и помошните книги" се заменуваат со зборовите "записите на фактите во АКМИС и претпечатените уписници, евидентни и помошни книги ".

Во ставот 3 зборовите „уписниците, имениците и помошните книги" се заменуваат со зборовите "записите на фактите во АКМИС и претпечатените уписници, евидентни и помошни книги ."

Ставот 5 се менува и гласи: "За извршениот преглед се прави записник кој се потврдува со потпис и датум."

Член 82

Поглавјето „8.Уписници" и членовите 226, 227, 228, 229 се менуваат и гласат :

„7. Уписници и факти во предметите

Член 226

Предметите во судот според обласа се распределени во три групи на видови предмети: кривични, граѓански и управни.

Во рамките на овие групи, за подобро следење на обработката на предметите дополнително се распределуваат предметите на подгрупи видови предмети. Критериум за поделбата на предметите во подгрупи може да биде возраста на инволвираните лица, основот или постапката. Предметите од одреден вид предмет се евидентираат во соодветен уписник со своја ознака.

**Видови предмети во основни судови**

Во Основните судови во кривична област главни групи на видови предмети се:

*Истрага* - кривични предмети во истражна постапка

| Назив на уписникот | Ознака |
|---|---|
| Кривична истрага | КИ |
| Определени истражни дејствија | ОИД |
| Разни истражни дејствија | КРИ |
| Истраги за организиран криминал | КИОК |
| Определени истражни дејствија во организиран криминал | ОИДОК |
| Разни истражни дејствија во организиран криминал | КРИОК |

Кривични -кривични предмети во постапка на главен претрес

| Назив на уписникот | Ознака |
|---|---|
| Кривични предмети | К |
| Кривични предмети спрема малолетници | КМ |
| Предмети од организиран криминал | КОК |
| Прекршочни предмети | ПРК |
| Прекршочните може да се поделат на: | |
| Прекршочни предмети спрема малолетници | ПРК-М |
| Прекршочни предмети од јавен ред и мир | ПРК-Ј |
| Прекршочни предмети од сообраќај | ПРК-С |
| Прекршочни предмети -останати | ПРК-О |

Разни кривични предмети -предмети кои се издвоени заради постапката

| Назив на уписникот | Ознака |
|---|---|
| Разни кривични предмети | КР |
| Кривичен совет вон главен претрес | КС |
| Кривичен совет вон главен претрес -организиран криминал | КС-КОК |

| | |
|---|---|
| **Повторување на кривична постапка** | **К-ПОВ** |
| **Условен отпуст** | **УОПК** |
| **Замолници во кривична област** | **ЗАМ** |

Во Основните судови во граѓанска област главни подгрупи на видови предмети се:

Парнични - граѓански предмети со процесна постапка кои според основот или вредноста на спорот се делат во:

| **Назив на уписникот** | **Ознака** |
|---|---|
| **Парнични предмети** | **П** |
| **Спорови од мала вредност** | **МАЛВП** |
| **Трговски спорови** | **ТС** |
| **Мала вредност во трговски спорови** | **МАЛВ-ТС** |
| **Спорови од работни односи** | **РО** |
| **Платни налози** | **ПЛ** |
| **Платни налози по приговор** | **ПЛ-1** |
| **Стечај, ликвидација и порамнување** | **СТ** |
| **Стечаен совет** | **СТС** |
| **Приговори против неправилности при извршување** | **ППНИ** |

*П -вид предмети може да се поделат на :

П-1 за имоти

П-2 семејни

Вонпроцесни - граѓански предмети со вонпроцесна постапка кои според основот се делат во:

| **Назив на уписникот** | **Ознака** |
|---|---|
| **Разни граѓански предмети** | **Р** |
| **Оставински предмети** | **О** |
| **Оставински предмети по приговор** | **О-1** |
| **Вонпарнични предмети** | **ВПП** |
| **Правна помош** | **ПОМ** |
| **Замолница на домашни и странски судови за доставување на исправи во странство и давање на друга правна помош** | **ЗАМ-С** |
| **Одземање на деловна способност и за задржување во здравствена установа за лекување и чување на душевно болни лица** | **ОДС** |
| **Признавање на странски судски одлуки** | **ПСО** |
| **Барање за изрекување на парична казна** | **ИПК** |
| **Заштита поради незаконски дејствија** | **ЗНД** |

Член 227

**Видови предмети во Управниот суд**

Во Управниот суд главни подгрупи на видови предмети се:

| Назив на уписникот | Ознака |
|---|---|
| **Управни спорови** | **У** |
| **Разни управни предмети** | **УРП** |
| **Барање на заштита на основните права и слободи** | **УСПИ** |
| **Барање за извршување на пресуда** | **УИ** |

Управните спорови според основот може да се поделат на пример на следните видови предмети односно уписници:

| Назив на уписникот | Ознака |
|---|---|
| **Управни спорови од имотно-правна област,катастар и образование** | **У-1** |
| **Управни спорови од денационализација, експропријација, деекспропиријација и трансформација** | **У-2** |
| **Управни спорови од урбанизам и градежништво, водостопанство, земјоделстви,стопанство,сообраќај и врски,игра на среќа и радиодифузија** | **У-3** |
| **Управни спорови од ПИОМ,СЗ,ЗО,права ПИОМ, СЗ, ЗО ,права од здравствено-санитарен надзор и контрола,надзорни мерки на инспекторат за труд** | **У-4** |
| **Управни спорови од јавни набавки,права по основ на невработеност,разрешување од должност,адвокати,економија, конкуренција,централен регистер,пристап до информации од јавен карактер** | **У-5** |
| **Управни спорови од царина,такси,надоместоци,статусни прашања,патни исправи ,возила,оружје,права од индустриска сопственост и авторски права, жиг,банкарски работи,концесии, одбрана,деловен субјект,енергетика,заштита на споменици** | **У-6** |

Член 228

| **Податок** | **Структура и објаснување** |
|---|---|
| идентификатор на предметот | СС-ВП-ннннн/гггг<br>**СС - ознака на суд во кој се видентираат дејствијата во предметот преземени од номенклатура на судови**<br>**ВП - ознака на видот на предметот (т.н.уписник) според номенклатурата на видови предмети**<br>**ннннн- број кој за секој суд,вид предмет и година започнува од 1**<br>**гггг - година во која се евидентира** |
| податоци за предмет на кој се надоврзува овој предмет | **број на предмет**<br>**причина за надоврзување на ист вид предмет (претходен укинат,претходен има правен лек за повторување на постапката,друго)**<br>**суд од кој е добиен ,ако е добиен од друг суд** |
| датум на прием | **формат:дд.мм.гггг**<br>**датум кога е примен поднесокот во судот,датум на штембилот** |
| датум на заведување | **формат:дд.мм.гггг**<br>**датум кога е евидентиран и оформен предмет во судот** |

**Видови предмети во Апелациони судови**

| | |
|---|---|
| податоци за поднесокот, иницијалниот акт | **формат:дд.мм.гггг<br>датум кој го носи поднесокот<br>ознака на поднесокот,ако ја има<br>вид на поднесокот ,се бира од номенклатура<br>број на прилози и листови со поднесокот<br>главен основ во поднесокот<br>дополнителни податоци од поднесокот зависно од видот на предметот:<br>за кривични:датум и место на сторување<br>за граѓански:вредност на спорот,вредност на такса** |
| карактеристики на предметот | **дали е со првенство (се бира од дефинирани вредности)<br>дали е со притвор(се бира од дефинирани вредности)<br>дали се предвидува да го работи судија-поеднец, судски совет од тројца или од пет судии** |
| податоци за лицата-подносители на поднесокот | **име и презиме,матичен број ,адреса и др.<br>назив на правно лице,идентификациски број,адреса и др.** |
| податоци за лицата-против кој е поднесокот | **име и презиме,матичен број ,адреса и др.<br>назив на правно лице,идентификациски број,адреса и др.** |
| задолжен за предметот | **судија,стручен соработник,дактилограф,службеник** |
| податоци за примопредавање на предметот-движење | **датум кога е пратен и на кого<br>датум кога е примен од лицето на кој му е пратен** |
| податоци за насрочување | **за кој ден и време е закажана расправата,главен претрес,сослушување и сл. или продолжувањето на истите<br>кој е повикан** |
| податоци за записници | **кога и каде е одржан процесот<br>кој биле присутни<br>причина за неодржување** |
| податоци за одлуки | **треба да се евидентира за одлуката на ниво на предмет и за сите лица во предметот и тоа:<br>вид на одлучување (управувачка,мериторна)<br>датуми за : кога е донесена /кога е изработена / кога е потпишана(верификувана)/ кога е испратена кај странките/ успешна достава / правосилност / извршност<br>вид одлука -избор од следните вредности : ненадлежно/отфрлено/запрено/ прекинато/ друга<br>причини - за сите одлуки освен друга се наведува причината за таа одлука со избор од** |

| | |
|---|---|
| | **дефинирани вредности од номенклатура**<br>**податоци за друга одлука- категорија на одлука, изречени санкции**<br>**основ на одлуката- избор од вредности во номенклатура**<br>**судски таски и трошоци**<br>**денови за извршување** |
| податоци за други акти во предметот | **датум и вид на акт**<br>**податоци за листа на списи**<br>**податоци за достава на актите** |
| податоци за правни лекови | **датум кога е добиена**<br>**од кого е поднесокот**<br>**податоци за комуникациите по повод поднесокот**<br>**акти во врска со поднесокот**<br>**движење на предметот како последица на поднесокот** |
| податоци за притворени лица | **решенија за притвори**<br>**датум :од -до и време на притвор**<br>**затвор** |
| податоци за статус на предмет | **датум на промена на статус**<br>**вредност на статус** |
| податоци за споени и раздвоени предмети | **датум на активноста**<br>**врска со предметите** |
| податоци за земени гаранции,пасоши,вредности | **решение за дејствието**<br>**датум**<br>**статус** |
| податоци за земен доказен материјал | **решение за дејствието**<br>**записници**<br>**датум**<br>**статус** |

Во Апелационите судови главни подгрупи на видови предмети се:

| **Назив на уписникот** | **Ознака** |
|---|---|
| **Второстепени кривични предмети** | **КЖ** |
| **Второстепени кривични предмети во постапка против малолетници** | **КЖМ** |
| **Второстепен кривичен совет** | **КСЖ** |
| **Разни кривични предмети** | **КР** |
| **Вторстепени прекршочни предмети** | **ПРКЖ** |
| **Второстепени граѓански предмети** | **ГЖ** |
| **Второстепени предмети по трговски спорови** | **ТСЖ** |
| **Разни граѓански предмети** | **Р** |
| **Второстепени предмети по спорови од работни односи** | **РОЖ** |

Член 229

## Видови предмети во Врховен суд

Во Врховен суд главни подгрупи на видови предмети се:

| Назив на уписникот | Ознака |
|---|---|
| Барање на заштита на законитоста по кривични предмети | КЗЗ |
| Барање за вонредно ублажување на казната | ВУК |
| Разни кривични прдмети | КР |
| Граѓански предмети по ревизија | РЕВ |
| Разни граѓански предмети | Р |
| Барање за заштита на законитоста во управен спор | УЗЗ |
| Вонредно преиспитување на правосилна пресуда | КВП |
| Третостепени кривични предмети | ВКЖ |
| Право на судење во разумен рок | ПСРР |
| Барање за следење на комуникациите | СК |
| Второстепени управни предмети | УЖ |

Член 83

По член 229 се додаваат нов член 229-а, ново поглавје 7-а и нов член 229-б кои гласат:

„Член 229-а

Факти кои мора да се евидентираат во предметите во текот на обработката:

| Податок | Структура и објаснување |
|---|---|
| идентификатор на предметот | СС-ВП-ннннн/гггг<br>**СС - ознака на суд во кој се видентираат дејствијата во предметот преземени од номенклатура на судови**<br>**ВП - ознака на видот на предметот (т.н.уписник) според номенклатурата на видови предмети**<br>**ннннн- број кој за секој суд,вид предмет и година започнува од 1**<br>**гггг - година во која се евидентира** |
| податоци за предмет на кој се надоврзува овој предмет | **број на предмет**<br>**причина за надоврзување на ист вид предмет (претходен укинат,претходен има правен лек за повторување на постапката,друго)**<br>**суд од кој е добиен ,ако е добиен од друг суд** |
| датум на прием | **формат:дд.мм.гггг**<br>**датум кога е примен поднесокот во судот,датум на штембилот** |
| датум на заведување | **формат:дд.мм.гггг**<br>**датум кога е евидентиран и оформен предмет во судот** |

| | |
|---|---|
| податоци за поднесокот, иницијалниот акт | **формат:дд.мм.гггг<br>датум кој го носи поднесокот<br>ознака на поднесокот,ако ја има<br>вид на поднесокот ,се бира од номенклатура<br>број на прилози и листови со поднесокот<br>главен основ во поднесокот<br>дополнителни податоци од поднесокот зависно од видот на предметот:<br>за кривични:датум и место на сторување<br>за граѓански:вредност на спорот,вредност на такса** |
| карактеристики на предметот | **дали е со првенство (се бира од дефинирани вредности)<br>дали е со притвор(се бира од дефинирани вредности)<br>дали се предвидува да го работи судија-поеднец, судски совет од тројца или од пет судии** |
| податоци за лицата-подносители на поднесокот | **име и презиме,матичен број ,адреса и др.<br>назив на правно лице,идентификациски број,адреса и др.** |
| податоци за лицата-против кој е поднесокот | **име и презиме,матичен број ,адреса и др.<br>назив на правно лице,идентификациски број,адреса и др.** |
| задолжен за предметот | **судија,стручен соработник,дактилограф,службеник** |
| податоци за примопредавање на предметот-движење | **датум кога е пратен и на кого<br>датум кога е примен од лицето на кој му е пратен** |
| податоци за насрочување | **за кој ден и време е закажана расправата,главен претрес,сослушување и сл. или продолжувањето на истите<br>кој е повикан** |
| податоци за записници | **кога и каде е одржан процесот<br>кој биле присутни<br>причина за неодржување** |
| податоци за одлуки | **треба да се евидентира за одлуката на ниво на предмет и за сите лица во предметот и тоа:<br>вид на одлучување (управувачка,мериторна)<br>датуми за : кога е донесена /кога е изработена /<br>кога е потпишана(верификувана)/<br>кога е испратена кај странките/<br>успешна достава / правосилност /<br>извршност<br>вид одлука -избор од следните вредности :<br>ненадлежно/отфрлено/запрено/<br>прекинато/ друга<br>причини - за сите одлуки освен друга се наведува причината за таа одлука со избор од** |

| | |
|---|---|
| | **дефинирани вредности од номенклатура**<br>**податоци за друга одлука- категорија на одлука, изречени санкции**<br>**основ на одлуката- избор од вредности во номенклатура**<br>**судски таски и трошоци**<br>**денови за извршување** |
| податоци за други акти во предметот | **датум и вид на акт**<br>**податоци за листа на списи**<br>**податоци за достава на актите** |
| податоци за правни лекови | **датум кога е добиена**<br>**од кого е поднесокот**<br>**податоци за комуникациите по повод поднесокот**<br>**акти во врска со поднесокот**<br>**движење на предметот како последица на поднесокот** |
| податоци за притворени лица | **решенија за притвори**<br>**датум :од -до и време на притвор**<br>**затвор** |
| податоци за статус на предмет | **датум на промена на статус**<br>**вредност на статус** |
| податоци за споени и раздвоени предмети | **датум на активноста**<br>**врска со предметите** |
| податоци за земени гаранции,пасоши,вредности | **решение за дејствието**<br>**датум**<br>**статус** |
| податоци за земен доказен материјал | **решение за дејствието**<br>**записници**<br>**датум**<br>**статус** |

7а. Евидентни книги

Член 229-б

Основните судови ги водат следните евидентни книги:

| **Опис** | **Ознака** | **Образец** |
|---|---|---|
| **Заверување на исправи наменети за странство** | **ЗАВ-С** | **бр. 13** |
| **Заверување на исправи во смисла на Конвенцијата за укинување на потребата од легализација на странските јавни исправи (Апостил)** | **ЗАВ-Х** | **бр. 14** |
| **Евиденција на одземени предмети (корпора деликти)** | **КПД** | **бр. 51** |
| **Евиденција на одземени пари, хартии од вредност и други скапоцености** | **КПД И** | **бр. 52** |
| **Евиденција на овластено следење на комуникации** | **УОСК** | **бр. 62** |
| **Заверка на договори** | **ЗАВ** | **бр. 74** |
| **Попис на исправи** | **ПИ** | **бр. 119** |
| **Евиденција за издадени дозволи за преземање на извршни дејствија во станот на должникот** | **ИДС** | **бр. 163** |

Сите судови во судската управа ги водат следните евидентни книги:

| **Опис** | **Ознака** | **Образец** |
|---|---|---|
| **Евиденција во судска управа** | **СУ** | **бр. 81** |
| **Доверлива евиденција во судска управа** | **СУ-ДОВ** | **бр. 81** |
| **Строго доверлива евиденција во судска управа** | **СУ СТР -ДОВ** | **бр. 81** |
| **Евиденција на преставки и поплаки** | **УПП** | **бр. 82** |

Основните судови (зависно од надлежноста)треба да ги имаат следните евиденции со податоци наведени во обрасците:

| **Опис** | **Ознака** | **Образец** |
|---|---|---|
| **Евидентна книга за притвори** | **КСП** | **бр. 46** |
| **Евиденција на молби за помилување** | **КП** | **бр.50** |
| **Евиденција на молби за вонредно ублажување на казна** | **КУК** | **бр.50** |
| **Евиденција за повикани лица на издржување казна затвор (полнолетни)** | **КУИКП** | **бр. 53** |
| **Евиденција за извршување на малолетнички затвор и воспитни мерки** | **КУИКМ** | **бр. 54** |

| | | |
|---|---|---|
| **Евиденција за гаранција** | **УГ** | **бр. 59** |
| **Казнена евиденција** | **КЕ** | **бр. 60** |
| **Евиденција на прекршочни санкции** | **ЕПС** | **бр. 61** |
| **Извршување на прекршочни санкции** | **ИПРК** | **бр.63** |
| **Евиденција на казнети правни и одговорни лица** | **КЗ-Е** | **бр.64** |
| **Единствен регистар на политички партии** | **ЕРПП** | **бр. 84** |
| **Единствен регистар на верски заедници и религиозни групи** | **ЕРВЗРГ** | **бр. 84а** |
| **Извршување на санкциите** | **ИС** | **бр.92** |
| **Даночно затајување и имотна корист** | **ДЗИК** | **бр.158** |
| **Забрана за управување на моторно возило** | **ЗУМВ** | **бр.159** |
| **Задолжително лекување** | **ЗЛ** | **бр.160** |
| **Забрана на вршење на професија должност или дејност и протерување на странец** | **ЗПД** | **бр.161** |
| **Затворски казни и мерки на безбедност** | **ЗКМБ** | **бр.162** |

Основните и апелационите судови треба да ги имаат следните евиденции со податоци наведени во обрасците:

| **Опис** | **Образец** |
|---|---|
| **Список на постојани судски вештаци** | **бр. 6** |
| **Список на постојани судски толкувачи** | **бр. 7** |
| **Евиденција за доставени предмети кои треба да се вратат** | **бр. 10** |
| **Попис на списи** | **бр. 23** |
| **Евиденција за задолжување на судиите и претседателите на советите** | **бр. 27** |
| **Внатрешна доставна книга за движењето на предметите во судот** | **бр. 28** |
| **Работен дневник на судијата** | **бр. 29** |
| **Книга за задолжување на работниците на судот за примените пратки - писмена за доставување** | **бр. 35** |
| **Список за издадени предмети од архива** | **бр. 41** |
| **Книга за условни осуди** | **бр. 112** |
| **Дневник на истражниот судија и судијата за малолетници "ДИС"** | **бр. 116** |
| **Список за извршувањата доверени на извршниот орган** | **бр. 117** |
| **Контролник за притворени лица во претходна постапка** | **бр. 121** |
| **Контролник за притворени лица по подигнато обвинение** | **бр. 123** |
| **Книга на повикани лица за издржување на казната затвор** | **бр. 125** |
| **Контролник за извршување на воспитни мерки** | **бр. 128** |

Член 84

Поглавјето: „9. Именици и други помошни книги" и членот 230 се менуваат и гласат:

„8. Помошни книги

Член 230

Основните и апелационите судови ги водат следните помошни книги:

| **Опис** | **Образец** |
|---|---|
| **Евиденција – календар за повикување на судиите поротници** | **бр. 5** |
| **Дневник за службени излегувања** | **бр. 11** |
| **Евиденција на издадени потврди на работници кои отсуствувале од работа по покана на судот** | **бр. 20** |
| **Доставна книга за пошта** | **бр. 33** |
| **Доставна книга за место** | **бр. 34** |
| **Контролник за поштарина** | **бр. 36** |
| **Контролник за наплатени парични казни, за трошоци на кривичната постапка и конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети** | **бр. 113** |
| **Контролник за трошоци на постапката во која странката била ослободена од обвинение** | **бр. 114** |
| **Список за издадени потврди за кредитиран превоз** | **бр. 115** |
| **Список на пописот (картон)** | **бр. 118** |
| **Контролник за лица приведени кај истражниот судија** | **бр. 122** |
| **Книга за вршење на надзор во КПУ и надзор на извршување на мерката притвор** | **бр. 124** |
| **Евиденција за вршење надзор за извршување на казната затвор** | **бр. 127** |
| **Дневник за приходи од паричните казни, трошоците на постапката и пленетата имотна корист** | **бр.149** |

Член 85

По членот 230 се додава нов член 230-а кој гласи:

„Член 230-а

Врховниот суд на Република Македонија и Управниот суд водат помошни книги што ги водат апелационите судови.

Врховниот суд на Република Македонија и Управниот суд водат и други помошни книги пропишани со овој деловник, а ако тоа го бара содржината на нивните работи и задачи водат и нови уписи согласно со други прописи.

Во канцелариите на претседателите на судовите се води попис на сите уписници, именици и помошни книги и попис на оние што се во употреба во тој суд.“

Член 86

Членот 238 се брише.

Член 87

Во член 239 ставот 1 зборот ”заведува” се заменува со зборовите “евидентира во предметот и”.

Член 88

Во член 293 ставот 1 точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: “и го евидентира во АКМИС”.

Член 89

Од 01 јануари 2010 година во сите судови во Република Македонија уписниците, односно евиденцијата на предмети, евиденцијата на податоци за предметите и креирањето на актите во предметите ќе се работат со АКМИС.

Член 90

Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, работното тело за стандардизација на употребата и унапредувањето на АКМИС во судовите ќе го формира најдоцна до 10.01.2010 година.

Член 91

Овој деловник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 01 јануари 2010 година.

Бр. 08-4921/5
26 декември 2009 година
Скопје

Министер за правда,
**Михајло Маневски,** с. р.

# ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ОБРАСЦИ И ШТЕМБИЛИ СПОРЕД СУДСКИОТ ДЕЛОВНИК

Со овие обрасци и штембили се заменуваат Задолжителните обрасци и штембили според Судскиот деловник („Службен весник на Република Македонија“ бр. 71/07)

________________________________________

(Име и презиме на судскиот приправник)

| Специјален судски оддел или служба | Време поминато на практика | Вид на работи и работни задачи што ги вршел | Потпис на судијата односно раководителот на службата |
|---|---|---|---|
| 5 см. | 5 см. | 6 см. | 5 см. |

Образец СД бр. 1 (член 15 став 1 од СД) - Картон за судски приправници - податоци за вршење на практика.

Формат: (250 x 297 мм)

______________________________________
(Име и презиме на судскиот приправникот)

| Датум | Специјален судски оддел или служба | Судија кај кого работи | Вид на работи и работни задачи што ги вршел | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|
| 2 см. | 4 см. | 4 | 6 см. | 5 см. |

Образец СД бр. 2 (член 15 став 2 од СД) - Деловник за работа на приправниците

Формат (250 x 297 мм)

____________________________________

____________________________
Буква на картотеката
__________________________

_________

Адреса

На работа

Број на телефон
на работа ______________ дома

______________________________________
(име и презиме)

| | |
|---|---|
| 1. Место и година на раѓање | 5. Школска подготовка |
| 2. Живеалиште, односно престојувалиште | 6. Занимање |
| 3. Брачна состојба | 7. Пол |
| 4. Знаење на јазик на народите и народностите | |

Датум на изборот ________________________

Датум на свечената изјава ________________________

Вршење на должност судија - поротник

| Реден број | Датум за кој е повикан, вид и број на предметот | Изостанал | | Податоци за учество во судењето | Потпис на претседателот на советот |
|---|---|---|---|---|---|
| | | оправдано | неоправдано | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | | |
| 1,5 см | 2,5 см | 2,5 см | 2,5 см | 7 см. | 6 см. |

Образец СД бр. 3 (член 24 став 2 од СД) - Податоци за судијата - поротник

Формат: (210 x 143мм)

_________________________ суд во _____________

Совет _______________________________________
(ознака на советот)

Б а р а њ е

за повикување судии - поротници

| Вид и број на предметот | Датум и час на закажаното судење | а) Потребен број на судии – поротници; б) Потребен број на судии - поротници за замена | Стручна подготовка и познавање на јазик | Повикување на определени судии-поротници (име и презиме) | Одредени судии - поротници |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 2 см | 1,5 с. | 1 см. 1 см | 3 см. | 5,5 см | 4,5 см |

Датум ____________________ Претседател на советот Претседател на судот

_________________________

Поканите испратени ________________
Барањето запишано во евиденција
на датум ___________________________

Образец СД бр. 4 (член 25 став 1 од СД) - Барање за повикување на судии - поротници
Формат: (210 x 296 мм)

---

Именик на постојани судски преведувачи

| Ред. бр. | Име и презиме, живеалиште, односно престојувалиште, адреса, и-мејл, и број на телефон (фиксен или мобилен) на преведувачот | ПОСТАВЕН | | Датум на свечената изјава | Печат на преведувачот | Своерачен попис на преведувачот | Ден на разрешување | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | датум | за подрачје на суд | | | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| | | | | | | | | |
| 1 см | 8 см | 1,5 см | 4 см | 1 см | 3 см | 4,5 см | 1,5 см | 2,5 см |

Образец СД бр. 8 (член 41 став 4 од СД) - Именик на постојани судски преведувачи.

Формат (297 x 210 мм)

---

Дневник на извршени преводи и заверки

| Ред. бр. | Датум на извршениот превод | Име, презиме и адреса на лицето што ги поднело докумен-тите за превод | Што се преведува | Од кој на кој јазик се преведува | Број на страници | Наплатена награда |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | | | |
| 2 см | 4 см | 8 см | 4 см | 2,5 см | 2,5 см | 3 см |

Образец СД бр. 9 (член 44 став 1 од СД) - Дневник на извршени преводи и заверки.

Формат: (297 x 210 мм)

Основен суд во ______________________________

Датум ______________________________

Работен број ______________________________

Список на дејствија извршени во судски ден

Дејствија извршени во судскиот ден во ______________ датум ________________ судија ______________________________

Записничар ______________________________

Започнат во ________ часот, завршен во ________ часот

| Реден број | Ознака на список | Име и презиме, живеалиште, односно престојувалиште на странката | Предмет | Број на лица | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | по покана | без покана |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | | |
| 1,5 см | 2 см | 7,5 см | 5 см | 1,5 см | 1,5 см |
| | | | Вкупно: | | |

Дејствија извршени во судски ден во:

а) кривичната постапка ______________________________ случаи

б) парнична постапка ______________________________ случаи

в) вонпарнична постапка______________________________ случаи

г) извршување ______________________________ случаи

д) други работи ______________________________ случаи

Се јавиле вкупно лица __________________

______________________________

Вкупно __________________случаи

Работењето траеше вкупно ________ часа

Записничар, ______________________

Судија, ______________________

Образец СД бр. 12 (член 73 став 1 од СД) - Список на дејствија извршени на судски ден.

Формат: (210 x 297 мм)

Список на печатите, штембилите и жиговите

| Реден број | Набавен по актот | | Отпечаток на печатите, штембилите и жиговите | Реден број на печатот | Почеток на употребата | Се наоѓа на ракување кај | Датум кога престанува да се употребува |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | датум | | | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1,5 с, | 1,5 с, | 1,5 с, | 8 см | 1,5 см | 1,5 см | 3 см | 2 см |

Образец СД бр. 16 (член 89 став 3 од СД) - Список на штемблите, печатите и жигови

Формат: (250 x 353 мм)

---

Попис на таксите

________________ суд во ________________________ Ознака на списот ________________________

по предметот ____________________________________________________________

Име и презиме на страката ослободена од плаќање такса ________________________________

________________________________ Основ за ослободување ________________________________

| Реден број | Дејствија за кои такса не е наплатена | Тарифен број | Износ на таската | Име и презиме на странката од која треба да се наплати таксата | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1,5 см | 6 см | 2,5 см | 2 см | 5 см | 5 см |

Образец СД бр. 17 (член 96 став 3 од СД) - Попис на таксите од кои странката е ослободена од плаќање

Формат: (210 x 297 мм)

---

____________________________ суд во ________________ Ознака на списот

__________________________

во предметот ____________________________________________________________

ПОПИС НА ТРОШОЦИ

| Реден број | Датум на исплатени трошоци | Видови трошоци (на кого е исплатено и по кој основ) | Износ на трошоците |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1,5 см | 3 см | 10 см | 3,5 см |

Образец СД бр. 18 (член 96 став 4 од СД) - Попис на трошоци исплатени однапред од буџетските средства на судот

Формат: (210 x 297 мм)

---

Потврда на работникот за остварување
надоместок за изгубена заработувачка

_________________________ суд во _________________ Ознака на списот
_________________________

ПОТВРДА

Се потврдува дека ________ работникот ___________ на ден: ______ 20 ______ година бил во овој суд по покана како ________ и дека на таа должност се задржал од ______ до _____ часот.

Оваа потврда се издава за остварување надоместок поради отсуство од работа по покана од судот, а врз основа на одредбите_______________________________________________________________________________
________________________________________________________________.

Барањето за рефундација на исплатениот износ за надоместок со точно означување на сумата и сите придонеси и со ознака на сметката на правното лице, се поднесува до овој суд најдоцна во рок од 15 дена од денот на извршената исплата.

Заедно во евиденција на издадени
потврди под бр. _______________

Претседател на советот-судија,
__________________________

Образец СД бр. 19 (член 101 стаав 1 од СД) - Потврда на работникот за остварување надоместок за изгубена заработувачка

---

_________________________ суд во _______________
совет - судија поединец _______________________

К.бр. ________/______
Км.бр. _______/_____
Ки.бр. _______/______

ОБВИВКА НА СПИСОТ

По кривичниот предмет против _________________________________________________________
_______________________________________________________________________
за кривично дело од член _______ КЗ на РМ

а/а ______________________
Рок на чување ____________
К.бр. ____________________
Км.бр. ___________________
Ки.бр. ___________________

| Претреси | Рокови |
|---|---|
| | |
| | |
| | |
| | |

Образец СД бр. 21 (член 122 став 1 од СД) - Обвивка на списот во кривичната постапка

формат: (500 x 320 мм)

_________________ суд во _____________________ П.бр. ____________/_______
Совет - судија поединец _______________________

Обвивка на список

По предмет на спорот ___________________________
Против ________________________________________
Поради ________________________________________

а/а ______________________
Рок на чување ____________
П.бр. ____________________

| Рочиште | Рокови |
|---|---|
| | |
| | |
| | |
| | |

Образец СД бр. 22 (член 122 став 1 од СД) - Обвивка на списот за парнични предмети

Формат: (500 x 320 мм)

---

________________ суд во ____________________ ТС.бр. ____________/______

Совет - судија поединец ______________________

Обвивка на списот

По предмет на спорот __________________________

Против ____________________________________

Поради ____________________________________

а/а ____________________

Рок на чување __________

ТС.бр. ____________________

| Рочиште | Рокови |
|---|---|
| | |
| | |
| | |
| | |

Образец СД бр. 22 (член 122 став 1 од СД) - Обвивка на списот за трговски спорови

Формат: (500 x 320 мм)

---

____________________________ суд во ____________________

____________________________________ суд во ______________ ПРК..бр. ________/______

Совет ______________________ ИПРК.бр. _______/______

ОБВИВКА НА СПИСОТ

По предмет за прекршок

против _______________________________________________

_______________________________________________________

За прекршок според член ____________________________________________

_______________________________________________________

а/а ____________________

Рок на чување __________

ПРК.бр. ____________________

ИПРК.бр. ____________________

| Претреси | Рокови |
|---|---|
| | |
| | |
| | |
| | |

Образец СД бр. 24 (член 122 став 1 од СД) - Обвивка на списот во постапка за прекршок

Формат: (500 x 320 мм)

---

ОБВИВКА НА СПИСИТЕ

____________________________________

____________________________________

а/а ________________________

Рок на чување ______________

__________ број __________

| Рочиште | Рокови |
|---|---|
| | |
| | |
| | |
| | |

Образец СД бр. 25 (член 122 став 3 од СД) - Обвивка на списите - општа обвивка - со попис на списите

Формат: (член 500 x 320 мм)

---

__________Суд
У.бр.___________Датум_______

ОБВИВКА НА СПИСОТ

Совет_____________
бр.________Датум_______

за предмети во управно судска постапка УСПИ

(управен спор)

УИ

бр.__________Датум_______

УРП

бр.__________Датум______

Тужител _______________________
Тужен _________________________
Правен основ ___________________
_______________________

Седница на совет на ден

Тужба отфрлена на ден ______________________
| Реден број | Ден на приемот | Орган кој го поднел | Податоци за физичкото лице или одговорното лице во правното лице | Опис на кривичното дело | Причина за неможноста да се соберат , податоците и доказите од друг орган | Видот на комуникацијата чие следење се бара | Видот на можни тех.средства и можни локации |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | | | | |

| Начин и обем на спроведување на комуникацијата | Времето за кое се бара следење на комуникациите | Дали се бара влегување во дом или други простории или превозни средства | Време кога е издадена нардба од истражен судија | Приговор од Ј.О. | Одлука на КС-совет | Усмена наредба од И.С. | Доставено писмено барање од кого | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | |
| | | | | | | | | |

Образец СД бр .62 (член 226 од СД) - Уписник за овластено следење на комуникации "УОСК"

Уписник за заверување "ЗАВ"

| Реден број | Датум на заверувањето | Име и презиме, занимање на лицата кои пристапиле во судот за заверување на договорот и потпис (ракознак) на тие лица) | Договор за доживотна издршка | Договор за отстапување на имот | Идентичноста при заверката е утврдена: | | | Дали е наплатена такса за заверка или некоја друга такса и колку | Потпис на судијата кој ја одобрил заверката | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Лично од работникот кој ја врши заверката | Со сведоци: име и презиме, занимање, број на лична карта и потпис | Врз основа на лична карта (број и органот кој ја издал) или полномошно | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |

Образец СД бр. 74 (член 227 од СД) - Уписник за заверување "ЗАВ"

Попис на исправи "ПИ"

| Реден број | Датум на приемот | Име, презиме, живеалиште, односно престојувалиште на лицето кое ја приложило исправата на чување (број на лична карта и орган кој ја издал) | Примени исправи | | Исправата предадена | | | | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | вид и предмет | датум на составување | на ден | на кого (име, презиме, живеалиште, односно престојувалиште) | потпис на примателот и број на личната карта и орган што ја издал | број на предметот на кој се однесува исправата | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| | | | | | | | | | |

Образец СД бр. 119 (член 230 од СД) - Попис на исправи "ПИ"

Евиденција за издадени дозволи за преземање на извршни дејствија во станот на дожлникот "ИДС"

| Реден број | Датум на прием | Од кој извршител е барањето и број на извршниот предмет | Доверител | Должник | Адреса на станот во кој треба да се преземат извршни дејствија | Датум на издавање на дозвола | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | | | | |

Образец СД бр. 163 (член 230 од СД) – Евиденција за издадени дозволи за преземање на извршни дејствија во станот на дожлникот "ИДС"

## За судска управа

Уписник за судска управа "СУ" доверлив и строго доверлив уписник на судската управа "СУ-ДОВ" и "СУ-СТР-ДОВ"

| Реден број | Датум на примател от | Испраќач | | Предмет | Решение | | ЗАБЕЛЕ-ШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Име и презиме, односно назив, и адреса | Број и датум | | Датум | Содржина на решение-то | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | | | | |

Образец СД бр. 81 (член 226 ид СД) - Уписник за судска управа "СУ" доверлив и строго доверлив уписник за судската управа "СУ-ДОВ" и "СУ-СТР-ДОВ"

Уписник за претставки и полаки "УПП"

| Реден број | Датум на приемот | Име, презиме, адреса, односно назив, и адреса на подносителот | Кратка содржина | Начин на решавање | Датум на известу-вање на подноси-телот за преземе-ното | Датум на известу-вањето за резулта-тите од преземе-ните мерки | ЗАБЕЛЕ-ШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | | | | |

Образец СД бр. 82 (член 226 од СД) - Уписник за претставки и поплаки "УПП"

## ПОМОШНИ КНИГИ

### Евиденција - календар за повиканите судии - поротници

| Повикан за датум и час | Име и презиме на судијата - поротник | Доделен на советот | Недоаѓање | |
|---|---|---|---|---|
| | | | оправдано | неоправдано |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

Образец СД бр. 5 (член 25 став 2 од СД) - Евиденција - календар за повиканите судии - поротници

### ДНЕВНИК ЗА СЛУЖБЕНИ ИЗЛЕГУВАЊА

| Реден број | Име и презиме на лице кое патува | Звање | Работен број на решението, односно налогот | Датум | | Број на часови поминати на пат | Опис на патувањето (предмет на патувањето и видот на службената работа, цел на патувањето и одда-леченост од седиштето на судот) | Работен број и датумот на патната сметка | Износ на сметката која треба да се исплати | | Број на дневникот за извршената исплата | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | поаѓање | враќање | | | | основ | денари | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| | | | | | | | | | | | | |

Образец СД бр. 11 (член 70 став 2 од СД) - Дневник за службени излегувања

## Евиденција за издадени потврди на работниците поради отсуство од работа по покана на судот

| Реден број | Датум на издадената потврда | Ознака на списот | Име и презиме на работникот | Должност што ја вршел во судот ден ________ од ________ до ________ часот | Назив и седиште на правното лице и др. | Потпис и број на лична карта на примателот на потврДатум | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | | | | |

Образец СД бр. 20 (член 102 од СД) - Евиденција за издадените потврди на работниците поради отсуство од работа по покана од судот

## ДОСТАВНА КНИГА ЗА ПОШТА

| Реден број | Датум на испраќање | Ознака на списот | Примател | | Тежина во грамови | Поштарина | Број на препораката |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Име и презиме односно назив | Место | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | | | | |

Образец СД бр. 33 (член 175 став 1 од СД) - Доставна книга за пошта

## ДОСТАВНА КНИГА ЗА МЕСТО

| Реден број | Датум на уписот | Ознака на списот | Примател | | Датум | Потпис |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Име и презиме односно назив | адреса | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | | | |

Образец СД бр. 34 (член 178 став 1 од СД) - Книга за место

## КОНТРОЛНИК ЗА ПОШТАРИНА

| Датум | Опис | Вредност | | | Заверува |
|---|---|---|---|---|---|
| | | примено | потрошено | состојба | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | | |

Образец СД бр. 36 (член 180 став 3 од СД) - Контролник за поштарина

Контролник за наплатените парични казни, трошоци на кривична постапка и конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети

| Реден број | Реден број на контролникот од минатата година | Датум на уписот | Име и презиме, живеалиштеше, односно престојувалиште на лицето кое е задолжено за плаќање (назив и седиште на правното лице) | Број на предметот | Налог за плаќање | | Реден број на дневникот и датум на исплатата | Парична казна | | | | | Трошоци на кривичната постапка | | | | Паушал | | | | Конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети | | | | Извршувањето спроведено на ден под број | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Врачен на ден | Ден на правосилноста | | Целосен износ, односно наплатен остаток од минатата година | Уплатена во целост или делумно | Заменета со казна затвор | Неисплатен остаток на крајот од годината | Сторнирана – застарена помилувана, амнестирана, смрт и друго | Целосен износ, односно остаток од минатата година | Уплатено во целост или делумно | Подоцнежно утврдување | Наплатен остаток на крајот од годианта | Целосен износ, односно наплатена износ од минатата година | Уплатено во целост или делумно | Подоцнежно утврдување на неплатен износ | Неплатен остаток од крајот од годината | Целосен исноc, односно наплатен износ од минатата година | Целосно уплатен износ | Подоцнежно утврдување на неплатениот износ | Наплатен остаток на крајот од годината | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Образец СД бр. 113 (член 245 ст.2 од СД) Контролник за наплатените парични казни, трошоци на кривична постапка и конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети

Контролник на трошоци на постапката во која странката била ослободена од обвинение

| Редн број | Датум на уписот | Предмет | Име и презиме и жиеалиште, односно престојувалиштен а странката за плаќање на трошоци | Број на предметот | Износ кој бил исплатен на товар од стредствата на судот _____ ден. | Износ кој странката мора да го плати по наредба на судијата | Поканата за плаќање врачена на странката | Датум на спроведеното извршување и број на предметот | Датум на наплата | Наплатен износ _____ денари | Отпишан износ _____ _ денари | Број на дневникот | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| | | | | | | | | | | | | | |

Образец СД бр, 114 (член 230 од СД) - Контролник на трошоците на постапкта во која странката била ослободена од обвинение

## Список на издадени потврди за кредитиран превоз

| Реден број | Датум на издавањето | Име, презиме и живеалиште, односно престојувалиште на корисникот | Број на предметот | Ревизија | | Превозно средство | Датум на јавувањето, односно враќањето | Трошоци утврдени по пописот на трошоците по реднн број | Потврдатум не е искористена | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Од | До | | | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |

Образец СД бр. 115 (член 230 од СД) - Список на издадени потврди за кредитиран превоз

Список на пописот (картон)
Должник ______________________________

______________________________
(престојувалиште, односно живеалиште, занимање, улица и број)

______________________________
(слово на картотеката)

| Број на предметот | Име и презиме на доверителот на извршувањето | Побарување во денари | Ден на спроведениот попис | Датум на престанување на заложното право | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |

Образец СД бр.118 (член 230 од СД) - Список од пописот (картон)

Контролник за лица приведени кај истражниот судија

| Редден број | Датум на приемот на приведеното лице | | | | Број на предметот | Судија | Презиме (татково име, име и живеалиште, односно престојувалиште на приведеното лице) | Датум на лишување од слобода на приведеното лице | | | | Кој го спровел лицето | Назив и член од КЗ | Законски основ за определување на притворот | Приведениот пуштен на слобода | | | | На кого и кога е доставен предметот | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ден | Месец | Година | час | | | | Ден | Месец | Година | час | | | | Ден | Месец | Година | час | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 |

Образец СД бр. 122 (лен 230 од СД) - Контролник за лица приведени кај истражниот судија

Книга за вршење надзор во КПУ и надзор на извршување на мерката притвор

| Реден број | Датум на надзорот | Орган што извршил надзор | Кратка содржина на утврдената состојба со предлог-мерки | Попис на лицето што ја извршило надзорот | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | | |

Образец СД бр. 124 (член 230 од СД) - Книга за вршење надзор во КПУ и надзор за извршување на мерката притвор

Евиденција за вршење судски надзор во извршувањето на санкциите

| Датум на посетата, односно надзорот на КПУ | Посета на осудените лица во КПУ ја извршил судијата за извршување на санкции од кој суд (име и презиме) | Назив на КПУ во која е извршен надзорот | Кратка содржина на најдената и утврдена состојба | Преземени мерки за отстранување на недостатоците согледани при посетата, односно надзорот на КПУ | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | | |

Образец СД Бр. 127 (член 230 од СД) - Евиденција за вршење судски надзор во извршувањето на санкциите

Дневник за приходи од паричните казни, трошоците на постапката и пленетата имотна корист

| Реден број | Датум на упла-ата | Име и презиме, односно назив на уплатувачот | Број на предмети | Страна и број од Контро-лникот | Уплатено денари | | | | | Број на налогот за пренос | Датум кога е издаден на-логот | Поднесена на сметка бр. | Исплатено денари | | | | | СЕ | ВКУПНО | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | паричнa казна | Трошоци на постап-ката | | | Конфискација на имот и имотна корист | | | | парична казна | Трошоци на постап-ката | | | Конфискација на имот и имотна корист | | | |
| | | | | | | Трошоци на по-стапката | паушал | Вонреден приход | | | | | | Трошоци на по-стапката | паушал | вонредни приходи | | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Образец СД бр. 149 (член 246 став 1 од СД) - Дневник за приходи од паричните казни, трошоците на постапката и пленетата имотна корист

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**3334.**

Врз основа на член 14-а став 5 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр. 136/07 и 130/08), министерот за финансии донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ПРОГРАМАТА, НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСПИТОТ, ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОТВРДАТА

Член 1

Со овој правилник се уредува програмата, начинот на спроведување на испитот, висината на надоместокот, како и формата и содржината на потврдата.

Член 2

Пред полагање на испитот, кандидатите посетуваат едукација за јавните набавки (во понатамошниот текст: едукација) согласно со програмата за едукација за јавните набавки (во понатамошниот текст: програма).

Заинтерсираните лица за посета на едукацијата се пријавуваат на веб страната на Бирото со пополнување на пријава во електронска форма.

Програмата од став 1 на овој член е дадена во Прилог 1 кој е составен дел од овој правилник.

Член 3

Програмата се состои од два дела:

- модул за обука на обучувачи за јавни набавки и
- модул за обука на договорни органи и економски оператори.

Модулот за обука на обучувачи трае 80 наставни (училишни) часови, додека модулот за обука на договорните органи и економските оператори трае 42 наставни (училишни) часови.

Модулот за обука на обучувачи е наменет за обука и подготовка на лица кои ќе бидат обучувачи и ќе го спроведуваат модулот за обука на договорните органи и економските оператори.

Модулот за обука на договорните органи и економските оператори е наменет за обука на сите заинтересирани лица кои работат на јавните набавки.

Член 4

По завршување на едукацијата, кандидатите полагаат испит кој го спроведува комисија формирана од директорот на Бирото.

Право да полага испит има кандидатот кој посетувал повеќе од 80% од часовите за соодветниот модул предвиден во член 3 став 2 од овој правилник.

Член 5

Комисијата писмено ги известува кандидатите за датумот и времето на одржување на испитот.

Испитот се полага писмено.

Пред почетокот на полагање на испитот, комисијата го утврдува идентитетот на кандидатите кои полагаат.

Член 6

Комисијата води записник за спроведување на испитот кој особено содржи:

- податоци за лицата кои го полагаат испитот (име и презиме, датум и место на раѓање),
- датум на спроведување на испитот,
- извештај од оценување на тестовите со бројот на освоени бодови,
- имиња и презимиња, како и потписи на членовите и претседателот на комисијата која го спровела испитот.

Кандидатите кои ќе остварат најмалку 70% од вкупниот број на бодови ќе се смета дека го положиле испитот.

Кандидатот кој ќе полага испит, а ќе покаже недоволно знаење се упатува на поправен испит.

Поправен испит може да се полага најрано во рок од 30 дена, а најдоцна во рок од три месеци од денот на полагање на испитот.

Кандидатот кој во утврдениот рок не се појави на испит, односно поправен испит или на поправниот испит не покаже задоволителни резултати, се смета дека не го положил испитот.

Член 7

Висината на надоместокот за посета на модулот за обука на обучувачи изнесува 250 евра во денарска противвредност, додека за посета на модулот за обука на договорните органи и економските оператори изнесува 150 евра во денарска противвредност.

Член 8

Формата и содржината на образецот на потврдата за положен испит е дадена во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-42535/1
15 декември 2009 година
Скопје

Заменик претседател на Влада
на Република Македонија
и министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

ПРИЛОГ 1

# ПРОГРАМА ЗА ЕДУКАЦИЈА ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

## МОДУЛ ЗА ОБУКА НА ОБУЧУВАЧИ

**I: Управно право – 6 часа**

Дел 1: Организација на управата во Република Македонија
Дел 2: Јавни служби
Дел 3: Првостепена управна постапка
Дел 4: Второстепена жалбена постапка
Дел 5: Судска заштита

**II: Облигационо право – 8 часа**

Дел 1: Настанување на обврските
Дел 2: Форма на договорот
Дел 3: Толкување на договорот
Дел 4: Двострани договори
Дел 5: Општи дејства на договорот
Дел 6: Видови на договори

**III: Вовед во јавните набавки – основни принципи, правна и институционална рамка – 10 часа**

Дел 1: Јавни набавки: Вовед, историски контекст

- Историски контекст и развој на јавните набавки
- Развој на правото на ЕУ за јавни набавки
- Меѓународни регулативи за јавни набавки (Светска банка, ЕБОР, СТО)
- Историски контекст на националните прописи за јавни набавки

Дел 2: Основни принципи на јавните набавки

- Транспарентност
- Еднаков третман и недискриминација
- Конкуренција меѓу економските оператори
- Рационално и ефикасно искористување на средствата

Дел 3: Правна рамка

- Правна рамка за јавни набавки на ЕУ
  - Договори за основање на ЕУ – релевантни одредби
  - Директиви на ЕУ за јавни набавки
  - Пресуди на Европскиот суд на правдата
- Правна рамка за јавни набавки во Република Македонија
- Закон за јавните набавки
- Подзаконски акти за јавни набавки
- Други релевантни закони.

Дел 4: Институционална рамка

- Биро за јавни набавки
- Државна комисија за жалби по јавни набавки
- Државен завод за ревизија
- Државна комисија за спречување на корупцијата
- Државна комисија за заштита на конкуренцијата
- Секретаријат за европски прашања
- Договорни органи – организациска поставеност

**IV: Закон за јавните набавки – опфат на неговата примена – 10 часа**

Дел 1: Општ преглед на Законот за јавните набавки и подзаконските акти
Дел 2: Договорни органи – класичен јавен сектор:

- државни органи и органи на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје
- Правни лица основани за специфична намена за задоволување на потребите од јавен интерес

Дел 3: Договорни органи во секторите водоснабдување, енергетика, транспорт, поштенски услуги и други опфатени дејности

Дел 4: Договори за јавни набавки и опфат на договорите
- Стоки
- Услуги
- Работи
- Мешани договори

Дел 5: Исклучоци од примена на Законот за јавните набавки
- Општи исклучоци од примена
- Посебни исклучоци од примена

Дел 6: Општи правила на постапката
- Проценување на вредноста на договорот за јавна набавка
- Одлука за јавна набавка
- Право на учество
- Начини на комуникација
- Етички кодекс на службениците задолжени за спроведување на јавните набавки

**V: Активности пред спроведување на постапката за доделување на договор за јавна набвка – 10 часа**

Дел 1: Постапки за доделување на договори за јавни набавки (основни карактеристики)
- Отворена постапка
- Ограничена постапка
- Постапка со преговарање со претходно објавување на оглас
- Постапка со преговарање без претходно објавување на оглас
- Конкурентен дијалог
- Постапки со барање за прибирање на понуди
- Конкурс за избор на идејно решение

Дел 2: Избор на најсоодветна постапка за доделување на договор за јавна набавка

Дел 3: Планирање на јавните набавки
- Главни актери во процесот на јавни набавки
- Претходни активности
- Дефинирање на потребите
- Истражување на пазарот
- Одредување на деливост или неделивост на договорот
- План за јавни набавки
- Претходно индикативно известување

Дел 4: Рамковни спогодби и електронски аукции како посебни начини за доделување на договорите за јавни набавки
- Рамковни спогодби
- Електронски аукции

Дел 5: „Еколошки" набавки
- Технички спецификации – користење на еко ознаки
- Избор на економски оператори кои со своите активности не ја загрозуваат животната средина
- Еколошки аспекти на критериумите за доделување на договорот за јавни набавки
- Еколошки услови за реализација на договорите

**VI: Спроведување на постапката за доделување на договор за јавна набавка – 10 часа**

Дел 1: Подготовка на тендерските документи
- Дефинирање и видови на технички спецификации
- Користење на стандарди
- Формални и функционални карактеристики
- Спефикации на стоки
- Спецификации на услуги
- Опис на работи
- Доставување и појаснување на тендерските документи

Дел 2: Објавување на огласи и известувања
- Претходно индикативно известување
- Оглас за доделување на договор за јавна набавка
- Известување за склучен договор
- Користење на Општиот поимник за јавни набавки
- Веб информациски систем за јавни набавки на БЈН и TED

Дел 3: Утврдување на способност на економските оператори
- Процесот на утврдување на способност
- Критериуми за утврдување на способност
- Потребни документи за утврдување на способноста

Дел 4: Утврдување на критериумот за доделување на договорот за јавна набавка

Дел 5: Евалуација на понудите и доделување на договорот
- Евалуација на понудите
- Доделување на договорот
- Период на мирување
- Невообичаено ниски цени
- Можности за преговори

Дел 6: Обврски за известување на учесниците во постапката

**VII: Електронски јавни набавки и електронски аукции – 10 часа**

Дел 1: Електронски јавни набавки во ЕУ

Дел 2: Електронски јавни набавки во Република Македонија
- Законски претпоставки
- Електронски систем за јавни набавки
- Спроведување на постапката по електронски пат
- Досегашни искуства

Дел 3: Електронски аукции
- Законски претпоставки и тек на постапката
- Досегашни искуства

**VIII: Систем на правна заштита, водење на жалбената постапка и контрола – 10 часа**

Дел 1: Систем на правна заштита во јавните набавки во ЕУ
- Релевантни директиви за правна заштита
- Пресуди на Европскиот суд на правдата

Дел 2: Државна комисија за жалби по јавни набавки
- Состав и формирање
- Надлежности
- Начин на работење и одлучување

Дел 3: Жалбата како правен лек
- Право на жалба
- Начин на изјавување на жалбата

- Дејство на жалбата
- Трошоци на постапката

Дел 4: Улогата на Државниот завод за ревизија и внатрешните ревизори во контрола на законитоста на постапката

**IX: Презентерски вештини – 6 часа**

**МОДУЛ ЗА ОБУКА НА ДОГОВОРНИТЕ ОРГАНИ И ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ**

**I: Вовед во јавните набавки – основни принципи, правна и институционална рамка – 7 часа**

Дел 1: Јавни набавки: Вовед, историски контекст
- Меѓународни регулативи за јавни набавки (Светска банка, ЕБОР, СТО, Обединети нации)
- Историски контекст на националните прописи за јавни набавки

Дел 2: Основни принципи на јавните набавки
- Транспарентност
- Еднаков третман и недискриминација
- Конкуренција меѓу економските оператори
- Рационално и ефикасно искористување на средствата

Дел 3: Правна рамка
- Правна рамка за јавни набавки на ЕУ
- Правна рамка за јавни набавки во Република Македонија
- Закон за јавните набавки
- Подзаконски акти за јавни набавки
- Други релевантни закони

Дел 4: Институционална рамка
- Биро за јавни набавки
- Државна комисија за жалби по јавни набавки
- Државен завод за ревизија
- Државна комисија за спречување на корупцијата
- Државна комисија за заштита на конкуренцијата
- Секретаријат за европски прашања
- Договорни органи – организациска поставеност

**II: Закон за јавните набавки – опфат на неговата примена – 7 часа**

Дел 1: Договорни органи од класичниот јавен сектор и од секторските дејности:

Дел 2: Договори за јавни набавки и опфат на договорите

Дел 3: Исклучоци од примена на Законот за јавните набавки
- Општи исклучоци од примена
- Посебни исклучоци од примена

Дел 4: Општи правила на постапката
- Проценување на вредноста на договорот за јавна набавка
- Одлука за јавна набавка
- Право на учество
- Начини на комуникација
- Етички кодекс на службениците задолжени за спроведување на јавните набавки

**III: Активности пред спроведување на постапката за доделување на договор за јавна набвка – 7 часа**

Дел 1: Идентификување на постапката за доделување на договори за јавни набавки
- Отворена постапка
- Ограничена постапка
- Постапка со преговарање со претходно објавување на оглас
- Постапка со преговарање без претходно објавување на оглас
- Конкурентен дијалог
- Постапки со барање за прибирање на понуди
- Конкурс за избор на идејно решение

Дел 2: Планирање на јавните набавки
- Главни актери во процесот на јавни набавки
- Претходни активности
- Дефинирање на потребите
- Истражување на пазарот
- Одредување на деливост или неделивост на договорот
- План за јавни набавки
- Претходно индикативно известување

Дел 3: Рамковни спогодби и електронски аукции како посебни начини за доделување на договорите за јавни набавки
- Рамковни спогодби
- Електронски аукции

**IV: Спроведување на постапката за доделување на договор за јавна набавка – 7 часа**

Дел 1: Подготовка на тендерските документи
- Дефинирање и видови на технички спецификации
- Користење на стандарди
- Формални и функционални карактеристики
- Спефикации на стоки
- Спецификации на услуги
- Опис на работи
- Доставување и појаснување на тендерските документи

Дел 2: Објавување на огласи и известувања
- Претходно индикативно известување
- Оглас за доделување на договор за јавна набавка
- Известување за склучен договор
- Користење на Општиот поимник за јавни набавки

Дел 3: Утврдување на способност на економските оператори
- Процесот на утврдување на способност
- Критериуми за утврдување на способност
- Потребни документи за утврдување на способноста

Дел 4: Утврдување на критериумот за доделување на договорот за јавна набавка

Дел 5: Евалуација на понудите и доделување на договорот
- Евалуација на понудите
- Доделување на договорот
- Период на мирување
- Невообичаено ниски цени

Дел 6: Обврски за известување на учесниците во постапката

**V: Електронски јавни набавки и електронски аукции – 7 часа**

Дел 1: Електронски јавни набавки во Република Македонија
- Законски претпоставки
- Електронски систем за јавни набавки
- Спроведување на постапката по електронски пат

- Досегашни искуства

Дел 2: Електронски аукции

- Законски претпоставки и тек на постапката
- Досегашни искуства

**VI: Систем на правна заштита, водење на жалбената постапка и контрола – 7 часа**

Дел 1: Систем на правна заштита во јавните набавки во ЕУ

- Релевантни директиви за правна заштита
- Пресуди на Европскиот суд на правдата

Дел 2: Државна комисија за жалби по јавни набавки

- Состав и формирање
- Надлежности
- Начин на работење и одлучување

Дел 3: Жалбата како правен лек

- Право на жалба
- Начин на изјавување на жалбата
- Дејство на жалбата
- Трошоци на постапката

Дел 4: Улогата на Државниот завод за ревизија и внатрешните ревизори во контрола на законитоста на постапката

ПРИЛОГ 2

Министерство за финансии
Биро за јавни набавки

Врз основа на член 14-а став 4 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр.136/07 и 130/08), Бирото за јавни набавки издава

# П О Т В Р Д А
## за положен испит

Се потврдува дека __________________________________, роден/а на ____________ во ___________ успешно го положи испитотот за утврдување на стекнатите знаења од модулот за обука на обучувачи / модулот за обука на договорни органи и економски оператори согласно со програмата за едукација за јавните набавки на _________________ година.

Број ____________________
Скопје, _________________

Директор,
________________________

**3335.**

Врз основа на член 41 став 5 од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија” број 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 8/01, 21/03,19/04, 33/06, 45/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09 и 133/09) министерот за финансии донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ДАНОЧНАТА ПРИЈАВА НА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на даночната пријава на данокот на додадена вредност.

Член 2

Даночната пријава на данокот на додадена вредност се поднесува на образецот „ДДВ-04” кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на даночната пријава на данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија” број 29/03).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 20-42756/2
22 декември 2009 година
Скопје

Заменик претседател на Влада
и министер за финансии,
м-р З**оран Ставрески,** с.р.

# ДДВ-04

Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

## ДАНОЧНА ПРИЈАВА
## на данокот на додадена вредност

| | | | |
|---|---|---|---|
| Даночен број за ДДВ | | Датум и број на прием | |
| Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт | | Даночен период | |
| | | Рок за поднесување | |
| Телефон | | Исправка на ДДВ пријава | ☐ |
| е-пошта | | | |

## Промет на добра и услуги

| | Даночна основа без ДДВ | | ДДВ |
|---|---|---|---|
| Оданочив промет по општа даночна стапка | 1 | | 2 |
| Оданочив промет по повластена даночна стапка | 3 | | 4 |
| Промет ослободен од данок со право на одбивка на претходен данок | 5 | | |
| Промет ослободен од данок без право на одбивка на претходен данок | 6 | | |
| Вкупно (1+3+5+6) | 7 | Вкупен ДДВ (2+4) | 8 |

## Влезни исполнувања со право на одбивка

| | | | |
|---|---|---|---|
| Влезен промет | 9 | | 10 |
| Увоз | 11 | | 12 |
| Претходни даноци за одбивање (10+12) | | | 13 |
| Останати даноци, претходни даноци и износи за одбивање | | | 14 |
| ДАНОЧЕН ДОЛГ/ПОБАРУВАЊЕ | *Ако барате враќање на данокот, внесете "x" пред полето 15 | ☐ | 15 |

## Прилози

☐ Број на периодични финансиски извештаи од одобрените фискални системи на опрема за регистрирање на готовински плаќања

☐ Број на периодични извештаи од банкарски сметки преку кои се остварува работењето

## Податоци за подносителот и составувачот на пријавата

Изјавувам под полна материјална и кривична одговорност дека наведените податоци се точни и вистинити

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потписник | *име и презиме (со печатни букви)* | Својство | *директор/сопственик/партнер/овластено лице* |
| Потпис | | Датум на поднесување | д д м м г г г г |

| Податоци за составувачот: ** адреса на живеење/седиште* | | Податоци за одговорното лице: ** адреса на живеење/седиште* | |
|---|---|---|---|
| Назив/Име и презиме | | Име и презиме | |
| ЕДБ/ЕМБГ | | ЕМБГ | |
| улица | број | улица | број |
| телефон | моб.тел | телефон | моб.тел |

**Податоци за обработка**
** Пополнува УЈП*

# ДДВ-04

## ОПШТИ НАПОМЕНИ

Следните препораки и “Упатството за пополнување на даночната пријава на данокот на додадена вредност ДДВ-100” треба да Ви го олеснат пополнувањето на ДДВ-пријавите. Овие упатства можат да дадат одговор само на одредени начелни прашања.

Пополнувајте ги читливо и целосно само белите полиња. Податоците се искажуваат во полни износи во денари.

Доколку внесувате негативни износи, истите ставете ги со предзнакот “-”.

Доколку не пријавувате износи во полињата 1 до 14, истите оставете ги празни. Во тој случај исклучиво во полето 15 впишете “0”.

Побарувањата на ДДВ искажани во ДДВ-пријавите, начелно се пренесуваат на идниот даночен период. Доколку сакате исплата, Ве молиме во полето пред поле 15 да ставите знак “x”.

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

### Исправка на ДДВ-пријава

Доколку даночниот обврзник утврди дека пријавил неточно или нецелосно промети, даноци или претходни даноци во одредена даночна пријава за соодветниот даночен период должен е да изврши исправка на даночната пријава преку поднесување на нова исправена даночна пријава за тој даночен период и тоа најдоцна до рокот за доставување на годишната сметка. Исправката не се врши преку искажување на разликите во износите, туку преку искажување на целосните износи. Во тој случај, Ве молиме да го означите полето “Исправка на ДДВ пријава” со внесување на знакот “x” и да го наведете даночниот период на кој се однесува исправката.

Доколку се работи за повеќе или помалку пријавен данок во дадениот даночен период, кој е помал од 1% од пријавениот данок, даночниот обврзник е должен да изврши исправка на неточната или нецелосната даночна пријава во последната даночна пријава од календарската година на која се однесува грешката.

### Содржина на полињата за пополнување

| | |
|---|---|
| **Поле 1** | Износ на вкупниот оданочив промет на добра и услуги (без ДДВ) што се оданочува по општа даночна стапка. |
| **Поле 2** | Износ на ДДВ кој отпаѓа на оданочивиот промет на добра и услуги по општа даночна стапка. |
| **Поле 3** | Износ на вкупниот оданочив промет на добра и услуги (без ДДВ) што се оданочува по повластена даночна стапка. |
| **Поле 4** | Износ на ДДВ кој отпаѓа на оданочивиот промет на добра и услуги по повластена даночна стапка. |
| **Поле 5** | Износ на прометот ослободен од данок со право на одбивка на претходниот данок. |
| **Поле 6** | Износ на прометот ослободен од данок без право на одбивка на претходниот данок. |
| **Поле 7** | Вкупен збир на полињата 1, 3, 5 и 6. |
| **Поле 8** | Вкупен збир на полињата 2 и 4. |
| **Поле 9** | Износ на сите влезни промети со право на одбивка на претходниот данок, без ДДВ и без увозот (тој се искажува посебно во поле 11). |
| **Поле 10** | Износ на претходен данок за одбивка. |
| **Поле 11** | Износ на извршениот увоз со право на одбивка на претходниот данок (без ДДВ). |
| **Поле 12** | Износ на платениот ДДВ при увоз кој може да се одбие како претходен данок. |
| **Поле 13** | Збир на полињата 10 и 12. |
| **Поле 14** | Даночни износи кои се **должат** според членовите 31 став 2, 32 точка 4 и 55 став 1 и 2, даночни износи кои се **побаруваат** според членот 33 став 2 точка 2 и претходни даноци според член 37 кои се **одбиваат** или **плаќаат**, како и даночни износи кои се **должат** или **побаруваат** заради промена на даночната стапка или поништување на договор. За секој од наведените износи, Ве молиме да дадете писмено објаснување во прилог. |
| **Поле 15** | Севкупен износ на долгуван или на побаруван ДДВ (резултат од полињата (8 - 13) и 14). |

### Прилози

- Наведете го бројот на приложените периодични финансиски извештаи од одобрените фискални системи на опрема. Доколку не сте обврзани за воведување и користење на одобрен фискален систем на опрема според закон, во полето внесете "0"
- Наведете го бројот на приложени периодични извештаи од банкарски сметки

### Податоци за подносителот и составувачот на пријавата

Задолжително пополнете ги податоците за потписник и неговото својство, податоците за составувачот и за одговорното лице.
Ве молиме не заборавајте своерачно да ја потпишете оваа пријава. Потпишувањето на ДДВ пријавите може да го изврши и лице ополномоштено од Вас.
**Давањето на лажна изјава се казнува според Законот.**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**3336.**

Врз основа на член 6 став (6) од Законот за нус производи од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија" број 113/2007), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА НАЧИНОТ НА СОБИРАЊЕ И НЕШТЕТНО ОТСТРАНУВАЊЕ НА НУС ПРОИЗВОДИТЕ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО И ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИТЕ УСЛОВИ КОИ ВО ПОГЛЕД НА ОБЈЕКТОТ, ОПРЕМАТА И КАДАРОТ ТРЕБА ДА ГО ИСПОЛНУВААТ ПРАВНИТЕ ЛИЦА КОИ ВРШАТ СОБИРАЊЕ И НЕШТЕТНО ОТСТРАНУВАЊЕ НА НУС ПРОИЗВОДИТЕ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО КАКО И ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИТЕ УСЛОВИ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ПРЕВОЗНИТЕ СРЕДСТВА ЗА ПРЕВОЗ НА НУС ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

Член 1
**Предмет**

Со овој правилник се пропишува начинот на собирање и нештетно отстранување на нус производите од животинско потекло и техничко-технолошките услови кои во поглед на објектот, опремата и кадарот треба да го исполнуваат правните лица кои вршат собирање и нештетно отстранување на нус производите од животинско потекло како и техничко-технолошките услови што треба да ги исполнуваат превозните средства за превоз на нус производи од животинско потекло.

Член 2
**Начин на собирање и нештетно отстранување на Категорија 1 Материјали**

(1) Категорија 1 Материјали се собираат, транспортираат и идентификуваат без непотребно одлагање во согласност со овој правилник, доколку согласно Законот за нус производи од животинско потекло не е дозволен исклучок.

(2) Категорија 1 Материјали нештетно се отстрануваат на следниот начин:

1) директно се отстрануваат како отпад со горење во инсталации за горење одобрени од Управата за ветеринарство согласно член 3 од Законот за нус производи од животинско потекло;

2) се преработуваат во преработувачки објекти кои се одобрени од Управата за ветеринарство, со соодветни методи за преработка на нус производи од животинско потекло од 1 до 5, и доколку е наложено од Управата за ветеринарство – Официјалниот ветеринар со метод на преработка 1, во кој случај преработениот материјал трајно се обележува, каде е технички возможно, со мирис, во согласност со процедурите пропишани со овој правилник, а потоа, конечно се отстранува како отпад со горење, или со согорување во одобрени од Управата за ветеринарство инсталации за горење или согорување,.

3) материјалите од животни за кои постои сомнение дека се заразени од трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии (TSE), во согласност со прописите за здравствена заштита на животните, или кај кои присуството на TSE е официјално потврдено и од животни убиени како мерка за искоренување на TSE, се преработуваат во преработувачки објект одобрен од Управата за ветеринарство, каде се користи методот за преработка 1, или, доколку Управата за ветеринарство – Официјалниот ветеринар побара, во тој случај преработениот материјал трајно се обележува, доколку е технички возможно, со мирис, а потоа, конечно се отстранува како отпад кој се закопува во одобрена депонија во согласнот со Програмата за сузбивање и искоренување на трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии (ТСЕ)

4) Категорија 3 помии може да се отстранат како отпад со закопување во депонија одобрена од надлежен орган согласно прописите за животна средина.

(3) Привремената манипулација или складирање на материјалите од категоријата 1 се врши само во интермедијарни објекти од Категорија 1 Материјали, одобрени од Управата за ветеринарство согласно член 14, став 5 од Законот за нус производи од животинско потекло.

Член 3
**Начин на собирање и нештетно отстранување на Категорија 2 Материјали**

(1) Категорија 2 Материјали се собираат, транспортираат и идентификуваат без непотребно одлагање, во согласност со овој правилник.

(2) Категорија 2 Материјали нештетно се отстрануваат на следниот начини:

1) директно се отстрануваат како отпад со горење во инсталации за горење одобрени од Управата за ветеринарство;

2) се преработуваат во преработувачки објекти одобрени од Управата за ветеринарство, со користење на било кои од методите за преработка од 1 до 5, или доколку Управата за ветеринарство побара да се користи методот за преработка 1, во тој случај преработениот материјал трајно се обележува, доколку е технички возможно со мирис, при што

а) се отстрануваат како отпад, со горење или со согорување во инсталации за горење и согорување одобрени од Управата за ветеринарство, или

б) во случај на топени масти, кои претрпуваат понатамошна преработка во деривати од маст за употреба како органските фертилајзери или како средства за подобрување на почвата, или за друга техничка употреба, освен за козметички, фармацевтски и медицински препарати, се преработуваат во олеохемиски објекти за Категорија 2 Материјали;

3) се преработуваат во преработувачки објект одобрен од Управата за ветеринарство со користење на методот за преработка 1, при што во тој случај преработениот материјал трајно се обележува, доколку е технички возможно, со мирис и се;

а) трансформираат во објект за производство на биогас, или во објект за производство на компост, одобрени од Управата за ветеринарство, или

б) отстрануваат како отпад со закопување во депонија, одобрена согласно прописите за животна средина;

4) во случај на материјал кој потекнува од риба, силажиран или компостиран, се отстрануваат во согласност со постапка одредена од Управата за ветеринарство.

5) во случај на шталско ѓубре, содржина од дигестивен тракт одвоена од дигестивниот тракт, млеко и колострум, доколку државниот ветеринарен инспектор со записник утврди дека не претставуваат ризик за ширење на сериозна пренослива болест, тие се:

а) употребуваат без преработка, како суровина во објекти за производство на биогас, или во објекти за производство на компост, одобрени од Управата за ветеринарство, или се обработуваат во техничките објекти одобрени од Управата за ветеринарство за таа намена.

б) депонираат во земја, во согласност со Законот за нус производи од животинско потекло и прописите за животна средина, или

в) трансформираат во објект за производство на биогас, или во објект за производство за компост;

6) во случај на цели тела или делови од диви животни, кои не се под сомнение на зараза од болести кои се пренесуваат врз луѓето или животните, кои се употребуваат за правење трофеи од диви животни се преработуваат во технички објекти одобрени од Управата за ветеринарство; или

а) се отстрануваат со други методи, или се користат за други цели, во согласност со правилата утврдени според посебно решение од Управата за ветеринарство а во согласност со Законот за нус производи и прописите од областа на животната средина,

(3) Привременото складирање на Категорија 2 Материјали, освен шталското ѓубриво, се врши само во интермедијарни објекти од Категорија 2, одобрени за таа намена од Управата за ветеринарство.

Член 4

**Начин на собирање и нештетно отстранување на Категорија 3 Материјали**

(1) Категорија 3 Материјали се собираат, транспортираат и идентификуваат без непотребно одлагање, согласно условите дадени во овој правилник.

(2) Категорија 3 Материјали:

1) директно се отстрануваат како отпад со горење во инсталацијата за горење, одобрена од Управата за ветеринарство;

2) се преработуваат во преработувачки објект , со било кој од методите за преработка од 1 до 5, во тој случај преработениот материјал трајно се обележува, кога е технички возможно со мирис, а потоа, се отстранува како отпад во инсталации за горење или согорување, одобрени од Управата за ветеринарство, или во депонии одобрени согласно прописите од животната средина;

3) се преработуваат во преработувачки објект одобрен од Управата за ветеринарство;

4) се трансформираат во технички објекти одобрен од Управата за ветеринарство;

5) се користат како суровина во објект за производство на храна за домашни миленичиња одобрен од Управата за ветеринарство;

6) се трансформираат во објект за производство на биогас или во објект за производство на компост, одобрени од Управата за ветеринарство;

7) во случај на помии кои потекнуваат од меѓународен транспорт, истите се претвораат во објекти за производство на биогас, или во објект за производство на компост, според упатствата кои ги одредува Управата за ветеринарство.

8) во случај на материјал кој потекнува од риба, се силажира или компостира во согласност со посебни правила кои ги одредува Управата за ветеринарство.

9) се отстрануваат со други методи, или се користат за други намени, во согласност со правилата утврдени од Управата за ветеринарство.

(3) Привремената обработка или складирање на Категорија 3 Материјалите се врши само во интеремедијарни објекти за Категорија 3 објекти, одобрени од Управата за ветеринарство.

Член 5

**Собирање и превезување на нус производите од животинско потекло**

(1) Нус производите од животинско потекло и преработените производите од нив, со исклучок на Категорија 3 помии се собираат, превезуваат и складираат согласно условите утврдени во овој правилник.

(2) За време на превозот, пратките на нус производи од животинско потекло треба да бидат придружувани со комерцијален документ, и во случаи кога е утврдено со закон и со ветеринарно-санитарен сертификат. Овие документи треба да се чуваат во период од најмалку две години и да бидат достапни за увид на барање на Управата за ветеринарство.

(3)Документите треба особено да содржат податоци за квантитет и опис на материјалите и нивната ознака.

(4) Собирањето, транспортот и отстранувањето на помиите од меѓународниот транспорт се врши согласно прописите за заштита на животната средина без да го загрози здравјето на луѓето и без да нанесе штета на животната средина.

(5) Складирањето на преработените производи се врши во објекти за складирање одобрени од Управата за ветеринарство.

Член 6

**Идентификација на нус производите од животинско потекло**

(1) Правните и физичките лица кои при вршењето на дејноста создаваат нус производи од животинско потекло, ги преземаат следните активности:

1) Категорија 1 Материјалите, Категорија 2 Материјалите и Категорија 3 Материјалите се идентификуваат и се чуваат одвоено на начин кој овозможува нивно идентификување во текот на собирањето и транспортирањето; и

2) преработените производи се идентификуваат и се чуваат одделно на начин кој овозможува да се идентификуваат при транспортот.

(2) Во текот на транспортот на возилото, кутијата, контејнерот, картонот или на другата форма на пакување, се закачува декларација на која јасно е наведено:

1) категоријата на нус производите од животинско потекло, или, во случај на преработени производи, категоријата на нус производи до животинско потекло од кои преработните производи се добиени ; и

2) во случај на Категорија 1 Материјал и преработените производи добиени од нив, зборовите; „за нештетно отстранување само“.

3) во случај на Категорија 2 Материјал, со исклучок на ѓубриво, содржината од дигестивен тракт и преработените производи добиени од нив, зборовите; „не е за исхрана на животни„. Во секој случај кога Категорија 2 Материјал е наменета за исхраната на животните во согласност со Законот за нус производи од животинско потекло и прописите за исхрана на животните, декларацијата треба да ги содржи зборовите; "за исхрана на ... " со називот за одредениот вид на животни за чие хранење тој материјал е наменет.

4) во случај на Категорија 3 Материјал, зборовите; „не е за исхрана на луѓето“,

5) во случај на ѓубриво и содржина на дигестивниот тракт, зборовите; „ѓубриво“.

Член 7

**Возила и контејнери**

(1) Нус производите од животинско потекло и преработените производи од нив се собираат и транспортираат во запечатени нови пакувања, или во покриени контејнери или возила отпорни на истекување.

(2) Возилата и контејнерите кои се употребуваат повеќекратно , како и сите делови од опрема или помагала за повеќекратна употреба, а кои доаѓаат во контакт со нус производите од животинско потекло или преработените производи од нив, треба да се:

- чистат, перат и дезинфицираат по секоја употреба;
- одржуваат во чиста состојба; и
- очистат и исушат пред употреба.

(3) Контејнерите за повеќекратна употреба треба да се наменети и да се користат само за еден производ, во степен кој е неопходен, за да се избегне крос контаминацијата.

(4) Материјалите за пакување треба да се согорат или нештетно отстранат на соодветен друг начин согласно инструкциите од официјалниот ветеринарен инспектор.

Член 8

**Влегување во сила**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во„ Службен весник на Република Македонија".

Бр. 11-11289/3
18 ноември 2009 година
Скопје

Министер,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

**3337.**

Врз основа на член 45 став 4 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/08 и 143/08), министерот за транспорт и врски, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТЕПЕНОТ НА УРЕДУВАЊЕТО НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА И НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕТО ВО ЗАВИСНОСТ ОД СТЕПЕНОТ НА УРЕДЕНОСТ**

Член 1

Во Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/2009) во член 4 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) За објектите од став 1 на овој член со височина над 32 ката, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 33% од вкупно пресметаната површина согласно став (1) и (2) од овој член.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-15472/1
25 декември 2009 година
Скопје

Министер,
**Миле Јанакиески,** с.р.

---

**КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

**3338.**

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за преземање на акционерски друштва („Службен весник на РМ" број 4/2002, 37/2002 и 36/2007), а во врска со член 52, став 4 и член 184, точка а) и г) од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ" бр. 95/2005, 25/2007 и 7/2008), Комисијата за хартии од вредност на својата седница одржана на ден 07-12-2009 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. СЕ ОДЗЕМА (ограничува) правото на глас и правото на дивиденда на 400 обични акции со право на глас на издавачот "Димко Митрев" АД Велес, во сопственост на правното лице D.M. i TRANEMO AB (поранешен назив HULTA-FASTUGHETS AKTIEBOLAG), што претставуваат 1,09% од обичните акции со право на глас на издавачот „Димко Митрев" АД Велес.

2. СЕ ЗАДОЛЖУВА Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, веднаш по приемот на ова Решение, да го евидентира одземањето (ограничувањето) на правото на глас и на правото на дивиденда на акциите од точка 1 на ова решение на сметката на хартии од вредност на правното лице D.M. i TRANEMO AB (поранешен назив HULTA-FASTUGHETS AKTIEBOLAG).

3. СЕ ЗАБРАНУВА на акционерското друштво со посебни обврски за известување „Димко Митрев" АД Велес да врши исплата на дивиденда на акциите од точка 1 на ова Решение.

4. Ограничувањата на акциите од точка 1 на ова решение ќе важат додека истите се во сопственост на правното лице D.M. i TRANEMO AB (поранешен назив HULTA-FASTUGHETS AKTIEBOLAG).

5. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување и ќе се објави во „Службен весник на РМ".

Бр. 08-2428/7 Комисија за хартии од вредност
7 декември 2009 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

---

**3339.**

Врз основа на член 197 став 1 точка е) и член 208, а во врска со член 184 точка е) и з) и член 192 од Законот за хартии од вредност ("Службен Весник на РМ" број 95/2005, 25/2007 и 7/2008), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 07-12-2009 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. СЕ ИЗРЕКУВА јавна опомена на Дирекцијата за вршење услуги со хартии од вредност на Комерцијална банка АД Скопје и на одговорното лице-директор на дирекцијата Михајло Брова Зиков.

2. Јавната опомена од точка 1 на ова решение се изрекува поради непочитување на член 122 став 1 од Законот за хартии од вредност, односно непридржување и непотребно одложување на извршување на налози на клиенти во услови на постоење на пазарни услови за реализација на налог, и непочитување на член 16 став 2 од Правилата за тргување на Македонската берза АД Скопје како и поради непочитување на член 123 став 2 од Законот за хартии од вредност каде е предвидено дека брокерската куќа ги уплаќа паричните средства добиени од продажба на хартиите од вредност, исклучително во име и за сметка на клиентот во рок од еден работен ден по приемот на паричните средства од продажбата, освен ако поинаку не е договорено.

3. Јавната опомена од точка 1 на ова решение ќе се објави во еден дневен весник кој излегува на целата територија на Република Македонија по неговата конечност.

4. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување и истото ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-2521/7 Комисија за хартии од вредност
7 декември 2009 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

---

**3340.**

Врз основа на член 197 став 1 точка е) и член 208, а во врска со член 184 точка е) и з) и член 192 од Законот за хартии од вредност („Службен Весник на РМ" број 95/2005, 25/2007 и 7/2008), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 07-12-2009 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. СЕ ИЗРЕКУВА јавна опомена на брокерската куќа „Ауктор брокери" АД Скопје и на одговорното лице-директор Петар Трпески.

2. Јавната опомена од точка 1 на ова решение се изрекува поради непочитување на член 115 став 1 од Законот за хартии од вредност и член 15 став 2 од Правилата за тргување на Македонската берза АД Скопје, односно поради непридржување кон инструкциите дадени од клиентите во налозите за тргување со хартиите од вредност при внесот на налозите во системот за тргување на Македонската берза АД Скопје и непочитување на временскиот редослед на внес на налози во БЕСТ системот на Македонската берза АД Скопје по кои што се примени и ажурно евидентирани (хронолошки).

3. Јавната опомена од точка 1 на ова решение ќе се објави во еден дневен весник кој излегува на целата територија на Република Македонија по неговата конечност.

4. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување и истото ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-2579/7 Комисија за хартии од вредност
7 декември 2009 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

---

**3341.**

Врз основа на член 190 став 1 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ" број 95/2005, 25/2007 и 07/2008), а во врска со член 53 став 3 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на РМ" број 12/2009), Комисијата за хартии од вредност на седницата, одржана на ден 07.12.2009 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПРОСПЕКТОТ НА ОТВОРЕН И ЗАТВОРЕН ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД**

**Општи одредби**

Член 1

Со Правилникот за формата и содржината на проспектот на отворен и затворен инвестициски фонд се уредуваат формата и содржината на проспектот на отворен и затворен инвестициски фонд (во понатамошниот текст: Правилник).

**Проспект на инвестициски фонд**

Член 2

(1) Проспектот на инвестицискиот фонд претставува повик за купување на удели во отворен инвестициски фонд, односно акции во затворен инвестициски фонд.

(2) Проспектот треба да ги содржи сите потребни информации врз основа на кои вложувачите можат да добијат реални сознанија за отворениот односно затворениот фонд и врз основа на кои можат да донесат правилна одлука за вложување или не во удели на отворениот односно акции на затворениот инвестициски фонд, а особено да добијат претстава за ризиците кои се поврзани со инвестициската политика на инвестицискиот фонд и неговото портфолио.

**Барање за одобрување на проспектот и измените и дополнувањата на проспектот**

Член 3

(1) Проспектот на инвестицискиот фонд и секоја измена и дополнување на проспектот подлежат на одобрување од страна на Комисијата за хартии од вредност.

(2) Друштвото за управување со инвестициски фондови до Комисијата за хартии од вредност понесува Барање за одобрување на проспектот на инвестицискиот фонд односно измените и дополнувањата на проспектот на инвестицискиот фонд.

**Одговорност за проспектот**

Член 4

(1) За вердостојноста, потполноста и точноста на податоците содржани во проспектот одговара друштвото за управување со фондови и членовите на органите на друштвото за управување со фондови надлежни за донесување на проспектот согласно статутот на друштвото за управување со фондови.

(2) Одговорните лица јасно се идентификуваат во проспектот со име и презиме и функцијата што ја вршат и даваат изјава во која тврдат дека податоците наведени во Проспектот се вердостојни, потполни и точни и дека во Проспектот се наведени сите потребни информации врз основа на кои вложувачите можат да добијат реални сознанија за отворениот фонд и врз основа на кои можат да донесат правилна одлука за вложување или не во удели на отворениот инвестициски фонд, а особено да добијат претстава за ризиците кои се поврзани со инвестицискиот фонд и неговото портфолио.

**Содржина на проспектот на отворен инвестициски фонд односно затворен инвестициски фонд**

Член 5

(1) Проспектот на инвестицискиот фонд задолжително содржи детални информации во врска со целите на инвестицискиот фонд, инвестициската политика и профилот на ризик, како и други информации кои се однесуваат на инвестицискиот фонд кои можат да влијаат врз одлуката на инвеститорот да стекне удели, односно акции во инвестицискиот фонд.

(2) Задолжителната содржина на проспектот на инвестицискиот фонд според типот на инвестициски фонд е пропишана со Прилогот 1 и Прилогот 2 соодветно на видот на инвестицискиот фонд кои се составен дел на овој правилник.

(3) Проспектот на отворениот инвестициски фонд ги содржи податоците од член 53 став 2 од Законот за инвестициски фондови и податоците пропишани со овој правилник (Прилог 1).

(4) Проспектот на затворениот инвестициски фонд содржи податоци кои се составен дел на проспектот за запишување и уплата на хартии од вредност по пат на јавна понуда согласно член 14 од Законот за хартии од вредност, податоци од член 53 став 2 од Законот за инвестициски фондови и податоците пропишани со овој правилник (Прилог 2 ).

(5) Проспектот на инвестицискиот фонд покрај задолжителните може да содржи и други податоци.

(6) Комисијата за хартии од вредност може да побара проспектот да содржи и други податоци за друштвото, структурата на портфолиото на фондот, односите со вложувачите, информирањето на вложувачите, продажбата на уделите односно акциите на инвестицискиот фонд и други податоци кои се од значење за заштита на вложуваччите во фондот.

Член 6

(1) Во проспектот треба да биде наведено во кои категории на средства ќе бидат инвестирани средствата на инвестицискиот фонд.

(2) Во проспектот треба да биде наведено дали инвестицискиот фонд ќе врши трансакции со деривативни финансиски инструменти со тоа што ќе се прецизира дали тие операции ќе бидат реализирани со цел заштита од ризици или со цел остварување на инвестициони цели, како и изјава за можните последици од употребата на деривативни финансиски инструменти врз управувањето со ризици.

(3) Кога нето вредноста на имотот на инвестицискиот фонд значително флуктуира како резултат на структурата на портфолиото и користените методи за управување со средствата (имотот) на инвестицискиот фонд, проспектот на инвестицискиот фонд (и секоја промотивна литература) треба да содржи експлицитна изјава за карактеристиките на тие средства (имот).

(4) Составен дел на проспектот се последните годишни и полугодишни извештаи на инвестицискиот фонд, кои може да бидат вклучени во текстот на проспектот или дадени во прилог на проспектот.

(5) Проспектот мора да содржи листа на лицата со кои друштвото за управување има склучено договор за пренесување активности согласно Законот за инвестициски фондови и подзаконските акти кои произлегуваат од него, со наведување на типот на активност кое третото лице е овластено од друштвото да ја врши.

**Форма на проспектот на отворен инвестициски фонд односно затворен инвестициски фонд**

Член 7

(1) Проспектот на отворен инвестициски фонд односно затворен инвестициски фонд е составен од следните делови по следниот редослед:

- насловна страна на Проспектот;
- прецизна содржина;
- останати податоци пропишани со Прилог 1 и Прилог 2 од овој правилник според видот на инвестициски фонд.

(2) Проспектот го заверуваат и потпишуваат членовите на органите на друштвото за управување со фондови надлежни за донесување на проспектот согласно статутот на друштвото за управување со фондови.

(3) Лицата од став 2 на овој член се должни секоја страна на проспектот да ја парафираат а последната да ја потпишат.

(4) Проспектот може да содржи графички и табеларни прикази кои се во врска со текстот на Проспектот, заштитен знак на друштвото за управување со фондови и заштитен знак на инвестицискиот фонд.

(5) Проспектот се дава во форма на континуиран текст.

(6) Текстот на проспектот се печати во еден од стандардните формати.

(7) Пред содржината на Проспектот се дава исказ дека проспектот претставува јавен повик за купување удели односно акции во инвестицискиот фонд, дека ги содржи оние иформации врз основа на кои потенцијалните вложувчи може да донесат разумна одлука за вложување во инвестицискиот фонд и дека пред донесувањето на одлуката за вложување секој потенцијален инвеститор е должен да ги прочита одредбите од Проспектот и Статутот на фондот со цел да дознае за каков вид на вложувања станува збор, како и ризиците поврзани со вложувањето во инвестицискиот фонд.

(8) Проспектот и скратениот проспект се доставуваат до Комисијата во оригинал, во писмена форма на А4 формат и во електронска форма на CD/DVD медиум во PDF формат.

(9) Податоците содржани во Проспектот се наведуваат по редоследот утврден со овој Правилник и прилозите кои се составен дел на истиот.

**Измени и дополнувања на проспектот на отворен инвестициски фонд**

Член 8

(1) Во случај на измени и допополнувања на проспектот на отворен инвестициски фонд, друштвото за управување со фондови е должно истите да им ги достави на сите сопственици на удели во отворениот инвестициски фонд на начинот на информирање кој самите го одбрале, веднаш по нивното донесување, а пред поднесување на барање за одобрување на проспектот на инвестицискиот фонд до Комисијата за хартии од вредност.

(2) Заедно со доставувањето на измените и дополнувањата на проспектот на отворен инвестициски фонд, друштвото за управување со инвестициски фондови треба да ги извести сопствениците на удели во отворениот инвестициски фонд дека истите ќе стапат во сила само ако бидат одобрени од Комисијата за хартии од вредност и по нивното објавување, како и за можноста да истапат од отворениот инвестициски фонд пред стапувањето во сила на измените и дополнувањата.

**Објавување на проспектот или измените и дополнувањата на проспектот на отворен инвестициски фонд односно затворен инвестициски фонд**

Член 9

(1) Друштвото за управување со инвестициски фондови е должно во рок од седум дена од денот на добивање на одобрувањето од Комисијата за хартии од вредност за објавување на проспектот односно измените и дополнувањата на проспектот на отворен инвестициски фонд односно затворен инвестициски фонд да го објави проспектот или скратената форма на проспектот односно измените и дополнувањата на проспектот во најмалку два дневни весника што излегуваат во Република Македонија и на својата веб страница објавена во проспектот.

(2) Друштвото за управување со инвестициски фондови е должно најмалку еднаш годишно на својата веб страница објавена во проспектот да објави пречистен текст на проспектот на отворен инвестициски фонд односно затворен инвестициски фонд.

**Завршни одредби**

Член 10

Од денот на објавување на овој правилник во „Службен весник на Република Македонија" престанува да важи Правилникот за содржина на Проспектот по видови инвестициони фондови објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 85 од 2000 година.

Член 11

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-2349/2 Комисија за хартии од вредност
7 декември 2009 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова**, с.р.

# ПРИЛОГ 1: ПРОСПЕКТ НА ОТВОРЕН ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД

## I ПОДАТОЦИ ЗА ОТВОРЕНИОТ ФОНД

1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ОТВОРЕНИОТ ФОНД
   - назив на фондот;
   - вид на фондот;
   - идентификациски број на фондот;
   - фирма и седиште на друштвото за управување со фондови кое управува со отворениот фонд и број на решението за давање дозвола за работење издадено од Комисијата за хартии од вредност;
   - фирма и седиште на депозитарната банка и број на решението со кое се одобрува изборот на депозитарната банка издадено од Комисијата за хартии од вредност;
   - име односно фирма и седиште на овластениот ревизор – трговец поединец односно друштвото за ревизија;
   - датум на организирање и број на на решението за давање одобрение за организирање на отворениот фонд;
   - времето на постоење на инвестицискиот фонд, во случај да е организиран фондот за одредено време;
   - законска рамка за работењето на инвестицискиот фонд и регулаторен режим на кој подлежи

2. ИНВЕСТИЦИСКИ ЦЕЛИ, ИНВЕСТИЦИСКА ПОЛИТИКА И ПЛАНИРАНА СТРУКТУРА НА ПОРТФОЛИОТО НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД
   - детален опис на инвестициските цели (вклучувајќи ги и финансиските цели – пораст на приходот, пораст на капиталот) и инвестициската политика на отворениот фонд (вклучувајќи и податок дали фондот ќе се специјализира во определен географски или индустриски сектор), можноста за промена на истите и начинот и постапката за промена;
   - категории на средства односно видови на финансиски инструменти во кои ќе бидат инвестирани средствата на инвестицискиот фонд;
   - планирана структура на портфолиото на фондот, вклучувајќи ги дозволените вложувања и ограничувањата на вложувањата на фондот;
   - име на државата, единицата на локалната самоуправа или меѓународната организација во чии хартии од вредност ќе се вложува повеќе од 35% од имотот на инвестицискиот фонд,
   - структура на вложувањата на фондот со состојба не постара од 15 дена од денот на поднесување на барањето за одобрување на измени и дополнувања на проспектот, согласно Образец 1 и Образец 2, како што следи:

ОБРАЗЕЦ 1

**СТРУКТУРАТА НА ВЛОЖУВАЊАТА НА ФОНДОТ НА ДЕН __________**

**(назив на фондот)**

**(идентификациски број на фондот)**

| **позиција** | **број на акции** | **набавна цена по акција** | **вкупно набавна цена** | **вредност на датумот на извештајот** | **вредност по акција** | **учество во сопственоста на издавачот (%)** | **учество во имотот на фондот (%)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **АКЦИИ** | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| Обични акции | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| Приоритетни акции | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| Акции на затворени инвестициски фондови | | | | | | | |
| **Вкупно акции од домашни издавачи** | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| Обични акции | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| Приоритетни акции | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| Акции на затворени инвестициски фондови | | | | | | | |
| **Вкупно акции од странски издавачи** | | | | | | | |

| **позиција** | **номинална вредност** | **набавна цена** | **вредност на датумот на извештајот** | **учество во сопственоста на издавачот (%)** | **учество во имотот на фондот (%)** |
|---|---|---|---|---|---|
| **ОБВРЗНИЦИ** | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Државни обврзници | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Обврзници на локалната самоуправа | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Обврзници од трговски друштва | | | | | |
| **Вкупно обврзници од РМ и домашни издавачи** | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Државни обврзници | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Обврзници на локалната самоуправа | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Обврзници од трговски друштва | | | | | |
| **Вкупно обврзници од странски издавачи** | | | | | |

| **позиција** | **номинална вредност** | **набавна цена** | **вредност на датумот на извештајот** | **учество во сопственоста на издавачот (%)** | **учество во имотот на фондот (%)** |
|---|---|---|---|---|---|
| ОСТАНАТИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ | | | | | |
| | | | | | |
| Државни записи | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Благајнички записи | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Удели во отворени инвестициски фондови | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Други ненаведени хартии од вредност | | | | | |
| **Вкупно останати ХВ од домашни издавачи** | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Државни записи | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Благајнички записи | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Удели во отворени инвестициски фондови | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Други ненаведени хартии од вредност | | | | | |
| **Вкупно останати ХВ од странски издавачи** | | | | | |

| **позиција** | **набавна цена** | **вредност на датумот на извештајот** | **учество во имотот на фондот (%)** |
|---|---|---|---|
| ПЛАСМАНИ И ДЕПОЗИТИ | | | |
| | | | |
| | | | |
| Краткорочни депозити | | | |
| | | | |
| | | | |
| Долгорочни депозити | | | |
| | | | |
| | | | |
| Останати пласмани | | | |
| **Вкупно пласмани и депозити** | | | |

| **позиција** | **набавна цена** | **позитивна вредност на датумот на извештајот** | **негативна вредност на датумот на извештајот** | **учество во имотот на фондот (%)** | **учество во обврските (%)** |
|---|---|---|---|---|---|
| ДЕРИВАТИВНИ ИНСТРУМЕНТИ | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| **Вкупно деривативни инструменти** | | | | | |

| позиција | колатерал ISIN | номинална вредност | вредност на датумот на извештајот | учество во имотот на фондот (%) | вредност на колатералот |
|---|---|---|---|---|---|
| РЕПО ДОГОВОРИ (АКТИВА) | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Вкупно деривативни инструменти | | | | | |

ОБРАЗЕЦ 2

## СТРУКТУРА НА ВЛОЖУВАЊАТА НА ФОНДОТ ПО ВИДОВИ ИМОТ НА ДЕН ______

**(назив на фондот)**

**(идентификациски број на фондот)**

| **позиција** | **вредност на датумот на извештајот** | **учество во имотот на фондот (%)** |
|---|---|---|
| акции | | |
| обврзници | | |
| останати хартии од вредност | | |
| пласамни и депозити | | |
| останати средства | | |
| пари и парични еквиваленти | | |
| **Вкупно средства** | | |
| деривативни инструменти | | |
| репо договори | | |

3. ВЛОЖУВАЊА ВО ДЕРИВАТИВНИ ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ

Во проспектот се наведуваат податоци за вложувања во временски и опциски договори или користење на други договори за финансиски деривативни инструменти и слични инструменти и техники за обезбедување од ризик. Притоа, јасно треба да се наведе дали истите се користат со цел заштита од ризик или со цел постигнување на инвестициските цели на фондот како и податок за влијанието на таквите трансакции односно на употребата на деривативни финансиски инструменти на степенот на ризичност на инвестицискиот фонд.

4. МОТИВИ ЗА ВЛОЖУВАЊЕ ВО ФОНДОТ И ТИПОТ НА ВЛОЖУВАЧИ ЗА КОИ Е НАМЕНЕТ ФОНДОТ

5. ИСТОРИСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРИНОСОТ НА ФОНДОТ

Податоци за приносот на фондот од основањето до датумот на поднесување на проспектот, на годишно ниво, со напомена дека приносот во минатото има информативен карактер и дека не претставува индикација за можниот принос во иднина.

6. ПРИНЦИПИ НА ВЛОЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА

7. ВИДОВИ НА ИНВЕСТИЦИСКИИ РИЗИЦИ

- видови на инвестициски ризици
- оценка на ризикот од аспект на инвестиционата политика (висок, среден или низок ризик) и
- јасен и концизен опис на потенцијалните последици од ризиците врз вредноста на портфолиото на инвестицискиот фонд;

8. ВОЛАТИЛНОСТ НА НЕТО ВРЕДНОСТА НА ИМОТОТ НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД

Кога нето вредноста на имотот на инвестицискиот фонд значително флуктуира како резултат на структурата на портфолиото и користените методи за управување со средствата (имотот) на инвестицискиот фонд, во проспетктот се дава експлицитна изјава за карактеристиките на тие средства (имот).

Волатилноста на нето вредноста на имотот на инвестицискиот фонд се пресметува со употреба на стандардната девијација, при што добиените податоци се наведуваат во проспектот. Доколку, покрај стандардната девијација се употребуваат и други индикатори за мерење на волатилноста, потребно е да се наведе кој индикатор е користен и кои параметри и критериуми се земени предвид при неговата пресметка.

9. ПОЧЕТОК НА РАБОТЕЊЕТО НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД

- минималниот износ на парични средства кои треба да се приберат за организирање на инвестицискиот фонд;
- рокот за прибирање на тој износ;
- активностите што ќе се преземат доколку не се обезбеди тој износ,

10. ПРАВИЛА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПРИХОДИТЕ НА ФОНДОТ

11. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД

- Во проспектот се објавуваат ревидирани годишни финансиски извештаи заедно со мислење од овластен ревизор за последните 2 години;
- Доколку изминале 2 месеци од завршувањето на полугодишниот пресметковен период во проспектот се објавуваат и ревидирани полугодишни финансиски извештаи заедно со мислење од овластен ревизор. До настанување на обврската за ревизија на полугодишните извештаи во проспектот се објавуваат неревидираните полугодишни извештаи на фондот.

Ревидираните годишни и полугодишни финансиските ивештаи на инвестицискиот фонд заедно со мислеењето од овластен ревизор наместо во текстот на проспектот може да бидат дадени и во прилог на проспектот, во посебен анекс како негов составен дел.

12. НАЧИНОТ И ВРЕМЕТО НА ПРЕСМЕТКА НА НЕТО ВРЕДНОСТА НА ИМОТОТ НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД

13. ВРЕМЕТО, НАЧИНОТ И ЗАЧЕСТЕНОСТА НА ПРЕСМЕТКА НА ЦЕНИТЕ ЗА ПРОДАЖБА НА НОВИТЕ УДЕЛИ ИЛИ ОТКУП НА ПОСТОЈНИТЕ, КАКО И НАЧИНОТ НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ТИЕ ЦЕНИ

14. ПРАВА ОД УДЕЛИ ВО ОТВОРЕНИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД

15. ПОСТАПКА И УСЛОВИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА УДЕЛИ

16. ПОСТАПКА И УСЛОВИТЕ ЗА ОТКУП НА УДЕЛИ

17. ПОСТАПКА И МЕСТО НА ИСПЛАТА НА УДЕЛИТЕ ПРИ НИВНИОТ ОТКУП

18. ОКОЛНОСТИТЕ ПОД КОИ МОЖЕ ДА ДОЈДЕ ДО ПРЕКИН НА ИЗДАВАЊЕ И ОТКУП НА УДЕЛИ

19. ПРЕТПОСТАВКИ ПОД КОИ Е ДОЗВОЛЕНО ДА СЕ ПОКРЕНЕ ЛИКВИДАЦИЈА НА ФОНДОТ

20. НАЧИН НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ТРОШОЦИТЕ ЗА ДРУШТВОТО, ДЕПОЗИТАРНАТА БАНКА ИЛИ ТРЕТИ ЛИЦА НА ТОВАР НА ИМОТОТ НА ФОНДОТ И ИНВЕСТИТОРОТ

- Трошоци на товар на имотот на фондот;
- Трошоци на товар на инвеститорот.

Трошоците треба да бидат дефинирани на јасен и концизен начин со употреба на проценти, а кога е потребно треба да биде даден и илустративен пример со бројки за тоа колкави ќе бидат трошоците за определено вложување во инвестицискиот фонд. Особено, потребно е да се даде опис на износот за плаќање на дозволените надоместоци и трошоци за издавање (влезен надоместок) и откуп (излезен надоместок) на удели. Исто така, потребно е да се даде опис на влијанието кое го имаат годишниот надомест и трошоците за управување и работа кои се на товар на инвестицискиот фонд врз идните приходи на вложувачите.

21. ПОЛИТИКА НА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДОБИВКАТА НА ФОНДОТ И УЧЕСТВО ВО ДОБИВКАТА НА ФОНДОТ

- политика на распоредување на добивката на фондот;
- податоци за начинот на пресметка на учеството во добивката;
- податоци за начинот на исплата на учеството во добивката.

22. НАЧИН И ПОСТАПКА НА ИНФОРМИРАЊЕ НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА УДЕЛИ

- опис на обврските на друштвото за објавување и известување на сопствениците на удели;
- начин и постапка на информирање на сопствениците на удели;
- начин и рок во кој сопствениците на удели ќе бидат известени од страна на друштвото за донесувањето на одлука за измена на статутот и одлука за измена на проспектот на фондот.

23. ИЗЕСТУВАЊЕ ЗА РАЗВОЈОТ НА ФОНДОТ И НЕГОВАТА СТРУКТУРА, КАКО И МЕСТОТО И НАЧИНОТ НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ТИЕ ИНФОРМАЦИИ

24. ДАНОЧНИ ПРАВА И ОБВРСКИ НА ИНВЕСТИТОРИТЕ И ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД

Се наведуваат основни податоци за даночните прописи кои се применуваат на инвестицискиот фонд ако се од значење за сопствениците на удели.

25. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ГОДИНА

26. МЕСТОТО ЗА МОЖЕН УВИД ВО ОПШТИТЕ АКТИ НА ФОНДОТ И КАДЕ МОЖЕ ДА СЕ ДОБИЕ БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК НА СТАТУТОТ НА ФОНДОТ

## II ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ФОНДОВИ

1. НАЗИВ, СЕДИШТЕ И МАТИЧЕН БРОЈ НА ДРУШТВОТО

2. ДАТУМ НА ОСНОВАЊЕ НА ДРУШТВОТО И ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ПОСТОЕЊЕТО, ДОКОЛКУ Е ОСНОВАНО НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ

3. БРОЈ И ДАТУМ НА ОДОБРЕНИЕТО ЗА ОСНОВАЊЕ НА ДРУШТВОТО

4. ОСНОВНА ГЛАВНИНА, ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДРУШТВОТО

5. МЕСТОТО ЗА МОЖЕН УВИД ВО ОПШТИТЕ АКТИ НА ДРУШТВОТО

6. КАДРОВСКА СТРУКТУРА

   - просечен број на вработени;
   - образовна структура на вработените;
   - поважни промени на кадрите.

7. ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ ОДНОСНО НА УПРАВНИОТ И НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ФОНДОВИ

   - биографски податоци (име и презиме, работно искуство, стручни кавалификации);
   - мандат за кој се избрани;
   - друштвата во кои овие лица се членови на одбор на директори односно управен и надзорен одбор односно се содружници односно акционери во било кое време во последните 5 години, наведувајќи дали лицето сеуште е или не е веќе содружник или акционер;
   - податок дали на некој од горенаведените лица му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност во областа на правото, банкарството, сметководството, осигурувањето, управувањето со средства и инвестирање, управување со пензиски фондови или други финансиски услуги во последните пет години (со податок кога била изречена санкција и до кога траела забраната);
   - податок дали некој од горенаведените лица биле членови на одбор на директори односно управен и надзорен одбор на правно лице против кое е поведена предстечајна, стечајна или ликвидациона постапка во последните пет години;
   - податок дали овие лица имаат сопствено учество во основната главнина на друштвото за управуавње со фондови и во гласачката структура на друштвото со податок за износто на тоа учество;
   - податок за основните активности на овие лица надвор од работењето друштвото за управување со фондови, доколку тие активности се значајни за тоа друштво.

8. НАВЕДУВАЊЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ КОИ ИМААТ КВАЛИФИКУВАНО УЧЕСТВО ВО ДРУШТВОТО

| Име и презиме односно фирма и седиште на акционерите | Број на акции | Учество во вкупниот број на акции со право на глас во Друштвото (во %) |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| **ВКУПНО:** | | |

11. ПОДАТОЦИ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ДРУШТВОТО

Се наведуваат податоци за активностите на друштвото за сите инвестициски фондови со кои управува друштвото и тоа за последната година и со состојба не постара од 15 дена пред поднесување на барањето за одобрување на проспектот односно на измените и дополнувањата на проспектот, и тоа следните:

- вид на инвестицискиот фонд;
- назив односно фирма и седиште на инвестицискиот фонд;
- датум на започнување на управување со тој фонд;
- висина на нето вредноста на имотот на фондот;
- број на сопственици на документите за удел/број на акционери;
- број на удели во оптек/ број на издадени акции;
- нето вредност на уделот на отворениот фонд/пазарна цена на акциите во затворениот фонд.

12. ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ

Во проспектот се наведуваат следните финансиски податоци за друштвото за управување со фондови:

- Ревидирани финансиски извештаи за последните 2 години: Биланс на состојба, Биланс на успех, Извештај за промени на главнината, Извештај за паричните текови, сметководствени политики и објаснувачки белешки кои се составуваат и објавувааат во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди и Меѓународните стандарди за финансиско известување објавени во Службен весник на Република Македонија.
- Мислење од овластен ревизор на финансиските извештаи за последните 2 години.

Доколку друштвото за управување со фондови изготвува сопствени и консолидирани годишни финансиски извештаи, проспектот треба задолжително да ги содржи најмалку ревидираните консолидирани годишни финансиски извештаи.

- Доколку изминале 2 месеци од завршувањето на полугодишниот пресметковен период во проспектот се објавуваат и ревидираните полугодишни извештаи на друштвото за управаување со фондови заедно со мислење од овластен ревизор. До настанување на обврската за ревизија на полугодишните извештаи во проспектот се објавуваат неревидираните полугодишни извештаи на друштвото за управување со фондови.

Ревидираните годишни и полугодишни финансиските ивештаи на друштвото за управување со фондови заедно со мислењето од овластен ревизор наместо во текстот на проспектот може да бидат дадени и во прилог на проспектот, во посебен анекс како негов составен дел.

**III ПОДАТОЦИ ЗА ДЕПОЗИТАРНАТА БАНКА**

- фирма и седиште;
- предмет на работење;
- согласности и дозволи врз основа на кои работи;
- права и обврски на депозитарната банка;
- одговорност на депозитарната банка.

**IV ПОДАТОЦИ ЗА ОВЛАСТЕНИОТ РЕВИЗОР**

**V ЛИСТА НА ЛИЦАТА СО КОИ ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ ИМА СКЛУЧЕНО ДОГОВОР ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ АКТИВНОСТИ**

- фирма и седиште;
- типот на активност кое третото лице е овластено да ја врши.

**VI ПОДАТОЦИ ЗА ЛИЦАТА ШТО СЕ ОДГОВОРНИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРОСПЕКТОТ**

1. ИЗЈАВА НА ЛИЦАТА ОДГОВОРНИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРОСПЕКТОТ

“Изјавуваме дака, според нашите уверувања и во согласност со нашите сознанија и податоците со кои располагаме, податоците наведени во Проспектот се вердостојни, потполни и точни и дека во Проспектот се наведени сите потребни информации врз основа на кои вложувачите можат да добијат правилна претстава за отворениот фонд и врз основа на кои можат да донесат правилна одлука за вложување или не во удели на отворениот инвестициски фонд, а особено да добијат претстава за ризиците кои се поврзани со инвестицискиот фонд и неговото портфолио. “

2. ЛИЦА ЗА КОНТАКТ ВО ДРУШТВОТО

Се наведуваат податоци за лицата кај кои потенцијалните вложувачи може да добијат дополнителни и подетални информации во врска со уделите на инвестицискиот фонд и тоа следните:
   - име и презиме;
   - функцијата што ја врши;
   - телефонски броеви.

3. ДАТУМ НА ИЗДАВАЊЕ НА ПРОСПЕКТОТ.

# ПРИЛОГ 2: ПРОСПЕКТ НА ЗАТВОРЕН ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД

## I ПОДАТОЦИ ЗА ЗАТВОРЕН ФОНД

### 1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ЗАТВОРЕНИОТ ФОНД

Податоци за историја и развојот на фондот

1.1.1. фирма и седиште на фондот;
1.1.2. вид на фондот;
1.1.3. идентификациски број на фондот;
1.1.4. датум на регистрација во трговскиот регистар и матичен број на фондот;
1.1.5. датум на основање и број на решението за давање одобрение за основање на затворениот фонд;
1.1.6. времето на постоење на инвестицискиот фонд, во случај да е организиран фондот за одредено време;
1.1.7. законска рамка за работењето на инвестицискиот фонд и регулаторен режим под кој подлежи.
1.1.8. значајни настани во деловниот развој на фондот;

Фирма и седиште на друштвото за управување со фондови кое управува со затворениот фонд и број на решението за давање дозвола за работење издадено од Комисијата за хартии од вредност;
Фирма и седиште на депозитарната банка и број на решението со кое се одобрува изборот на депозитарната банка издадено од Комисијата за хартии од вредност;
Име односно фирма и седиште на овластениот ревизор – трговец поединец односно друштвото за ревизија;
Управување со затворениот инвестициски фонд;
Органи на затворениот инвестициски фонд;
Надзорен одбор на затворениот инвестициски фонд;

- биографски податоци за членовите на надзорниот одбор (име и презиме, работно искуство, стручни кавалификации);
- мандат за кој се избрани;
- друштвата во кои овие лица се членови на одбор на директори односно управен и надзорен одбор односно се содружници односно акционери во било кое време во последните 5 години, наведувајќи дали лицето сеуште е или не е веќе содружник или акционер;
- податок дали на некој од горенаведените лица му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност во врска со работењето со хартии од вредностс во последните пет години (со податок кога била изречена санкција и до кога траела забраната);
- податок дали некој од горенаведените лица биле членови на одбор на директори односно управен и надзорен одбор на правно лице против кое е поведена предстечајна, стечајна или ликвидациона постапка во последните пет години;

- податок дали овие лица имаат сопствено учество во основната главнина на друштвото за управување со фондови и во фондот и во гласачката структура на друштвото за управување со фондови и во фондот со податок за износот на тоа учество.
- податок за потенцијален судир на интерси помеѓу одговорностите на овие лица кои ги имаат во фондот и нивните приватни интереси или други одговорности;
- податок за основните активности на овие лица надвор од работењето друштвото за управување со фондови и затворениот фонд, доколку тие активности се значајни за тоа друштво.

2. ИНВЕСТИЦИСКИ ЦЕЛИ, ИНВЕСТИЦИСКА ПОЛИТИКА И ПЛАНИРАНА СТРУКТУРА НА ПОРТФОЛИОТО НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД
   - детален опис на инвестициските цели (вклучувајќи ги и финансиските цели – пораст на приходот, пораст на капиталот) и инвестициската политика на отворениот фонд (вклучувајќи и податок дали фондот ќе се специјализира во определен географски или индустриски сектор), можноста за промена на истите и начинот и постапката за промена;
   - категории на средства односно видови на финансиски инструменти во кои ќе бидат инвестирани средствата на инвестицискиот фонд;
   - планирана структура на портфолиото на фондот, вклучувајќи ги дозволените вложувања и ограничувањата на вложувањата на фондот;
   - име на државата, единицата на локалната самоуправа или меѓународната организација во чии хартии од вредност ќе се вложува повеќе од 35% од имотот на инвестицискиот фонд,
   - структура на вложувањата на фондот со состојба не постара од 15 дена од денот на поднесување на барањето за одобрување на измени и дополнувања на проспектот, согласно Образец 1 и Образец 2, како што следи:

ОБРАЗЕЦ 1

**СТРУКТУРАТА НА ВЛОЖУВАЊАТА НА ФОНДОТ НА ДЕН __________**

**(назив на фондот)**

**(идентификациски број на фондот)**

| **позиција** | **број на акции** | **набавна цена по акција** | **вкупно набавна цена** | **вредност на датумот на извештајот** | **вредност по акција** | **учество во сопственоста на издавачот (%)** | **учество во имотот на фондот (%)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **АКЦИИ** | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| Обични акции | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| Приоритетни акции | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| Акции на затворени инвестициски фондови | | | | | | | |
| **Вкупно акции од домашни издавачи** | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| Обични акции | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| Приоритетни акции | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| Акции на затворени инвестициски фондови | | | | | | | |
| **Вкупно акции од странски издавачи** | | | | | | | |

| **позиција** | **номинална вредност** | **набавна цена** | **вредност на датумот на извештајот** | **учество во сопственоста на издавачот (%)** | **учество во имотот на фондот (%)** |
|---|---|---|---|---|---|
| **ОБВРЗНИЦИ** | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Државни обврзници | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Обврзници на локалната самоуправа | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Обврзници од трговски друштва | | | | | |
| **Вкупно обврзници од РМ и домашни издавачи** | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Државни обврзници | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Обврзници на локалната самоуправа | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Обврзници од трговски друштва | | | | | |
| **Вкупно обврзници од странски издавачи** | | | | | |

| **позиција** | **номинална вредност** | **набавна цена** | **вредност на датумот на извештајот** | **учество во сопственоста на издавачот (%)** | **учество во имотот на фондот (%)** |
|---|---|---|---|---|---|
| ОСТАНАТИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ | | | | | |
| | | | | | |
| Државни записи | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Благајнички записи | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Удели во отворени инвестициски фондови | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Други ненаведени хартии од вредност | | | | | |
| **Вкупно останати ХВ од домашни издавачи** | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Државни записи | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Благајнички записи | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Удели во отворени инвестициски фондови | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Други ненаведени хартии од вредност | | | | | |
| **Вкупно останати ХВ од странски издавачи** | | | | | |

| **позиција** | **набавна цена** | **вредност на датумот на извештајот** | **учество во имотот на фондот (%)** |
|---|---|---|---|
| ПЛАСМАНИ И ДЕПОЗИТИ | | | |
| | | | |
| | | | |
| Краткорочни депозити | | | |
| | | | |
| | | | |
| Долгорочни депозити | | | |
| | | | |
| | | | |
| Останати пласмани | | | |
| **Вкупно пласмани и депозити** | | | |

| **позиција** | **набавна цена** | **позитивна вредност на датумот на извештајот** | **негативна вредност на датумот на извештајот** | **учество во имотот на фондот (%)** | **учество во обврските (%)** |
|---|---|---|---|---|---|
| ДЕРИВАТИВНИ ИНСТРУМЕНТИ | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| **Вкупно деривативни инструменти** | | | | | |

| позиција | колатерал ISIN | номинална вредност | вредност на датумот на извештајот | учество во имотот на фондот (%) | вредност на колатералот |
|---|---|---|---|---|---|
| РЕПО ДОГОВОРИ (АКТИВА) | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Вкупно деривативни инструменти | | | | | |

ОБРАЗЕЦ 2

**СТРУКТУРА НА ВЛОЖУВАЊАТА НА ФОНДОТ ПО ВИДОВИ ИМОТ НА ДЕН ______**

**(назив на фондот)**

**(идентификациски број на фондот)**

| **позиција** | **вредност на датумот на извештајот** | **учество во имотот на фондот (%)** |
|---|---|---|
| акции | | |
| обврзници | | |
| останати хартии од вредност | | |
| пласамни и депозити | | |
| останати средства | | |
| пари и парични еквиваленти | | |
| **Вкупно средства** | | |
| деривативни инструменти | | |
| репо договори | | |

3. ВЛОЖУВАЊА ВО ДЕРИВАТИВНИ ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ
Во проспектот се наведуваат податоци за вложувања во временски и опциски договори или користење на други договори за финансиски деривативни инструменти и слични инструменти и техники за обезбедување од ризик. Притоа, јасно треба да се наведе дали истите се користат со цел заштита од ризик или со цел постигнување на инвестициските цели на фондот како и податок за влијанието на таквите трансакции односно на употребата на деривативни финансиски инструменти на степенот на ризичност на инвестицискиот фонд.

4. МОТИВИ ЗА ВЛОЖУВАЊЕ ВО ФОНДОТ И ТИПОТ НА ВЛОЖУВАЧИ ЗА КОИ Е НАМЕНЕТ ФОНДОТ

5. ИСТОРИСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРИНОСОТ НА ФОНДОТ

Податоци за приносот на фондот од основањето до датумот на поднесување на проспектот, на годишно ниво, со напомена дека приносот во минатото има информативен карактер и дека не претставува индикација за можниот принос во иднина.

6. ПРИНЦИПИ НА ВЛОЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА

7. ВИДОВИ НА ИНВЕСТИЦИСКИИ РИЗИЦИ

- видови на инвестициски ризици
- оценка на ризикот од аспект на инвестиционата политика (висок, среден или низок ризик) и
- јасен и концизен опис на потенцијалните последици од ризиците врз вредноста на портфолиото на инвестицискиот фонд;

8. ВОЛАТИЛНОСТ НА НЕТО ВРЕДНОСТА НА ИМОТОТ НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД

Кога нето вредноста на имотот на инвестицискиот фонд значително флуктуира како резултат на структурата на портфолиото и користените методи за управување со средствата (имотот) на инвестицискиот фонд, во проспетктот се дава експлицитна изјава за карактеристиките на тие средства (имот).
Волатилноста на нето вредноста на имотот на инвестицискиот фонд се пресметува со употреба на стандардната девијација, при што добиените податоци се наведуваат во проспектот. Доколку, покрај стандардната девијација се употребуваат и други индикатори за мерење на волатилноста, потребно е да се наведе кој индикатор е користен и кои параметри и критериуми се земени предвид при неговата пресметка.

9. ГОЛЕМИ АКЦИОНЕРИ

Податоци за лицата, за кои постојат сознананија, (освен за оние кои се членови на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор на издавачот) кои

заедно со поврзаните лица, директно или индиректно, поседуваат повеќе од 5% од било кој род или класа на акции издадени од затворениот фонд, заедно со висината на тоа учество (апосолутна вредност и реалтивна вредност во однос на основната главнина на затворениот фонд и во однос на гласачката структура на затворениот фонд). Ако нема такви лица или ако нема сознанија за такви лица да се даде соодветна негативна изјава.

Опис на било какви договори или други акти, за кои постојат сознананија, чија реализација на определен датум може да доведе до промена на контролата кај издавачот.

10. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД

- Во проспектот се објавуваат ревидирани годишни финансиски извештаи заедно со мислење од овластен ревизор за последните 2 години;
- Доколку изминале 2 месеци од завршувањето на полугодишниот пресметковен период во проспектот се објавуваат и ревидирани полугодишни финансиски извештаи заедно со мислење од овластен ревизор. До настанување на обврската за ревизија на полугодишните извештаи во проспектот се објавуваат неревидираните полугодишни извештаи на фондот.

Ревидираните годишни и полугодишни финансиските ивештаи на инвестицискиот фонд заедно со мислењето од овластен ревизор наместо во текстот на проспектот може да бидат дадени и во прилог на проспектот, во посебен анекс како негов составен дел.

11. ПРАВИЛА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПРИХОДИТЕ НА ФОНДОТ

12. НАЧИНОТ И ВРЕМЕТО НА ПРЕСМЕТКА НА НЕТО ВРЕДНОСТА НА ИМОТОТ НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД

13. ВРЕМЕТО, НАЧИНОТ И ЗАЧЕСТЕНОСТА НА ПРЕСМЕТКА НА ЦЕНИТЕ НА АКЦИИТЕ НА ЗАТВОРЕНИОТ ФОНД, КАКО И НАЧИНОТ НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ТИЕ ЦЕНИ

14. ОСНОВНА ГЛАВНИНА НА ЗАТВОРЕНИОТ ФОНД

15. ПРАВА ОД АКЦИИТЕ ВО ЗАТВОРЕНИОТ ФОНД

16. ПОДАТОЦИ ЗА ЈАВНАТА ПОНУДА И КУПУВАЊЕТО НА АКЦИИ ВО ЗАТВОРЕНИОТ ФОНД

ОПШТИ ПОДАТОЦИ

16.1.1. Бројот и датумот на актот за издавање на обичните акции;

16.1.2. Бројот на обичните акции што се издаваат и номиналната вредност на хартиите од вредност (поединечна и вкупна номинална вредност на емисијата);

16.1.3. Закони врз основа на кои се издаваат обичните акции;

16.1.4. Назив и адреса на субјектот каде се регистрираат обичните акции;

16.1.5. Времето и начинот на предавањето на обичните акции за регистирање кај овластен депозитар;

16.1.6. Податоци за оданочувањето на приходите од обичните акции;

16.1.7. Преносливост на акциите;

ПРОДАЖНА ЦЕНА НА АКЦИИТЕ

Вредноста по која се запишуваат и уплаќаат акциите на затворениот фонд при основање на иститот односно продажната вредност на акциите кои се издаваат по основањето на затворениот фонд;

УСЛОВИ, РОКОВИ И ПОТРЕБНИ ДЕЈСТВИЈА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И УПЛАТА НА АКЦИИТЕ ПРЕДМЕТ НА ПОНУДАТА;

16.3.1 Вкупна вредност на понудата;

16.3.2 Временскиот период во кој понудата ќе биде отворена (датум на започнување на рокот за запишување (ден, месец, година); датум на завршување на рокот за запишување (ден, месец, година); датум на започнување на рокот за уплата (ден, месец, година); датум на завршување на рокот за уплата (ден, месец, година))

16.3.3 Опис на постапката на запишување и уплата на акциите;

16.3.4 Место на запишување и уплата на акциите.

16.3.5 Процентот на успешност односно процентот на запишување и уплата на хартии од вредност за да јавната понуда се смета за успешна

16.3.6 Услови за затворање на јавната понуда;

16.3.7 Опис на условите под кои јавната понуда може да се прогласи за неуспешна и начинот на кој ќе им бидат вратени средствата на инвеститорите.

16.3.8 Постапка за распределба на хартиите од вредност во случај да бидат запишани и/или уплатени повеќе хартии од вредност од понудените;

16.3.9 Начин на плаќање на хартиите од вредност;

16.3.10 Начин и време на настанување на правата од хартиите од вредност;

16.3.11 Начин и време на известување за исходот на јавната понуда;

16.3.12 Процес на известување на лицата кои запишале и уплатиле хартии од вредност за износот кој им следува.

# 17. ПОЧЕТОК НА РАБОТЕЊЕТО НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД

- минималниот износ на парични средства кои треба да се приберат за основање на инвестицискиот фонд;
- рокот за прибирање на тој износ;
- активностите што ќе се преземат доколку не се обезбеди тој износ

## 18. ПРЕТПОСТАВКИ ПОД КОИ Е ДОЗВОЛЕНО ДА СЕ ПОКРЕНЕ ЛИКВИДАЦИЈА НА ФОНДОТ

## 19. НАЧИН НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ТРОШОЦИТЕ ЗА ДРУШТВОТО, ДЕПОЗИТАРНАТА БАНКА ИЛИ ТРЕТИ ЛИЦА НА ТОВАР НА ИМОТОТ НА ФОНДОТ И ИНВЕСТИТОРОТ

- Трошоци за основање на затворениот инвестициски фонд;
- Трошоци на товар на имотот на фондот;

Трошоците треба да бидат дефинирани на јасен и концизен начин со употреба на проценти, а кога е потребно треба да биде даден и илустративен пример со бројки за тоа колкави ке бидат трошоците. Особено, потребно е да се даде опис на износот на трошоците за основање на затворениот фонд (износот од истите кој ќе падне на товар на фондот и износот кој паѓа на товар на друштвото за управување со фондови). Исто така, потребно е да се даде опис на влијанието кое го имаат годишниот надомест и трошоците за управување и работа кои се на товар на инвестицискиот фонд врз идните приходи на вложувачите.

## 20. ПОЛИТИКА НА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДОБИВКАТА НА ФОНДОТ И УЧЕСТВО ВО ДОБИВКАТА НА ФОНДОТ

- политика на распоредување на добивката на фондот;
- податоци за начинот на пресметка на учеството во добивката;
- податоци за начинот на исплата на учеството во добивката.

## 21. НАЧИН И ПОСТАПКА НА ИНФОРМИРАЊЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ

- опис на обврските на друштвото за објавување и известување на акционерите;
- начин и постапка на информирање на акционерите;
- начин и рок во кој акционерите ќе бидат известени од страна на друштвото за донесувањето на одлука за измена на статутот и одлука за измена на проспектот на фондот.

## 22. ИЗЕСТУВАЊЕ ЗА РАЗВОЈОТ НА ФОНДОТ И НЕГОВАТА СТРУКТУРА, КАКО И МЕСТОТО И НАЧИНОТ НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ТИЕ ИНФОРМАЦИИ

23. ДАНОЧНИ ПРАВА И ОБВРСКИ НА ИНВЕСТИТОРИТЕ И ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД

Се наведуваат основни податоци за даночните прописи кои се применуваат на инвестицискиот фонд ако се од значење за акционерите.

24. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ГОДИНА

25. МЕСТОТО ЗА МОЖЕН УВИД ВО ОПШТИТЕ АКТИ НА ФОНДОТ И КАДЕ МОЖЕ ДА СЕ ДОБИЕ БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК НА СТАТУТОТ НА ФОНДОТ

**II ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ФОНДОВИ**

1. НАЗИВ, СЕДИШТЕ И МАТИЧЕН БРОЈ НА ДРУШТВОТО

2. ДАТУМ НА ОСНОВАЊЕ НА ДРУШТВОТО И ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ПОСТОЕЊЕТО, ДОКОЛКУ Е ОСНОВАНО НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ

3. БРОЈ И ДАТУМ НА ОДОБРЕНИЕТО ЗА ОСНОВАЊЕ НА ДРУШТВОТО

4. ОСНОВНА ГЛАВНИНА, ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДРУШТВОТО

5. МЕСТОТО ЗА МОЖЕН УВИД ВО ОПШТИТЕ АКТИ НА ДРУШТВОТО

6. КАДРОВСКА СТРУКТУРА

- просечен број на вработени;
- образовна структура на вработените;
- поважни промени на кадрите.
-

7. ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ ОДНОСНО НА УПРАВНИОТ И НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ФОНДОВИ

- биографски податоци (име и презиме, работно искуство, стручни кавалификации);
- мандат за кој се избрани;
- друштвата во кои овие лица се членови на одбор на директори односно управен и надзорен одбор односно се содружници односно акционери во било кое време во последните 5 години, наведувајќи дали лицето сеуште е или не е веќе содружник или акционер;
- податок дали на некој од горенаведените лица му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност во областа на правото, банкарството, сметководс-твото, осигурувањето, управувањето со средства и инвестирање, управување со пензиски фондови или други финансиски услуги во последните пет години (со податок кога била изречена санкција и до кога траела забраната);
- податок дали некој од горенаведените лица биле членови на одбор на директори односно управен и надзорен одбор на правно

лице против кое е поведена предстечајна, стечајна или ликвидациона постапка во последните пет години;

- податок дали овие лица имаат сопствено учество во основната главнина на друштвото за управување со фондови и во гласачката структура на друштвото со податок за износот на тоа учество;
- податок за основните активности на овие лица надвор од работењето друштвото за управување со фондови, доколку тие активности се значајни за тоа друштво.

8. НАВЕДУВАЊЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ КОИ ИМААТ КВАЛИФИКУВАНО УЧЕСТВО ВО ДРУШТВОТО

| Име и презиме односно фирма и седиште на акционерите | Број на акции | Учество во вкупниот број на акции со право на глас во Друштвото (во %) |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| **ВКУПНО:** | | |

11. ПОДАТОЦИ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ДРУШТВОТО

Се наведуваат податоци за активностите на друштвото за сите инвестициски фондови со кои управува друштвото и тоа за последната година и со состојба не постара од 15 дена пред поднесување на барањето за одобрување на проспектот односно на измените и дополнувањата на проспектот, и тоа следните:

- вид на инвестицискиот фонд;
- назив односно фирма и седиште на инвестицискиот фонд;
- датум на започнување на управување со тој фонд;
- висина на нето вредноста на имотот на фондот;
- број на сопственици на документите за удел/број на акционери;
- број на удели во оптек/ број на издадени акции;
- нето вредност на уделот на отворениот фонд/пазарна цена на акциите во затворениот фонд.

12. ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ

Во проспектот се наведуваат следните финансиски податоци за друштвото за управување со фондови:

- Ревидирани финансиски извештаи за последните 2 години: Биланс на состојба, Биланс на успех, Извештај за промени на главнината, Извештај за паричните текови, сметководствени политики и објаснувачки белешки кои се составуваат и

објавувааат во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди и Меѓународните стандарди за финансиско известување објавени во Службен весник на Република Македонија.

- Мислење од овластен ревизор на финансиските извештаи за последните 2 години.

Доколку друштвото за управување со фондови изготвува сопствени и консолидирани годишни финансиски извештаи, проспектот треба задолжително да ги содржи најмалку ревидираните консолидирани годишни финансиски извештаи.

- Доколку изминале 2 месеци од завршувањето на полугодишниот пресметковен период во проспектот се објавуваат и ревидираните полугодишни извештаи на друштвото за управување со фондови заедно со мислење од овластен ревизор. До настанување на обврската за ревизија на полугодишните извештаи во проспектот се објавуваат неревидираните полугодишни извештаи на друштвото за управување со фондови.

Ревидираните годишни и полугодишни финансиските ивештаи на друштвото за управување со фондови заедно со мислењето од овластен ревизор наместо во текстот на проспектот може да бидат дадени и во прилог на проспектот, во посебен анекс како негов составен дел.

## III ПОДАТОЦИ ЗА ДЕПОЗИТАРНАТА БАНКА

- фирма и седиште;
- предмет на работење;
- согласности и дозволи врз основа на кои работи;
- права и обврски на депозитарната банка;
- одговорност на депозитарната банка.

## IV ПОДАТОЦИ ЗА ОВЛАСТЕНИОТ РЕВИЗОР

## V ЛИСТА НА ЛИЦАТА СО КОИ ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ ИМА СКЛУЧЕНО ДОГОВОР ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ АКТИВНОСТИ

- фирма и седиште;
- типот на активност кое третото лице е овластено да ја врши.

## IV ПАЗАР НА КОЈ СЕ ТРГУВА СО АКЦИИТЕ НА ЗАТВОРЕНИОТ ФОНД

## VII ПОДАТОЦИ ЗА ЛИЦАТА ШТО СЕ ОДГОВОРНИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРОСПЕКТОТ

1. ИЗЈАВА НА ЛИЦАТА ОДГОВОРНИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРОСПЕКТОТ

“Изјавуваме дака, според нашите уверувања и во согласност со нашите сознанија и податоците со кои располагаме, податоците наведени во Проспектот се вердостојни, потполни и точни и дека во Проспектот се наведени сите потребни информации врз основа на кои вложувачите можат да добијат правилна претстава за затворениот фонд и врз основа на кои можат да донесат правилна одлука за вложување или не во акции на затворениот инвестициски фонд, а особено да добијат претстава за ризиците кои се поврзани со инвестицискиот фонд и неговото портфолио. “

2. ЛИЦА ЗА КОНТАКТ ВО ДРУШТВОТО
Се наведуваат податоци за лицата кај кои потенцијалните вложувачи може да добијат дополнителни и подетални информации во врска со акциите на инвестицискиот фонд и тоа следните:
- име и презиме;
- функцијата што ја врши;
- телефонски броеви.

3. ДАТУМ НА ИЗДАВАЊЕ НА ПРОСПЕКТОТ

---

**3342.**

Врз основа на член 190 став 1 од Законот за хартии од вредност (Службен весник на РМ број 95/2005, 25/2007 и 07/2008), а во врска со член 54 став 7 од Законот за инвестициски фондови (Службен весник на РМ број 12/2009), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 07.12.2009 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА СКРАТЕНАТА ФОРМА НА ПРОСПЕКТОТ НА ОТВОРЕН ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД**

**Општи одредби**

Член 1

Со Правилникот за формата и содржината на скратената форма на проспектот на отворен инвестициски фонд се уредуваат формата и содржината на скратената форма на проспектот на отворениот инвестициски фонд (во понатамошниот текст: Правилник).

**Скратена форма на проспект на отворениот инвестициски фонд**

Член 2

(1) Комисијата за хартии од вредност може да одобри подготвување и дистрибуција на скратена форма на проспектот само за потребите на отворен инвестициски фонд (во натамошниот текст: скратен проспект) под услов во скратениот проспект јасно да биде наведено постоењето на проспектот, како и напомена дека истиот може да се добие на барање на инвеститорот.

(2) Податоците кои се наведуваат во скратениот проспект не смее да се разликуваат од податоците во проспектот.

**Одговорност за скратениот проспект**

Член 3

За веродостојноста, потполноста и точноста на податоците содржани во скратениот проспектот одговара друштвото за управување со фондови и членовите на органите на друштвото за управување со фондови надлежни за донесување на скратениот проспект согласно статутот на друштвото за управување со фондови.

**Содржина на скратениот проспект**

Член 4

(1) Скратениот проспект треба да содржи сумарен преглед на податоците содржани во проспектот на отворениот инвестициски фонд.

(2) Задолжителната содржина на скратениот проспект е пропишана со Прилогот 1 на овој правилник.

(3) Комисијата за хартии од вредност може да побара скратениот проспект да содржи и други податоци за друштвото, структурата на портфолиото на фондот, односите со вложувачите, информирањето на вложувачите, продажбата на уделите на инвестицискиот фонд и други податоци кои се од значење за заштита на вложувачите во фондот.

**Форма на скратениот проспект**

Член 5

(1) Скратениот проспект е составен од следните делови по следниот редослед:

- насловна страна на скратениот проспект;
- прецизна содржина;
- останати податоци пропишани со Прилог 1 од овој правилник.

(2) Скратениот проспект го заверуваат и потпишуваат членовите на органите на друштвото за управување со фондови надлежни за донесување на скратениот проспект согласно статутот на друштвото за управување со фондови.

(3) Лицата од став 2 на овој член се должни секоја страна на скратениот проспект да ја парафираат а последната да ја потпишат.

(4) Скратениот проспект може да содржи графички и табеларни прикази кои се во врска со текстот на Проспектот, заштитен знак на друштвото за управување со фондови и заштитен знак на инвестицискиот фонд.

(5) Скратениот проспект се дава во форма на континуиран текст, на начин разбирлив за просечен инвеститор.

(6) Текстот на скратениот проспект се печати во еден од стандардните формати.

(7) Пред содржината на Скратениот проспект се дава исказ дека скратениот проспект претставува извадок од проспектот, дека вложувачите не треба да донесат одлука за инвестирање во удели на отворениот инвестициски фонд само врз основа на скратениот проспект, дека вложувачите одлуката за инвестирање во удели на инвестицискиот фонд треба да ја донесат врз основа на целосната содржина на проспектот и статутот на отворениот инвестициски фонд и дека вложувачите може да го добијат целосниот проспект и статутот на фондот на нивно барање.

(8) Скратениот проспект се доставува до Комисијата во оригинал, во писмена форма на А4 формат и во електронска форма на CD/DVD медиум во PDF формат.

(9) Податоците содржани во скратениот проспектот се наведуваат по редоследот утврден со овој Правилник и прилогот кои е составен дел на истиот.

**Завршни одредби**

Член 6

Од денот на објавување на овој правилник во „Службен весник на Република Македонија” престанува да важи Правилникот за содржината на јавниот повик за купување на документи за удел при основање на отворениот фонд односно запишување акции при основање на затворениот фонд објавен во „Службен весник на Република Македонија” бр. 85 од 2000 година.

Член 7

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Број 01-2354/2 Комисија за хартии од вредност
7 декември 2009 година Претседател
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

ПРИЛОГ 1: СКРАТЕН ПРОСПЕКТ НА ОТВОРЕН ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД

1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ОТВОРЕНИОТ ФОНД

- назив на фондот;
- вид на фондот;
- идентификациски број на фондот;
- фирма и седиште на друштвото за управување со фондови кое управува со отворениот фонд и број на решението за давање дозвола за работење издадено од Комисијата за хартии од вредност;
- фирма и седиште на депозитарната банка и број на решението со кое се одобрува изборот на депозитарната банка издадено од Комисијата за хартии од вредност;
- име односно фирма и седиште на овластениот ревизор – трговец поединец односно друштвото за ревизија;
- датум на организирање и број на решението за давање одобрение за организирање на отворениот фонд;
- времето на постоење на инвестицискиот фонд, во случај да е организиран фондот за одредено време;
- законска рамка за работењето на инвестицискиот фонд и регулаторен режим на кој подлежи

2. ИНВЕСТИЦИСКИ ЦЕЛИ, ИНВЕСТИЦИСКА ПОЛИТИКА И ПЛАНИРАНА СТРУКТУРА НА ПОРТФОЛИОТО НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД

- детален опис на инвестициските цели (вклучувајќи ги и финансиските цели – пораст на приходот, пораст на капиталот) и инвестициската политика на отворениот фонд (вклучувајќи и податок дали фондот ќе се специјализира во определен географски или индустриски сектор), можноста за промена на истите и начинот и постапката за промена;
- категории на средства односно видови на финансиски инструменти во кои ќе бидат инвестирани средствата на инвестицискиот фонд;
- планирана структура на портфолиото на фондот, вклучувајќи ги дозволените вложувања и ограничувањата на вложувањата на фондот.

3. ВЛОЖУВАЊА ВО ДЕРИВАТИВНИ ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ

Во проспектот се наведуваат податоци за вложувања во временски и опциски договори или користење на други договори за финансиски деривативни инструменти и слични инструменти и техники за обезбедување од ризик. Притоа, јасно треба да се наведе дали истите се користат со цел заштита од ризик или со цел постигнување на инвестициските цели на фондот како и податок за влијанието на таквите трансакции односно на употребата на деривативни финансиски инструменти на степенот на ризичност на инвестицискиот фонд.

4. МОТИВИ ЗА ВЛОЖУВАЊЕ ВО ФОНДОТ И ТИПОТ НА ВЛОЖУВАЧИ ЗА КОИ Е НАМЕНЕТ ФОНДОТ

5. ИСТОРИСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРИНОСОТ НА ФОНДОТ

Податоци за приносот на фондот од основањето до датумот на поднесување на проспектот, на годишно ниво, со напомена дека приносот во минатото има информативен карактер и дека не претставува индикација за можниот принос во иднина.

6. ПРИНЦИПИ НА ВЛОЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА

7. ВИДОВИ НА ИНВЕСТИЦИСКИ РИЗИЦИ

- видови на инвестициски ризици
- оценка на ризикот од аспект на инвестиционата политика (висок, среден или низок ризик) и
- јасен и концизен опис на потенцијалните последици од ризиците врз вредноста на портфолиото на инвестицискиот фонд;

8. ВОЛАТИЛНОСТ НА НЕТО ВРЕДНОСТА НА ИМОТОТ НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД

Кога нето вредноста на имотот на инвестицискиот фонд значително флуктуира како резултат на структурата на портфолиото и користените методи за управување со средствата (имотот) на инвестицискиот фонд, во проспектот се дава експлицитна изјава за карактеристиките на тие средства (имот).

Волатилноста на нето вредноста на имотот на инвестицискиот фонд се пресметува со употреба на стандардната девијација, при што добиените податоци се наведуваат во проспектот. Доколку, покрај стандардната девијација се употребуваат и други индикатори за мерење на волатилноста, потребно е да се наведе кој индикатор е користен и кои параметри и критериуми се земени предвид при неговата пресметка.

9. ПОЧЕТОК НА РАБОТЕЊЕТО НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД

- минималниот износ на парични средства кои треба да се приберат за организирање на инвестицискиот фонд;
- рокот за прибирање на тој износ;
- активностите што ќе се преземат доколку не се обезбеди тој износ,

10. НАЧИНОТ И ВРЕМЕТО НА ПРЕСМЕТКА НА НЕТО ВРЕДНОСТА НА ИМОТОТ НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД

11. ВРЕМЕТО, НАЧИНОТ И ЗАЧЕСТЕНОСТА НА ПРЕСМЕТКА НА ЦЕНИТЕ ЗА ПРОДАЖБА НА НОВИТЕ УДЕЛИ ИЛИ ОТКУП НА ПОСТОЈНИТЕ, КАКО И НАЧИНОТ НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ТИЕ ЦЕНИ

12. ПРАВА ОД УДЕЛИ ВО ОТВОРЕНИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД

13. ПОСТАПКА И УСЛОВИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА УДЕЛИ

14. ПОСТАПКА И УСЛОВИТЕ ЗА ОТКУП НА УДЕЛИ

15. ПОСТАПКА И МЕСТО НА ИСПЛАТА НА УДЕЛИТЕ ПРИ НИВНИОТ ОТКУП

16. ОКОЛНОСТИТЕ ПОД КОИ МОЖЕ ДА ДОЈДЕ ДО ПРЕКИН НА ИЗДАВАЊЕ И ОТКУП НА УДЕЛИ

17. НАЧИН НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ТРОШОЦИТЕ ЗА ДРУШТВОТО, ДЕПОЗИТАРНАТА БАНКА ИЛИ ТРЕТИ ЛИЦА НА ТОВАР НА ИМОТОТ НА ФОНДОТ И ИНВЕСТИТОРОТ

- Трошоци на товар на имотот на фондот;
- Трошоци на товар на инвеститорот.

Трошоците треба да бидат дефинирани на јасен и концизен начин со употреба на проценти, а кога е потребно треба да биде даден и илустративен пример со бројки за тоа колкави ќе бидат трошоците за определено вложување во инвестицискиот фонд. Особено, потребно е да се даде опис на износот за плаќање на дозволените надоместоци и трошоци за издавање (влезен надоместок) и откуп (излезен надоместок) на удели. Исто така, потребно е да се даде опис на влијанието кое го имаат годишниот надомест и трошоците за управување и работа кои се на товар на инвестицискиот фонд врз идните приходи на вложувачите.

18. ПОЛИТИКА НА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДОБИВКАТА НА ФОНДОТ И УЧЕСТВО ВО ДОБИВКАТА НА ФОНДОТ

- политика на распоредување на добивката на фондот;
- податоци за начинот на пресметка на учеството во добивката;
- податоци за начинот на исплата на учеството во добивката.

19. НАЧИН И ПОСТАПКА НА ИНФОРМИРАЊЕ НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА УДЕЛИ

- опис на обврските на друштвото за објавување и известување на сопствениците на удели;
- начин и постапка на информирање на сопствениците на удели;
- начин и рок во кој сопствениците на удели ќе бидат известени од страна на друштвото за донесувањето на одлука за измена на статутот и одлука за измена на проспектот на фондот.

20. ДАНОЧНИ ПРАВА И ОБВРСКИ НА ИНВЕСТИТОРИТЕ И ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД

Се наведуваат основни податоци за даночните прописи кои се применуваат на инвестицискиот фонд ако се од значење за сопствениците на удели.

21. МЕСТОТО ЗА МОЖЕН УВИД ВО ОПШТИТЕ АКТИ НА ФОНДОТ И КАДЕ МОЖЕ ДА СЕ ДОБИЕ БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК НА ПРОСПЕКТОТ, СТАТУТОТ НА ФОНДОТ, ГОДИШНИТЕ И ПОЛУГОДИШНИТЕ ИЗВЕШТАИ НА ФОНДОТ

22. ЛИСТА НА ЛИЦАТА СО КОИ ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ ИМА СКЛУЧЕНО ДОГОВОР ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ АКТИВНОСТИ

- фирма и седиште;
- типот на активност кое третото лице е овластено да ја врши.

23. ЛИЦА ЗА КОНТАКТ ВО ДРУШТВОТО

Се наведуваат податоци за лицата кај кои потенцијалните вложувачи може да добијат дополнителни и подетални информации во врска со уделите на инвестицискиот фонд и тоа следните:

- име и презиме;
- функцијата што ја врши;
- телефонски броеви.

24. ДАТУМ НА ИЗДАВАЊЕ НА ПРОСПЕКТОТ.

---

**3343.**

Врз основа на член 190 став 1 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007 и 07/2008), а во врска со член 60 став 6 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на РМ“ број 12/2009), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 22.12.2009 година донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ОТВОРЕН ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД

### Општи одредби

Член 1

Со Правилникот за формата и содржината на барањето за добивање одобрение за организирање на отворен инвестициски фонд (во натамошниот текст: Правилник) се уредуваат формата и содржината на барањето за добивање одобрение за организирање на отворен инвестициски фонд.

### Барање за добивање одобрение за организирање на отворен инвестициски фонд

Член 2

(1) Барањето за добивање одобрение за организирање на отворен инвестициски фонд (во понатамошниот текст: Барање) до Комисијата за хартии од вредност (во понатамошниот текст: Комисија) го поднесува друштвото за управување со инвестициски фондови.

### Форма и содржина на Барањето

Член 3

(1) Барањето ги содржи следните податоци:

- основни податоци за друштвото за управување со инвестициски фондови;
- основни податоци за отворениот инвестициски фонд;
- основни податоци за депозитарната банка и
- основни податоци за друштвото за ревизија или овластениот ревизор – трговец поединец.

(2) Барањето се поднесува до Комисијата исклучиво на пропишаниот образец, пополнет електронски, уредно, читливо и без корекции, со сите пропишани прилози. Образецот за барањето треба да биде целосно пополнет.

(3) Формата и содржината на Барањето е пропишана со Прилогот 1 (Образец: Б-ОООИФ) кој е сопствен дел на овој правилник.

(4) Барањето го потпишува лицето кое го застапува друштвото за управување со инвестициски фондови.

### Документација која се поднесува кон Барањето

Член 4

(1) Кон Барањето, друштвото за управување со инвестициски фондови ја поднесува документацијата пропишана со член 60 од Законот за инвестициски фондови и документацијата пропишана со овој правилник.

(2) Кон Барањето се поднесува следната документација:

1. Полномошно односно полномошно заверено кај нотар за застапување на друштвото за управување со инвестициски фондови доколку во постапката пред Комисијата, друштвото не е претставувано од застапникот по закон;
2. Извод од регистрацијата на друштвото за управување со инвестициски фондови од регистарот кој ја одразува последната фактичка состојба (потврда за правното лице – тековна состојба) не постар од седум дена од денот на поднесување на барањето;
3. Решение за упис во трговскиот регистар на основањето на друштвото за управување со инвестициски фондови и на сите промени на податоците кои се запишуваат во трговскиот регистар;
4. Акционерска книга на друштвото за управување со инвестициски фондови;
5. Статут на отворениот инвестициски фонд;
6. Проспект на отворениот инвестициски фонд;
7. Договор на друштвото за управување со инвестициски фондови со депозитарната банка;

8. Примерок од образецот за барањето за купување на удели;

9. Примерок од образецот за барањето за откуп на удели;

10. Примерок од потврдата за продажба на удели;

11. Примерок од потврдата за откуп на удели;

12. Договор за вршење ревизија на отворениот инвестициски фонд склучен помеѓу друштвото за управување со инвестициски фондови и друштвото за ревизија или овластениот ревизор – трговец поединец;

13. Изјава заверена кај нотар од лицата овластени да го застапуваат друштвото за управување со инвестициски фондови дека друштвото ги исполнува сите потребни услови пропишани со Законот за инвестициски фондови и подзаконските акти кои произлегуваат од него за да може да врши работи на основање и управување со инвестициски фондови;

14. Изјава од лицата овластени да го застапуваат друштвото за управување со инвестициски фондови дека ги има поднесено сите финансиски извештаи во согласност со одредбите на Законот и подзаконските акти донесени врз основа на Закон;

15. Доказ за платен надомест на Комисијата за добивање одобрение за организирање на отворен инвестициски фонд.

(3) При организирање на отворен инвестициски фонд, заедно со Барањето, друштвото за управување со инвестициски фондови до Комисијата ги поднесува и барањето за добивање одобрение на статутот на отворениот инвестициски фонд врз основа на член 52 од Законот за инвестициски фондови, барањето за добивање одобрение на проспектот на отворениот инвестициски фонд врз основа на член 54 од Законот за инвестициски фондови и барањето за добивање одобрение на изборот на депозитарната банка врз основа на член 39 од Законот за инвестициски фондови, заедно со документацијата која се поднесува кон истите.

(4) За одлучување по поднесеното барање, Комисијата може да побара прецизирање на веќе доставената документација, доставување на дополнителна документација, а може да ја користи и документацијата со која располага во својата архива.

**Постапување по барањето**

Член 5

(1) Комисијата во рок од 60 дена од денот на поднесување на барањето донесува решение по барањето за давање одобрение за организирање на отворен инвестициски фонд.

(2) Комисијата пристапува кон мериторно одлучување по Барањето, откако подносителот до Комисијата ќе поднесе комплетно барање заедно со документацијата која се поднесува кон истото пропишана со Законот за инвестициски фондови и правилниците кои произлегуваат од него.

(3) Во случај на поднесување на непотполно, неуредно или барање со формално правни недостатоци, Комисијата ќе му одреди на подносителот рок во кој е потребно да ја дополни документацијата, при што ќе го предупреди за последиците за непостапувањето. Доколку подносителот не ја дополни документацијата и не ги отстрани недостатоците на Барањето во рокот, ќе се смета дека подносителот се откажал од Барањето, а Комисијата ќе донесе заклучок со кој ќе ја запре постапката поведена по истото.

**Завршни одредби**

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Број 01-2690/3 Комисија за хартии од вредност
22 декември 2009 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева Кавракова**, с.р.

ПРИЛОГ 1: Образец: Б – ОООИФ

**БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ОТВОРЕН ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД**

НАПОМЕНА: Барањето се пополнува исклучиво на сметачка машина и се испишува со печатни кирилични букви, уредно и читливо, без какви било корекции на истото. Друштвото за управување со инвестициски фондови е должно да ги обезбеди сите податоци што се пропишани со овој образец односно овој образец треба да е пополнет во целост. Во спротивно барањето нема да се разгледува.

Врз основа на член 60 став 2 од Законот за инвестициски фондови, Друштвото за управување со инвестициски фондови ________________________________ (назив на друштвото) поднесува Барање за добивање одобрение за организирање на отворен инвестициски фонд ________________________________ (назив на отворениот инвестициски фонд).

**1. Основни податоци за друштвото за управување со инвестициски фондови;**

1.1. фирма и седиште ;

1.2. датум на основање;

1.3. број и датум на издаденото решение од Комисијата за одобрување на барањето за работење на друштвото за управување со инвестициски фондови;

1.4. број на решението за упис во трговскиот регистар на основањето и на сите промени на податоците кои се запишуваат во трговскиот регистар;

1.5. висина на основната главнина;

1.6. податоци за акционерите со квалификувано учество

- име и презиме односно фирма и седиште на акционерите;
- број на акции;
- учество во вкупниот број на акции со право на глас во Друштвото (во %).

1.7. име и презиме на членовите на одборот на директори, односо управниот и надзорниот одбор на друштвото;

1.8. име и презиме на лицата овластени за застапување на друштвото за управување со инвестициски фондови.

**2. Основни податоци за отворениот инвестициски фонд;**

2.1. назив на фондот;

2.2. вид на фондот;

2.3. краток опис на инвестициските цели и инвестициската политика;

2.4. мотиви за вложување во фондот и тип на вложувачи за кои ќе биде наменет фондот.

**3. Основни податоци за депозитарната банка**

3.1. фирма и седиште на депозитарната банка;

3.2. предмет на работење;

3.3. согласности и дозволи врз основа на кои работи;

3.4. име и презиме на лицата овластени да ја застапуваат депозитарната банка.

**4. Основни податоци за друштвото за ревизија или овластениот ревизор – трговец поединец.**

4.1. име односно фирма и седиште на овластениот ревизор – трговец поединец односно друштвото за ревизија;

СПИСОК НА ПОДНЕСЕНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1.______________________________________________

2.______________________________________________

3.______________________________________________

| Датум на поднесување (ден, месец и година) | Потпис и печат на друштвото за управување со инвестициски фондови |
|---|---|
| ______________ | ______________ |

______________

(назив на друштвото, име и презиме, функцијата што ја врши и потпис на лицето/а одговорно да го застапува друштвото)

__________

## УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3344.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија' бр.70/1992) на седницата одржана на 9 декември 2009 година, донесе

### О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА член 67 став 2 во делот: „освен ако изречената глоба со одлуката и трошоците на постапката вкупно не надминуваат за физичко лице 100 евра во денарска противвредност, за одговорно лице во правно лице, службено лице или за трговец поединец 500 евра во денарска противвредност и за правно лице 1000 евра во денарска противвредност“ и став 3 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2006).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето „Службен весник на Република Македонија“.

3. Уставниот суд на Република Македонија по повод поднесена иницијатива на Стамен Филипов од Скопје, со Решение У.бр.21/2009 од 23 септември 2009 година, поведе постапка за оценување на уставноста на одредбите од Законот означен во точката 1 од оваа одлука затоа што се постави прашањето за нивната согласност со Уставот.

4. Судот на седницата утврди дека со членот 67 став 1 од Законот е предвидено дека против одлуката за прекршок што ја донел прекршочниот орган може да се поднесе тужба за поведување управен спор. Тужба може да поднесе лицето (физичко или правно) на кого му била изречена санкцијата, неговиот законски застапник, односно бранителот, оштетениот и неговиот застапник и сопственикот на одземените предмети во прекршочна постапка.

Според ставот 2 од овој член од Законот, тужбата од ставот 1 на овој член го одлага извршувањето на одлуката за плаќање на глобата, освен ако изречената глоба со одлуката и трошоците на постапката вкупно не надминуваат за физичко лице 100 евра во денарска противвредност, за одговорно лице во правно лице, службено лице или за трговец поединец 500 евра во денарска противвредност и за правно лице 1000 евра во денарска противвредност.

Според ставот 3 од овој член од Законот, на предлог на тужителот поднесен заедно со тужбата судот кој е надлежен да одлучува за управен спор со посебно решение ќе го задржи извршувањето на одлуката од ставот 2 на овој член до нејзината правосилност, ако подносителот на тужбата докаже дека поради извршувањето ќе настане ненадоместлива штета.

Според ставот 4 од овој член од Законот, Судот надлежен да одлучува за управен спор постапката на судска заштита ја води според Законот за управните спорови.

5. Според членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, владеењето на правото е темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија.

Согласно членот 9 од Уставот, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Според членот 13 став 1 и Амандманот XX од Уставот, лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука.

За прекршоци определени со закон, санкција може да изрече орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања.

Против конечна одлука за прекршок се гарантира судска заштита под услови и постапка уредени со закон.

Според членот 50 став 2 од Уставот, се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања.

Согласно членот 51 од Уставот, во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Законот за прекршоците во членот 1 определил дека со овој закон се определуваат општите услови за пропишување на прекршоците и прекршочните санкции, општите услови за утврдување на прекршочната одговорност, за изрекувањето и извршување на прекршочните санкции и се пропишува прекршочната постапка што ја водат судовите, односно врз основа на овој и друг закон органите на државната управа или организациите и другите органи што вршат јавни овластувања надлежни за изрекување на прекршочни санкции (во натамошниот текст: прекршочни органи).

Со одредбите од Законот, меѓу другото е уредено дека: прекршокот е противправно дело кое со закон е определено како прекршок, чии обележја се определени со закон и за кое е пропишана прекршочна санкција (член 5); глобата се пропишува и изрекува како главна санкција (член 15 став 1); и во одлуката за прекршокот се определува рокот за плаќање на глобата кој не може да биде пократок од осум дена ниту подолг од 30 дена од денот на правосилноста на одлуката (член 16 став 1).

Во третиот дел од Законот со одредбите од членовите 53-156 е уредена „прекршочната постапка“. Според Законот, прекршочна постапка може да води и прекршочна санкција може да изрече само надлежен суд, а за одделни прекршоци определени со закон и орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања на надзор над спроведување на законите со кои се пропишани прекршоците (член 53 ставови 1 и 2); за прекршок и за изрекување на прекршочна санкција одлучуваат судот, односно прекршочниот орган со одлука, против која се дозволени правни средства утврдени со овој закон (член 57); а во делот на одредбите кои се однесуваат за прекршочната постапка пред прекршочен орган, со член 66 е определено дека прекршочниот орган при водење на прекршочната постапка соодветно ги применува одредбите на Законот за општата управна постапка, освен ако со овој закон и со законот со кој е пропишан прекршокот поинаку не е определено.

Судот утврди дека со Законот за прекршоците не е предвидено право на жалба против одлуката на прекршочниот орган но е обезбедена судска заштита со правото на поведување на управен спор. Со членот 67 став 1 од Законот е уредено дека против одлуката за прекршок што ја донел прекршочниот орган може да се поднесе тужба за поведување управен спор од лицето (физичко или правно) на кого му била изречена санкцијата, неговиот законски застапник, односно бранителот, оштетениот и неговиот застапник и сопственикот на

одземените предмети во прекршочна постапка. Во ставот 2 од овој член од Законот, е уредено дека тужбата го одлага извршувањето на одлуката за плаќање на глобата, освен ако изречената глоба со одлуката и трошоците на постапката не надминуваат определени парични вредности, а се однесуваат на лицата кои се наведени во одредбата и за овој дел, каде тужбата не го одлага извршувањето, одредбата е оспорена со иницијативата. Во оспорениот став 3 од овој член од Законот, е уредено дека на предлог на тужителот поднесен заедно со тужбата судот кој е надлежен да одлучува за управен спор со посебно решение ќе го задржи извршувањето на одлуката од ставот 2 на овој член до нејзината правосилност, ако подносителот на тужбата докаже дека поради извршувањето ќе настане ненадоместлива штета.

Од анализата на оспорените одредби од Законот, произлегува дека законодавецот пропишал извршувањето на плаќањето на глобата да биде по правосилното окончување на управната постапка, како правило во постапката. Меѓутоа, во постапка со оспорените одредби странките се лишени од наведената законска гаранција за одлагање на извршување на одлуката на првостепениот управен орган до правосилноста, не заради процесни правила кои системски го условуваат правното дејство на актите, туку заради елемент кој не е во врска со тоа, односно се врши поделба на правото во зависност од висината на паричниот износ на глобата и тоа е од законодавецот прифатен критериум на кој наместо формален му се придава суштински карактер со цел различен правен третман на правата и обврските на странките во постапката, што според Судот нема уставен основ и не е во согласност со начелото на владеењето на правото утврдено во членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот и еднаквоста на граѓаните пред Уставот и законите, според членот 9 од Уставот, уставната гаранција за судска заштита против конечна одлука за прекршок утврдена во членот 13 и Амандманот XX на Уставот и уставната гаранција на судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа, утврдена во членот 50 став 2 од Уставот.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот д-р Трендафил Ивановски и судиите д-р Наташа Габер-Дамјановска, Исмаил Дарлишта, Лилјана Ингилизова-Ристова, Вера Маркова, Бранко Наумоски, Игор Спировски, д-р Гзиме Старова и д-р Зоран Сулејманов.

У.бр.21/2009
9 декември 2009 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
д-р **Трендафил Ивановски**, с.р.

**3345.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992) на седницата одржана на 16 декември 2009 година, донесе

**О Д Л У К А**

1. СЕ ПОНИШТУВА Одлуката за задржување на постоечките телефонски броеви и на мобилните апарати и за набавка на преносни компјутери (лап топ) за советниците и Градоначалникот на општина Македонски Брод, донесена од Советот на општина Македонски Брод под бр.07-88/4 од 30.01.2009 година.

2. СЕ СТАВА НАДВОР ОД СИЛА Решението за запирање на извршувањето на поединечните акти или дејствија што се донесени, односно преземени врз основа на Одлуката означена во точката 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

4. Уставниот суд на Република Македонија по повод иницијатива поднесено од Муса Џафери - Министер за локална самоуправа, со Решение У. бр. 151/2009 од 21 октомври 2009 година поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на одлуката означена во точката 1 на оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за нејзината согласност со Уставот, Законот за локалната самоуправа и Законот за дополнување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката.

5. Судот на седницата утврди дека во точка 1 од Одлуката се предвидува дека Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.01.2009 година донесе одлука за задржување на постоечките телефонски броеви и на мобилните апарати за советниците и Градоначалникот на општина Македонски Брод, после завршувањето на нивниот мандат.

а. Секој советник го задржува постоечкиот мобилен број заедно со телефонскиот апарат.

б. Градоначалникот на Општината го задржува постоечкиот мобилен број заедно со телефонскиот апарат. Службите на Општината да изработат поединечни одлуки за секој корисник со кои ќе биде овозможено префрлувањето во Т-мобиле.

Според точка 2 од Одлуката Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.01.2009 година донесе одлука за набавка на преносни компјутери (лап топ) за потребите на секој член на

советот и за Градоначалникот. Овие преносни компјутери по завршувањето на мандатите на советниците и на Градоначалникот преминуваат во нивна лична сопственост.

а. Конфигурација:

CPU: Intel Pentium Core 2 Duo min. 1,86 GHz

RAM: 3GB DDR2

HDD: 250 GB

Graphics: separate (Nvidia, ATI) 512 MB

Optical drive: DVD + - RW

Display: 15.4 WXGA

Options: Wlan Lan, Modem, Bluetooth, 1,3 (2) Mpix camera, Microphone.

Во точката 3 од Одлуката се предвидува дека оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во службен гласник на општина Македонски Брод.

6. Според Амандманот XVII точка 1 од Уставот со кој се заменува ставот 1 на членот 115 од Уставот на Република Македонија, во единиците на локалната самоуправа граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење, а особено во областите на јавните служби, урбанизмот и руралното планирање, заштитата на околината, локалниот економски развој, локалното финансирање, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и детската заштита, образованието, здравствената заштита и во други области утврдени со закон.

Согласно член 31 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), органи на општината се советот и градоначалникот.

Согласно член 45 од истиот закон, членовите на советот имаат право на надоместок за присуство на седници и надоместок на патните и дневните трошоци, во рамките утврдени со закон.

Со Законот за дополнување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на Република Македонија“ бр.121/2007) кој е влезен во сила на 13 октомври 2007 година, е додаден дел V-а со пет нови членови 29-а до 29-д.

Во делот V-а „Надоместоци на членовите на советите на општините и членовите на Советот на град Скопје“, со членот 29-а од Законот, е предвидено дека на членовите на советите на општините и на членовите на Советот на градот Скопје им припаѓа надоместок за присуство на седниците на советот и надоместок на патни и дневни трошоци, кои се обезбедуваат и исплаќаат од буџетот на општината и Буџетот на градот Скопје.

Според членот 29-б од Законот, месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се утврдува во процентуален износ од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година, но не повеќе од 70% (а со измените на Законот во 2008 година, процентот е 84%). Висината на месечниот надоместок за присуство на седниците се утврдува со одлуката за извршување на буџетот на општината и Буџетот на градот Скопје.

Според членот 29-в од Законот, на претседателите на советите за раководењето и организирањето на работата, надоместокот од членот 29-б се зголемува за 30%.

Од одредбата на членот 29-г од Законот, произлегува дека надоместокот се исплатува за присуство на седниците, а се намалува за 30% за секое отсуство од седница и не се исплатува за неприсуство на ниту една седница на советот.

Според членот 29-д од Законот, на членовите на советите на општините и на градот Скопје им се исплатуваат надоместоци за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација и во администрацијата на градот Скопје.

Со членот 2 од овој Закон е уредено дека постојните одлуки на општините и на градот Скопје со кои се определени надоместоците на членовите на советите на општините и на градот Скопје ќе се усогласат со одредбите на овој закон во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

По влегувањето во сила на наведениот закон во октомври 2007 година, Советот на општината Македонски Брод донел Одлука за задржување на постоечките телефонски броеви и на мобилните апарати и за набавка на преносни компјутери (лап топ) за советниците и Градоначалникот на општина Македоднски Брод бр.07-88/4 од 30.01.2009 година, со која се определува дека мобилните броеви заедно со телефонските апарати како и преносните компјутери (лап топи) по завршувањето на мандатите на советниците и на Градоначалникот преминуваат во нивна лична сопственост.

Со одредбите од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, ниту со Законот за локалната самоуправа не се утврдува право на членовите на советот на општината на посебен надоместок, имено не се предвидува задржување мобилните апарати и броеви како и задржување на преносните компјутери (лап топ) за советниците и Градоначалникот на општината.

Прашањето за надоместок со закон е утврдено како право на членовите на советот на единствен и лимитиран надоместок за присуство на седници, а не се предвидува посебни надоместоци за присуство и работа на овие седници или пак други права како што се содржани во оспорената одлука.

Со оглед на тоа, поради непостоење на законски основ за уредување на правото на посебниот надомест со Одлуката број 07-88/4 од 30.01.2009 година, донесена од Советот на општина Македонски Брод, Судот утврди дека нема законски основ за утврдување на право на членовите на советот на општината Македонски Брод, за добивање на движни ствари како компензација на надоместокот заснован на наведената Одлука од 2009 година. Имено, со оваа одлука се дава право на надоместок за советниците и Градоначалникот, а со тоа се располага со мобилни телефони и лап-топи на општината без правен основ за тоа, ниту законодавецот со закон го дозволил тоа право.

7. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова одлука.

8. Ова одлука Судот ја донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот д-р Трендафил Ивановски и судиите д-р Наташа Габер–Дамјановска, Исмаил Дарлишта, Лилјана Ингилизова Ристова, Вера Маркова, Бранко Наумоски, Игор Спировски, д-р Гзиме Старова и д-р Зоран Сулејманов.

У.бр.151/2009 Претседател
16 декември 2009 година на Уставниот суд на Република
Скопје Македонија,
д-р **Трендафил Ивановски**, с.р.

---

**3346.**

Врз основа на член 25 став 6 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), по моето гласање против Одлуката У.бр.151/2009 од 16 декември 2009 година, го издвојувам и писмено го образложувам следното

## ИЗДВОЕНО МИСЛЕЊЕ

Според моето мислење, укинатата одлука на Советот на општина Македонски Брод не претставува општ акт односно пропис, па поради тоа Уставниот суд не е надлежен да одлучува за нејзината уставност и законитост.

Содржината на укинатата одлука повеќе од експлицитно покажува дека се работи за акт за располагање со средства на општината во една конкретна ситуација, односно за конкретен акт од сферата на материјално-финансиското работење со којшто се врши отуѓување на специфицирана опрема што и припаѓа на општината на точно определени лица. Ваков акт, во ниту една позната теорија на правото, не може да се подведе под општ нормативен акт или пропис и, според мене, тоа не треба понатаму да се докажува. Во овој контекст, го респектирам обидот во Одлуката на Судот да се направи конструкција во која телефоните и лап-топите се третираат како "компензација за надоместок" за советниците, но не гледам на каков начин тоа би можело да биде релевантно, прво, за прифаќање дека одлуката е за нешто друго, а не за отуѓување на телефони и лап-топи како имот на општината и, второ, за квалификацијата на укинатата одлука на општината како општ нормативен акт и за прифаќање на надлежноста на Судот.

Како што сум истакнувал во други издвоени мислења, при утврдувањето на својата надлежност задача е на Судот да ги идентификува суштинските обележја на правните акти коишто, понекогаш и без потребната форма, потпаѓаат под контрола на уставноста ако воспоставуваат општи правила на однесување. Разликата во мислењата што тука сакам да ја истакнам е од принципиелна и суштинска природа и се однесува на стандардот за разликување на прашања со уставна важност, од прашања на дневна примена, правилна или неправилна, на прописите. Тој стандард, кога јасно се препознава, ја одредува и функционалната физиономија на Уставниот суд. Имено, укинатата одлука на општина Македонски Брод може да биде од интерес за органите што ја контролираат примената на прописите за материјално-финансиско работење, коишто се критериумот за нејзината евентуална незаконитост како конкретен акт за располагање со општинскиот имот. Јас не се согласувам со стандардот Уставниот суд да прифаќа надлежност за оценување на законитоста на еден акт за купување и подарување на мобилни телефони, лап-топи и слично, а да не прифаќа надлежност за акти на органи на Републиката со коишто, без оглед на формата, се нормира траењето на мандат на функционер што е утврден со Уставот (како што беше одлуката на Судскот совет за продолжување на мандатот на Претседателот на Советот) или се менуваат услови за избор на определени јавни функции, или да не се прифаќа надлежност за оценување на подзаконски прописи со меѓународни договори ратификувани со закон што се дел од внатрешниот правен поредок. Заштитата на уставноста во вакви суптилни, но уставно релевантни случаи, би бил навистина значаен потфат.

Длабоко убеден дека еден акт за отуѓување на општински телефони и лап-топи на определени лица без надомест, колку и да е незаконит, не може да се квалифицира како општ нормативен акт, сметам дека не постоеја основи Уставниот суд да ја прифати надлежноста во овој предмет.

18 декември 2009 година Судија
Скопје на Уставниот суд на
Република Македонија,
**Игор Спировски**, с.р.

---

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

**3347.**

Врз основа на член 152 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ" бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА СТАПУВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА ВОСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Стапува во примена востановениот катастар на недвижности за катастарската општина Синѓелиќ 1 - Општина Гази Баба.

Катастарот на недвижности ќе се применува од 15-тиот ден од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија".

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиште за КО Синѓелиќ 1, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-20115/1
23 декември 2009 година Директор,
Скопје **Љупчо Георгиевски,** с.р.

---

**3348.**

Врз основа на член 152, став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/2008), директорот на Агенција за катастар на недвижности донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА СТАПУВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА ВОСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Стапува во примена востановениот катастар на недвижности за катастарската општина Србиново – Општина Гостивар.

Катастарот на недвижности ќе се применува од 7-от ден од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, претстанува да се применува катастарот на земјиште за КО Србиново, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Сл. весник на РМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-20253/1
24 декември 2009 година Директор,
Скопје **Љупчо Георгиевски,** с.р.

---

**3349.**

Врз основа на член 152 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ" бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА СТАПУВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА ВОСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Стапува во примена востановениот катастар на недвижности за катастарската општина Сретково - Општина Маврово и Ростуша.

Катастарот на недвижности ќе се применува од 7-от ден од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија".

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиште за КО Сретково, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-20254/1
24 декември 2009 година Директор,
Скопје **Љупчо Георгиевски,** с.р.

---

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3350.**

Врз основа на член 24 став 1 и 3 и член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на РМ “ бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/05 и 129/06), член 36 став 3 и член 45 став 1 од Законот за девизно работење („Службен весник на РМ“ бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03 и 81/08), Советот на Народната банка на Република Македонија, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА МЕНУВАЧКИ РАБОТИ

I. Во Одлуката за менувачки работи („Службен весник на РМ“ бр. 31/09, 34/09 и 66/09), се вршат следниве изменувања и дополнувања:

1. Во глава II точка 3 став 1, по алинејата 8 се додава нова алинеја 9, којашто гласи:

„- да не е отворена стечајна постапка или да не е воведена ликвидациска постапка.”

2. Во глава II, точка 4, став 2, по алинејата 12 се додава нова алинеја 13, којашто гласи:

„- доказ од надлежен орган дека против правното лице не е отворена стечајна постапка или не е воведена ликвидациска постапка.”

3. Во глава II, точка 13, ставот 1 се менува и гласи:

„Овластениот менувач е должен да ја извести Народната банка и да и достави соодветна документација за секоја промена на условите од точката 3 и на податоците и документите од точката 4 на оваа одлука, вклучувајќи и престанок со вршење менувачки работи, најмалку 5 (пет) работни дена пред да настане промената.”

4. Во глава II, точка 13, по ставот 2 се додава нов став 3 којшто гласи:

„По добивањето на дозволата за вршење менувачки работи, овластениот менувач е должен до Народната банка, најдоцна до 31 јануари секоја втора година, да доставува нов доказ издаден од надлежен орган дека против одговорното лице на правното лице и овластените лица не е изречена прекршочна санкција, односно казна забрана за вршење професија, дејност или должност. Доказот не смее да биде постар од 6 (шест) месеци на денот на неговото доставување”.

5. Во глава III, точка 17, став 1, алинејата 5 се брише, а алинеите: 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22 и 23 стануваат алинеи: 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21 и 22.

6. Во глава III, точка 17, став 1, во алинејата 6, којашто станува алинеја 5, по зборот „чекови” се додаваат зборовите: „во согласност со закон”.

7. Во глава III, точка 17, став 1, алинејата 21, којашто станува алинеја 20, се менува и гласи:

„- на видно место во просторијата за вршење менувачки работи да има истакнато работно време на менувачницата, вклучувајќи го и времето предвидено за пауза и да се придржува на истакнатото работно време.”

8. Во глава V се додава нова точка 29 којашто гласи:

„Овластените менувачи коишто до денот на влегување во сила на оваа одлука имаат добиено дозвола за вршење менувачки работи, освен овластените банки, се должни до Народната банка, најдоцна до 31.12.2010 година, да достават нов доказ издаден од надлежен орган дека против одговорното лице во правното лице и овластените лица не е изречена прекршочна санкција, односно казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

По 31.12.2010 година, овластените менувачи од став 1 на оваа точка се должни до Народната банка, најдоцна до 31 јануари секоја втора година, да доставуваат нов доказ издаден од надлежен орган дека против одговорното лице во правното лице и овластените лица не е изречена прекршочна санкција, односно казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

Доказот од став 1 и 2 на оваа точка не смее да биде постар од 6 (шест) месеци на денот на неговото доставување”.

II. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

О.бр.02-15/XII-1/2009
24 декември 2009 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народната банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Петар Гошев**, с.р.

---

**3351.**

Врз основа на член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 03/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/05 и 129/06) и член 23 став 2 од Законот за девизното работење („Службен весник на РМ“ бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03 и 81/08) Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ПОД КОИ РЕЗИДЕНТИТЕ КОИ НЕ СЕ ОВЛАСТЕНИ БАНКИ, МОЖАТ ДА ОТВОРААТ И ДА ИМААТ СМЕТКИ ВО СТРАНСТВО

I. Во Одлуката за начинот и условите под кои резидентите кои не се овластени банки, можат да отвораат и да имаат сметки во странство („Службен весник на РМ“ бр. 91/07 и 163/08) се вршат следниве изменувања и дополнувања:

1. Во глава I точка 1 по ставот 2 се додава нов став 3, којшто гласи:

„Странска банка е правно лице регистрирано и со седиште надвор од Република Македонија кое од надлежен орган на земјата добило овластување за вршење на банкарски активности."

2. Во глава II точка 3 став 2, по алинејата 6 се додава нова алинеја 7, којашто гласи:

„- за наплата на побарувањата врз основа на закуп на недвижен имот во странство, во случај кога регулативата на земјата во која се наоѓа имотот го обврзува резидентот да отвори сметка кај странска банка."

3. Во глава II точка 5 став 1, по потточката ѓ) се додава нова потточка е), којашто гласи:

„за наплата на побарувањата врз основа на закуп на недвижен имот во странство, во случај кога регулативата на земјата во која се наоѓа имотот го обврзува резидентот да отвори сметка кај странска банка и тој да е стекнат на начин којшто не е во спротивност со прописите во Република Македонија, до висината на износот на закупнината утврдена со договорот за закуп."

4. Во глава III точка 8, по потточката ѓ), се додава нова потточка е), којашто гласи:

„ за издавање одобрение за отворање сметка кај странска банка заради наплата на побарување врз основа на закуп на недвижен имот:

- доказ дека друштвото е запишано во трговскиот регистар и регистарот на други правни лица. Изводот од трговскиот регистар треба да биде издаден од надлежен орган и да не е постар од 1 (една) година. Доколку се работи за резидент - физичко лице, се доставува документ за идентификација;

- доказ за сопственост на недвижниот имот во странство;

- доказ дека недвижниот имот стекнат во странство е пријавен во Централниот регистар;

- договор за закуп на недвижниот имот заверен од овластено лице (нотар). Доколку законодавството на земјата каде што се склучува договорот за закуп поинаку ја регулира заверката на договорот за закуп, потребно е да се приложи соодветен документ или правно мислење од адвокат, со што ќе може да се потврди разликата во регулативата;

- соодветен доказ дека регулативата на земјата во која се наоѓа недвижниот имот го обврзува резидентот да отвори сметка кај странска банка, за наплата на побарувањата врз основа на закуп на недвижен имот во таа земја."

II. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

О.бр.02-15/XII-2/2009 Претседател
24 декември 2009 година на Советот на Народната банка
Скопје на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Петар Гошев**, с.р.

---

**3352.**

Врз основа на член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/05 и 129/06) и член 2 став 1 точка 29 и член 64 став 3 од Законот за банките („Службен весник на РМ" бр. 67/07 и 90/09), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА АДЕКВАТНОСТА НА КАПИТАЛОТ

I. Во Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот („Службен весник на РМ" бр. 159/07, 32/08, 31/09 и 96/09), се вршат следниве измени и дополнувања:

1. Во глава XIII точка 130, се додава нов став 4 којшто гласи:

„За договорите за хибридни капитални инструменти и субординирани инструменти склучени до денот на стапувањето во сила на оваа одлука, ќе се применуваат прописите коишто важеле на денот на нивното склучување. Во случај на продолжување на рокот на договорите за хибридни капитални инструменти и субординирани инструменти склучени до денот на стапувањето во сила на оваа одлука, банката е должна да го усогласи договорот со одредбите од оваа одлука."

II. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

О.бр.02-15/XII-3/2009 Претседател
24 декември 2009 година на Советот на Народната банка
Скопје на Република Македонија,
Гувернер,
м-р **Петар Гошев**, с.р.

**3353.**

Врз основа на член 7 став 4 и член 8 став 1 од Законот за пригодни ковани пари („Службен весник на РМ“ бр. 11/95 и 74/04) и член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на РМ” бр.3/02, 51/03, 85/03 и 40/04), Советот на Народната банка на Република Македонија, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОДАЖНАТА ЦЕНА НА ПРИГОДНИТЕ КОВАНИ ПАРИ И НАЧИН НА НИВНА ПРОДАЖБА

1. Со оваа одлука се утврдува продажната цена и начинот на продажба на пригодните ковани пари со кои располага Народната банка на Република Македонија (во натамошниот текст: Народната банка).

2. Продажните цени по кои Народната банка ги продава пригодните ковани пари се следниве:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Назив:** | **„Златен денар“** |
| | Тираж: | 1100 |
| | Исковано: | 1996 |
| | Материјал: | Злато |
| | Финост: | 916 ‰ - 22 карати |
| | Пречник: | 28,4 милиметри |
| | Тежина: | 16 грама |
| | Амбалажа: | Соодветна кутија |
| | Цена без ДДВ: | 27.110,00 денари |
| | ДДВ: | 4.880,00 денари |
| | **Продажна цена:** | **31.990,00 денари** |
| 2. | **Назив:** | **„30 години од автокефалноста на Македонската православна црква“** |
| | Тираж: | 5000 |
| | Исковано: | 1997 година |
| | Материјал: | Злато |
| | Финост: | 916% - 22 карати |
| | Пречник: | 25,3 милиметри |
| | Тежина: | 8 грама |
| | Амбалажа: | Соодветна кутија |
| | Цена без ДДВ: | 14.364,00 денари |
| | ДДВ: | 2.586,00 денари |
| | **Продажна цена:** | **16.950,00 денари** |
| 3. | **Назив:** | **„50 години од егзодусот на децата-бегалци од егејскиот дел на Македонија“** |
| | Тираж: | 1500 |
| | Исковано: | 1998 година |
| | Материјал: | Злато |
| | Финост: | 916 ‰ - 22 карати |
| | Пречник: | 23,8 милиметри |
| | Тежина: | 7 грама |

| | | |
|---|---|---|
| | Амбалажа: | Соодветна кутија |
| | Цена без ДДВ: | 12.271,00 денари |
| | ДДВ: | 2.209,00 денари |
| | **Продажна цена:** | **14.480,00 денари** |
| **4.** | **Назив:** | **„50 години од Универзитетот „Свети Кирил и Методиј““** |
| | Тираж: | 1000 |
| | Исковано: | 1999 година |
| | Материјал: | Злато |
| | Финост: | 916 ‰ - 22 карати |
| | Пречник: | 23,0 милиметри |
| | Тежина: | 7 грама |
| | Амбалажа: | Соодветна кутија |
| | Цена без ДДВ: | 12.381,00 денари |
| | ДДВ: | 2.229,00 денари |
| | **Продажна цена:** | **14.610,00 денари** |
| 5. | **Назив:** | **„50 години од Економскиот факултет Скопје“** |
| | Тираж: | 1000 |
| | Исковано: | 2000 година |
| | Материјал: | Злато |
| | Финост: | 916% - 22 карати |
| | Пречник: | 23,0 милиметри |
| | Тежина: | 7 грама |
| | Амбалажа: | Соодветна кутија |
| | Цена без ДДВ: | 12.181,70 денари |
| | ДДВ: | 2.193,30 денари |
| | **Продажна цена:** | **14.375,00 денари** |
| 6. | **Назив:** | **„2000 години од христијанството“** |
| | Тираж: | 1000 |
| | Исковано: | 2000 година |
| | Материјал: | Злато |
| | Финост: | 916 ‰ - 22 карати |
| | Пречник: | 23,8 милиметри |
| | Тежина: | 8 грама |
| | Амбалажа: | Соодветна кутија |
| | Цена без ДДВ: | 14.491,50 денари |
| | ДДВ: | 2.608,50 денари |
| | **Продажна цена:** | **17.100,00 денари** |
| 7. | **Назив:** | **„10 години од осамостојувањето на Република Македонија“** |
| | Тираж: | 1000 |
| | Исковано: | 2001 година |
| | Материјал: | Злато |
| | Финост: | 916 ‰ - 22 карати |
| | Пречник: | 27 милиметри |
| | Тежина: | 10 грама |
| | Амбалажа: | Соодветна кутија |
| | Цена без ДДВ: | 17.186,40 денари |
| | ДДВ: | 3.093,60 денари |
| | **Продажна цена:** | **20.280,00 денари** |
| 8. | **Назив:** | **„100 години од Илинденското востание“** |
| | Тираж: | 600 |
| | Исковано: | 2003 година |
| | Материјал: | Злато |
| | Финост: | 916 ‰ - 22 карати |
| | Пречник: | 32 милиметри |
| | Тежина: | 18 грама |
| | Амбалажа: | Соодветна кутија |

| | | |
|---|---|---|
| | Цена без ДДВ: | 28.797,00 денари |
| | ДДВ: | 5.183,00 денари |
| | **Продажна цена:** | **33.980,00 денари** |
| 9. | **Назив:** | **„Златник со ликот на Никола Карев“** |
| | Тираж: | 500 |
| | Исковано: | 2003 година |
| | Материјал: | Злато |
| | Финост: | 916 ‰ - 22 карати |
| | Пречник: | 23,8 милиметри |
| | Тежина: | 6 грама |
| | Амбалажа: | Соодветна кутија |
| | Цена без ДДВ: | 11.381,50 денари |
| | ДДВ: | 2.048,50 денари |
| | **Продажна цена:** | **13.430,00 денари** |
| 10. | **Назив:** | **„Златник со ликот на Гоце Делчев“** |
| | Тираж: | 500 |
| | Исковано: | 2003 година |
| | Материјал: | Злато |
| | Финост: | 916 ‰ - 22 карати |
| | Пречник: | 23,8 милиметри |
| | Тежина: | 6 грама |
| | Амбалажа: | Соодветна кутија |
| | Цена без ДДВ: | 11.381,50 денари |
| | ДДВ: | 2.048,50 денари |
| | **Продажна цена:** | **13.430,00 денари** |
| 11. | **Назив:** | **„Златник со ликот на Питу Гули“** |
| | Тираж: | 500 |
| | Исковано: | 2003 година |
| | Материјал: | Злато |
| | Финост: | 916 ‰ - 22 карати |
| | Пречник: | 23,8 милиметри |
| | Тежина: | 6 грама |
| | Амбалажа: | Соодветна кутија |
| | Цена без ДДВ: | 11.381,50 денари |
| | ДДВ: | 2.048,50 денари |
| | **Продажна цена:** | **13.430,00 денари** |
| 12. | **Назив:** | **„Златник со ликот на Даме Груев“** |
| | Тираж: | 500 |
| | Исковано: | 2003 година |
| | Материјал: | Злато |
| | Финост: | 916 ‰ - 22 карати |
| | Пречник: | 23,8 милиметри |
| | Тежина: | 6 грама |
| | Амбалажа: | Соодветна кутија |
| | Цена без ДДВ: | 11.381,50 денари |
| | ДДВ: | 2.048,50 денари |
| | **Продажна цена:** | **13.430,00 денари** |
| 13. | **Назив:** | **„Златник со ликот на Јане Сандански“** |
| | Тираж: | 500 |
| | Исковано: | 2003 година |
| | Материјал: | Злато |
| | Финост: | 916 ‰ - 22 карати |
| | Пречник: | 23,8 милиметри |
| | Тежина: | 6 грама |
| | Амбалажа: | Соодветна кутија |

| | | |
|---|---|---|
| | Цена без ДДВ: | 11.381,50 денари |
| | ДДВ: | 2.048,50 денари |
| | **Продажна цена:** | **13.430,00 денари** |
| 14. | **Назив:** | **„Златник со ликот на Крсте П. Мисирков“** |
| | Тираж: | 300 |
| | Исковано: | 2003 година |
| | Материјал: | Злато |
| | Финост: | 916 ‰ - 22 карати |
| | Пречник: | 23,8 милиметри |
| | Тежина: | 6 грама |
| | Амбалажа: | Соодветна кутија |
| | Цена без ДДВ: | 11.381,50 денари |
| | ДДВ: | 2.048,50 денари |
| | **Продажна цена:** | **13.430,00 денари** |
| 15. | **Назив:** | **„Златник со ликот на Ѓорче Петров“** |
| | Тираж: | 300 |
| | Исковано: | 2003 година |
| | Материјал: | Злато |
| | Финост: | 916 ‰ - 22 карати |
| | Пречник: | 23,8 милиметри |
| | Тежина: | 6 грама |
| | Амбалажа: | Соодветна кутија |
| | Цена без ДДВ: | 11.381,50 денари |
| | ДДВ: | 2.048,50 денари |
| | **Продажна цена:** | **13.430,00 денари** |
| 16. | **Назив:** | **„Златник со ликот на Методија А. Ченто“** |
| | Тираж: | 240 |
| | Исковано: | 2003 година |
| | Материјал: | Злато |
| | Финост: | 916 ‰ - 22 карати |
| | Пречник: | 23,8 милиметри |
| | Тежина: | 6 грама |
| | Амбалажа: | Соодветна кутија |
| | Цена без ДДВ: | 11.381,50 денари |
| | ДДВ: | 2.048,50 денари |
| | **Продажна цена:** | **13.430,00 денари** |
| 17. | **Назив:** | **„Златник со ликот на Михаил Апостолски“** |
| | Тираж: | 240 |
| | Исковано: | 2003 година |
| | Материјал: | Злато |
| | Финост: | 916 ‰ - 22 карати |
| | Пречник: | 23,8 милиметри |
| | Тежина: | 6 грама |
| | Амбалажа: | Соодветна кутија |
| | Цена без ДДВ: | 11.381,50 денари |
| | ДДВ: | 2.048,50 денари |
| | **Продажна цена:** | **13.430,00 денари** |
| 18. | **Назив:** | **„Златник со ликот на Блаже Конески“** |
| | Тираж: | 238 |
| | Исковано: | 2003 година |
| | Материјал: | Злато |
| | Финост: | 916 ‰ - 22 карати |
| | Пречник: | 23,8 милиметри |
| | Тежина: | 6 грама |
| | Амбалажа: | Соодветна кутија |

Цена без ДДВ: 11.381,50 денари
ДДВ: 2.048,50 денари
**Продажна цена: 13.430,00 денари**

19. **Назив: „60 години од АСНОМ“**
Тираж: 500
Исковано: 2004 година
Материјал: Злато
Финост: 916 ‰ - 22 карати
Пречник: 23,8 милиметри
Тежина: 8 грама
Амбалажа: Соодветна кутија
Цена без ДДВ: 15.627,00 денари
ДДВ: 2.813,00 денари
**Продажна цена: 18.440,00 денари**

3. Продажните цени по кои Народната банка ги продава комплетите од пригодните ковани пари се следниве:

1. **Назив: Комплет „2000 години од христијанството“**

| Пригодни ковани пари: | Материјал | Финост | Пречник | Тежина |
|---|---|---|---|---|
| 1. „2000 години од христијанството“ | Злато | 916 ‰ | 23,8 мм | 8 г |
| 2. „2000 години од христијанството“ | Сребро | 925 ‰ | 23,8 мм | 7 г |

Амбалажа: Соодветна кутија
Цена без ДДВ: 15.368,00 денари
ДДВ: 2.766,00 денари
**Продажна цена: 18.134,00 денари**

2. **Назив: Комплет со банкноти „2000 години од христијанството“**

| Пригодни ковани пари: | Материјал | Финост | Пречник | Тежина |
|---|---|---|---|---|
| 1. „2000 години од христијанството“ | Злато | 916 ‰ | 23,8 мм | 8 г |
| 2. „2000 години од христијанството“ | Сребро | 925 ‰ | 23,8 мм | 7 г |
| 3. Банкнота од 100 денари | | | | |

Амбалажа: Соодветна кутија
Цена без ДДВ: 16.045,00 денари
ДДВ: 2.890,00 денари
**Продажна цена: 18.935,00 денари**

3. **Назив: Комплет бр. 1 „100 години од Илинденското востание“**

| Пригодни ковани пари: | Материјал | Финост | Пречник | Тежина |
|---|---|---|---|---|
| 1. „100 години од Илинденското востание“ | Злато | 916 ‰ | 32,0 мм | 18 г |
| 2. „100 години од Илинденското востание“ | Сребро | 925 ‰ | 32,0 мм | 16 г |

Амбалажа: Соодветно пакување
Цена без ДДВ: 30.468,00 денари
ДДВ: 5.484,00 денари
**Продажна цена: 35.952,00 денари**

4. **Назив: Комплет бр. 2 „100 години од Илинденското востание“**

| Пригодни ковани пари: | Материјал | Финост | Пречник | Тежина |
|---|---|---|---|---|
| 1. „100 години од Илинденското востание“ | Злато | 916 ‰ | 32,0 мм | 18 г |
| 2. „100 години од Илинденското востание“ | Сребро | 925 ‰ | 32,0 мм | 16 г |
| 3. „Златник со ликот на Никола Карев“ | Злато | 916 ‰ | 23,8 мм | 6 г |
| 4. „Златник со ликот на Гоце Делчев“ | Злато | 916 ‰ | 23,8 мм | 6 г |
| 5. „Златник со ликот на Питу Гули“ | Злато | 916 ‰ | 23,8 мм | 6 г |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6. „Златник со ликот на Даме Груев“ | Злато | 916 ‰ | 23,8 мм | 6 г |
| 7. „Златник со ликот на Јане Сандански“ | Злато | 916 ‰ | 23,8 мм | 6 г |

Амбалажа: Соодветна кутија
Цена без ДДВ: 87.375,50 денари
ДДВ: 15.728,00 денари
**Продажна цена: 103.104,00 денари**

5. **Назив: Комплет бр. 3 „100 години од Илинденското востание“**

| Пригодни ковани пари: | Материјал | Финост | Пречник | Тежина |
|---|---|---|---|---|
| 1. „100 години од Илинденското востание“ | Злато | 916 ‰ | 32,0 мм | 18 г |
| 2. „100 години од Илинденското востание“ | Сребро | 925 ‰ | 32,0 мм | 16 г |
| 3. „Златник со ликот на Никола Карев“ | Злато | 916 ‰ | 23,8 мм | 6 г |
| 4. „Златник со ликот на Гоце Делчев“ | Злато | 916 ‰ | 23,8 мм | 6 г |
| 5. „Златник со ликот на Питу Гули“ | Злато | 916 ‰ | 23,8 мм | 6 г |
| 6. „Златник со ликот на Даме Груев“ | Злато | 916 ‰ | 23,8 мм | 6 г |
| 7. „Златник со ликот на Јане Сандански“ | Злато | 916 ‰ | 23,8 мм | 6 г |
| 8. „Златник со ликот на Крсте П. Мисирков“ | Злато | 916 ‰ | 23,8 мм | 6 г |
| 9. „Златник со ликот на Ѓорче Петров“ | Злато | 916 ‰ | 23,8 мм | 6 г |
| 10. „Златник со ликот на Методија А. Ченто“ | Злато | 916 ‰ | 23,8 мм | 6 г |
| 11. „Златник со ликот на Михаил Апостолски“ | Злато | 916 ‰ | 23,8 мм | 6 г |
| 12. „Златник со ликот на Блаже Конески“ | Злато | 916 ‰ | 23,8 мм | 6 г |

Амбалажа: Соодветна кутија
Цена без ДДВ: 144.283,00 денари
ДДВ: 25.971,00 денари
**Продажна цена: 170.254,00 денари**

4. Народната банка ги продава пригодните ковани пари од член 1 на оваа одлука на физички и правни лица.

5. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за продажба на пригодни ковани пари бр. 02-15/2-2006 од 17 мај 2006 година објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 62/06.

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

О.бр.02-15/XII-4/2009
24 декември 2009 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народната банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Петар Гошев**, с.р

---

**3354.**

Врз основа на член 64 став 1 точка 14 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 03/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/05 и 129/06), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЕДИНСТВЕНАТА ТАРИФА НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА УСЛУГИ ШТО ГИ ВРШИ НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во Одлуката за единствената тарифа на надоместоци за услуги што ги врши Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 02/05, 22/05, 16/06, 128/06, 138/06, 25/07, 54/07, 91/07 и 134/07), во глава V "Други работи", потточка 21 "Издавање податоци на барање на правни и физички лица", по потточката 21.11 "Годишна претплата на курсна листа" се додава нова потточка 21.12 која гласи:

- Периодичен извештај од банкарска сметка 1.000,00 денари.

2. Оваа Одлука влегува во сила осум дена по објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

О.бр.02-15/XII-5/2009
24 декември 2009 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народната банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Петар Гошев**, с.р.

**3355.**

Врз основа на член 31, став 3 и член 69 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 3/2002, 51/2003, 85/2003, 40/2004, 61/2005 и 129/2006) и член 103 став 2 алинеја 1 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/2007 и 90/2009), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

## У П А Т С Т В О
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА ВИДОВИТЕ И СОДРЖИНАТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ НА БАНКИТЕ

I. Во Упатството за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 118/2007 и 80/2009), во прилогот Финансиски извештаи, се вршат следниве измени и дополнувања:

1. Во делот „Содржина", зборот: „Вовед" се брише, а во делот „напомена", зборот: „Делот" се заменува со зборовите: „Белешката 1 -".

2. Прилогот „Биланс на успех" и прилогот „Извештај за паричниот тек" се заменуваат со нови прилози, дадени во прилог на ова упатство.

3. Содржината на прилогот „Белешки кон финансиските извештаи" се заменува со нова содржина дадена во прилог на ова упатство.

4. Белешките кон финансиските извештаи:
2.1 Кредитен ризик;
3. Адекватност на капиталот;
10. Нето-приходи/(расходи) од курсни разлики;
12. Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа;
13. Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа;
18. Парични средства и парични еквиваленти;
22. Кредити и побарувања;
23. Вложувања во хартии од вредност;
25. Останати побарувања;
28. Нематеријални средства;
29. Недвижности и опрема;
34. Депозити;
36. Обврски по кредити;
40. Запишан капитал;
42. Потенцијални обврски и потенцијални средства; и
43. Работи во име и за сметка на трети лица/Комисиско работење се заменуваат со нови коишто се дадени во прилог на ова упатство.

II. Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

У.бр. 19
23 декември 2009 година
Скопје

Гувернер,
м-р **Петар Гошев**, с.р.

Финансиски извештаи

прилог

**Биланс на успех**
**за периодот од _____________ до _____________**

| | Белешка | *во МКД илјади* текова година 20___ | претходна година 20___ |
|---|---|---|---|
| Приходи од камата | | | |
| Расходи за камата | | | |
| Нето-приходи/(расходи) од камата | 6 | | |
| Приходи од провизии и надомести | | | |
| Расходи за провизии и надомести | | | |
| Нето-приходи/(расходи) од провизии и надомести | 7 | | |
| Нето-приходи од тргување | 8 | | |
| Нето-приходи од други финансики инструменти евидентирани по објективна вредност | 9 | | |
| Нето-приходи/(расходи) од курсни разлики | 10 | | |
| Останати приходи од дејноста | 11 | | |
| Удел во добивката на придружените друштва | 24 | | |
| Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа | 12 | | |
| Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа | 13 | | |
| Трошоци за вработените | 14 | | |
| Амортизација | 15 | | |
| Останати расходи од дејноста | 16 | | |
| Удел во загубата на придружените друштва | 24 | | |
| **Добивка/(загуба) пред оданочување** | | | |
| Данок од добика | 17 | | |
| **Добивка/(загуба) за финансиската година од непрекинато работење** | | | |
| Добивка/(загуба) од група на средства и обврски кои се чуваат за продажба* | | | |
| **Добивка/(загуба) за финансиската година** | | | |
| **Добивка/(загуба) за периодот, која припаѓа на*:** | | | |
| акционерите на банката | | | |
| малцинското учество | | | |
| **Заработка по акција** | 41 | | |
| основна заработка по акција (во денари) | | | |
| разводнета заработка по акција (во денари) | | | |

* само за консолидираните финансиски извештаи

Финансиски извештаи

прилог

**Извештај за паричниот тек**
**за периодот од _______________ до _______________**

| | Белешка | во МКД илјади<br>тековна година 20___ | претходна година 20___ |
|---|---|---|---|
| **Паричен тек од основната дејност** | | | |
| Добивка/(Загуба) пред оданочувањето | | | |
| Коригирана за: | | | |
| Малцинското учество, вклучено во консолидираниот биланс на успех* | | | |
| Амортизацијата на: | | | |
| нематеријални средства | | | |
| недвижности и опрема | | | |
| Капиталната добивка од: | | | |
| продажба на нематеријални средства | | | |
| продажба на недвижности и опрема | | | |
| продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | | | |
| Капиталната загуба од: | | | |
| продажба на нематеријални средства | | | |
| продажба на недвижности и опрема | | | |
| продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | | | |
| Приходи од камата | | | |
| Расходи за камата | | | |
| Нето-приходи од тргување | | | |
| Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа | | | |
| дополнителна исправка на вредноста | | | |
| ослободена исправка на вредноста | | | |
| Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа | | | |
| дополнителни загуби поради оштетување | | | |
| ослободени загуби поради оштетување | | | |
| Посебна резерва | | | |
| дополнителни резервирања | | | |
| ослободени резервирања | | | |
| Приходи од дивиденди | | | |
| Удел во добивката/(загубата) на придружените друштва | | | |
| Останати корекции | | | |
| Наплатени камати | | | |
| Платени камати | | | |
| ***Добивка од дејноста пред промените во деловната актива*** | | | |
| *(Зголемување)/намалување на деловната актива:* | | | |
| Средства за тргување | | | |
| Деривативни средства чувани за управување со ризик | | | |
| Кредити на и побарувања од банки | | | |
| Кредити на и побарувања од други комитенти | | | |
| Заложени средства | | | |
| Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | | | |
| Задолжителна резерва во странска валута | | | |
| Задолжителен депозит кај НБРМ според посебни прописи | | | |
| Останати побарувања | | | |
| Одложени даночни средства | | | |
| Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување | | | |
| *Зголемување/(намалување) на деловните обврски:* | | | |
| Обврски за тргување | | | |
| Деривативни обврски чувани за управување со ризик | | | |
| Депозити на банки | | | |
| Депозити на други комитенти | | | |
| Останати обврски | | | |
| Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување | | | |
| ***Нето паричен тек од основната дејност пред оданочувањето*** | | | |
| (Платен)/поврат на данок на добивка | | | |
| **Нето паричен тек од основната дејност** | | | |

Финансиски извештаи прилог

**Извештај за паричниот тек**
**за периодот од _____________ до _____________**

| | Белешка | во МКД илјади<br>тековна година 20___ | претходна година 20___ |
|---|---|---|---|
| **Паричен тек од инвестициската дејност** | | | |
| (Вложувања во хартии од вредност) | | | |
| Приливи од продажбата на вложувањата во хартии од вредност | | | |
| (Одливи за вложувањата во подружници и придружени друштва) | | | |
| Приливи од продажбата на вложувањата во подружници и придружени друштва | | | |
| (Набавка на нематеријални средства) | | | |
| Приливи од продажбата на нематеријалните средства | | | |
| (Набавка на недвижности и опрема) | | | |
| Приливи од продажбата на недвижностите и опремата | | | |
| (Одливи за нетековните средства кои се чуваат за продажба) | | | |
| Приливи од нетековните средства кои се чуваат за продажба | | | |
| (Останати одливи од инвестициската дејност) | | | |
| Останати приливи од инвестициската дејност | | | |
| **Нето паричен тек од инвестициската дејност** | | | |
| **Паричен тек од финансирањето** | | | |
| (Отплата на издадените должнички хартии од вредност) | | | |
| Приливи од издадените должнички хартии од вредност | | | |
| (Отплата на обврските по кредити) | | | |
| Зголемување на обврските по кредити | | | |
| (Отплата на издадените субординирани обврски) | | | |
| Приливи од издадените субординирани обврски | | | |
| Приливи од издадените акции/сопственички инструменти во текот на периодот | | | |
| (Откуп на сопствени акции) | | | |
| Продадени сопствени акции | | | |
| (Платени дивиденди) | | | |
| (Останати одливи од финансирањето) | | | |
| Останати приливи од финансирањето | | | |
| **Нето паричен тек од финансирањето** | | | |
| Ефект од исправката на вредноста на паричните средства и паричните еквиваленти | | | |
| Ефект од курсните разлики на паричните средства и паричните еквиваленти | | | |
| **Нето-зголемување/(намалување) на паричните средства и паричните еквиваленти** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти на 1 јануари | | | |
| **Парични средства и парични еквиваленти на 31 декември** | | | |

* само за консолидираните финансиски извештаи

Финансиски извештаи прилог

## Белешки кон финансиските извештаи

| број на белешка | Белешка |
|---|---|
| 1 | **Вовед** |
| 2 | **Управување со ризици** |
| 2,1 | Кредитен ризик |
| 2,2 | Ризик на ликвидност |
| 2,3 | Пазарен ризик |
| 2.3.1 | Анализа на усогласеноста на каматните стапки |
| 2.3.2 | Валутен ризик |
| 3 | **Адекватност на капиталот** |
| 4 | **Известување според сегментите** |
| 5 | **Објективна вредност на финансиските средства и обврски** |
| | **Биланс на успех** |
| 6 | Нето-приходи/(расходи) од камата |
| 7 | Нето-приходи/(расходи) од провизии и надомести |
| 8 | Нето-приходи од тргување |
| 9 | Нето приходи од други финансиски инструменти евидентирани по објективната вредност |
| 10 | Нето-приходи/(расходи) од курсни разлики |
| 11 | Останати приходи од дејноста |
| 12 | Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа |
| 13 | Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа |
| 14 | Трошоци за вработените |
| 15 | Амортизација |
| 16 | Останати расходи од дејноста |
| 17 | Данок од добивка |
| | **Биланс на состојба** |
| | **Актива** |
| 18 | Парични средства и парични еквиваленти |
| 19 | Средства за тргување |
| 20 | Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех, определени како такви при почетното признавање |
| 21 | Деривативни средства чувани за управување со ризик |
| 22.1 | Кредити на и побарувања од банки |
| 22.2 | Кредити на и побарувања од други комитенти |
| 23 | Вложувања во хартии од вредност |
| 24 | Вложувања во придружени друштва |
| 25 | Останати побарувања |
| 26 | Заложени средства |
| 27 | Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања |
| 28 | Нематеријални средства |
| 29 | Недвижности и опрема |
| 30 | Одложени даночни средства |
| 31 | Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување |
| | **Обврски, капитал и резерви** |
| 32 | Обврски за тргување |
| 33 | Финансиски обврски по објективна вредност преку билансот на успех, определени како такви при почетното признавање |
| 21 | Деривативни обврски чувани за управување со ризик |
| 34.1 | Депозити на банки |
| 34.2 | Депозити на други комитенти |
| 35 | Издадени должнички хартии од вредност |
| 36 | Обврски по кредити |
| 37 | Субординирани обврски |
| 38 | Посебна резерва и резервирања |
| 30 | Одложени даночни обврски |
| 39 | Останати обврски |
| 31 | Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување |
| 40 | Запишан капитал |
| | **Други обелоденувања** |
| 41 | Заработка по акција |
| 42 | Потенцијални обврски и потенцијални средства |
| 43 | Работи во име и за сметка на трети лица |
| 44 | Трансакции со поврзаните страни |
| 45 | Наеми |
| 46 | Плаќања врз основа на акции |

Финансиски извештаи

прилог

**2,1 Кредитен ризик**

А *Анализа на максималната изложеност на кредитен ризик*

| *во МКД илјади* | Кредити на и побарувања од банки | | Кредити на и побарувања од други комитенти | | Вложувања во финансиски средства расположливи за продажба | | Вложувања во финансиски средства кои се чуваат до доспевање | | Парични средства и парични еквиваленти | | Побарувања за провизии и надомести | | Останати побарувања | | Вонбилансни изложености | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | тековна година 20 | претходна година 20 | тековна година 20 | претходна година 20 | тековна година 20 | претходна година 20 | тековна година 20 | претходна година 20 | тековна година 20 | претходна година 20 | тековна година 20 | претходна година 20 | тековна година 20 | претходна година 20 | тековна година 20 | претходна година 20 |
| I. Сметководствена вредност на изложеноста за кои е издвоена исправка на вредноста/посебна резерва | | | | | | | | | | | | | | | | |
| *Сметководствена вредност на поединечно значајни изложености, пред исправката на вредноста и посебната резерва на поединечна основа* | | | | | | | | | | | | | | | | |
| категорија на ризик А | | | | | | | | | | | | | | | | |
| категорија на ризик Б | | | | | | | | | | | | | | | | |
| категорија на ризик В | | | | | | | | | | | | | | | | |
| категорија на ризик Г | | | | | | | | | | | | | | | | |
| категорија на ризик Д | | | | | | | | | | | | | | | | |
| (Исправка на вредноста и посебна резерва на поединечна основа) | | | | | | | | | | | | | | | | |
| *Сметководствена вредност на поединечно значајни изложености, намалена за исправката на вредноста и посебната резерва на поединечна основа* | | | | | | | | | | | | | | | | |
| *Сметководствена вредност на изложеностите кои се оценуваат на групна основа, пред исправката на вредноста и посебната резерва на групна основа* | | | | | | | | | | | | | | | | |
| поединечно незначајни изложености (портфолио на мали кредити) | | | | | | | | | | | | | | | | |
| поединечно значајни изложености кои не се оштетени на поединечна основа | | | | | | | | | | | | | | | | |
| (Исправка на вредноста и посебна резерва на групна основа) | | | | | | | | | | | | | | | | |
| *Сметководствена вредност на изложеностите кои се оценуваат на групна основа, намалена за исправката на вредноста и посебната резерва на групна основа* | | | | | | | | | | | | | | | | |
| II. Сметководствена вредност на изложеностите за кои не е издвоена исправка на вредноста/посебна резерва | | | | | | | | | | | | | | | | |
| *доспеани побарувања* | | | | | | | | | | | | | | | | |
| *Старосна структура на доспеани побарувања за кои нема издвоено исправка на вредноста* | | | | | | | | | | | | | | | | |
| до 30 дена | | | | | | | | | | | | | | | | |
| *Сметководствена вредност на доспеани побарувања за кои нема издвоено исправка на вредноста* | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ***недоспеани побарувања*** | | | | | | | | | | | | | | | | |
| реструктурирани побарувања | | | | | | | | | | | | | | | | |
| останати побарувања | | | | | | | | | | | | | | | | |
| *Сметководствена вредност на недоспеани побарувања за кои нема издвоено исправка на вредноста/посебна резерва* | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупна сметководствена вредност на побарувања со кредитен ризик пред исправката на вредноста и посебната резерва** | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **(Вкупна исправка на вредноста и посебна резерва)** | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупна сметководствена вредност на побарувања со кредитен ризик намалена за исправката на вредноста и посебната резерва** | | | | | | | | | | | | | | | | |

Финансиски извештаи

прилог

**2,1 Кредитен ризик**

*Б Вредност на обезбедувањето (објективна вредност) земена за заштита на кредитниот ризик*

| во МКД илјади | Кредити на и побарувања од банки | | Кредити на и побарувања од други комитенти | | Вложувања во финансиски средства расположливи за продажба | | Вложувања во финансиски средства кои се чуваат до доспевање | | Парични средства и парични еквиваленти | | Останати побарувања | | Вонбилансни изложености | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | тековна година 20__ | претходна година 20__ | тековна година 20__ | претходна година 20__ | тековна година 20__ | претходна година 20__ | тековна година 20__ | претходна година 20__ | тековна година 20__ | претходна година 20__ | тековна година 20__ | претходна година 20__ | тековна година 20__ | претходна година 20__ | тековна година 20__ | претходна година 20__ |
| *Вредност на обезбедувањето на кредитната изложеност којашто се оценува за оштетување на поединечна основа* | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Првокласни инструменти за обезбедување | | | | | | | | | | | | | | | | |
| парични депозити (во депо и/или ограничени на сметки во банката) | | | | | | | | | | | | | | | | |
| државни хартии од вредност | | | | | | | | | | | | | | | | |
| државни безусловни гаранции | | | | | | | | | | | | | | | | |
| банкарски гаранции | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Гаранции од друштва за осигурување и полиси за осигурување | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративни гаранции (освен банкарски и од друштва за осигурување) | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Гаранции од физички лица | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Залог на недвижен имот | | | | | | | | | | | | | | | | |
| имот за сопствена употреба (станови, куќи) | | | | | | | | | | | | | | | | |
| имот за вршење дејност | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Залог на подвижен имот | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Останати видови на обезбедување | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ***Вкупна вредност на обезбедувањето на кредитната изложеност којашто се оценува за оштетување на поединечна основа*** | | | | | | | | | | | | | | | | |
| *Вредност на обезбедувањето на кредитната изложеност којашто се оценува за оштетување на групна основа* | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Првокласни инструменти за обезбедување | | | | | | | | | | | | | | | | |
| парични депозити (во депо и/или ограничени на сметки во банката) | | | | | | | | | | | | | | | | |
| државни хартии од вредност | | | | | | | | | | | | | | | | |
| државни безусловни гаранции | | | | | | | | | | | | | | | | |
| банкарски гаранции | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Гаранции од друштва за осигурување и полиси за осигурување | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративни гаранции (освен банкарски и од друштва за осигурување) | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Гаранции од физички лица | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Залог на недвижен имот | | | | | | | | | | | | | | | | |
| имот за сопствена употреба (станови, куќи) | | | | | | | | | | | | | | | | |
| имот за вршење дејност | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Залог на подвижен имот | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Останати видови на обезбедување | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ***Вкупна вредност на обезбедувањето на кредитната изложеност којашто се оценува за оштетување на групна основа*** | | | | | | | | | | | | | | | | |

Финансиски извештаи

прилог

**2,1 Кредитен ризик**

***B Концентрација на кредитниот ризик по индустриска гранка и по географска локација***

| во МКД илјади | Кредити на и побарувања од банки | | Кредити на и побарувања од други комитенти | | Вложувања во финансиски средства расположливи за продажба | | Вложувања во финансиски средства кои се чуваат до достасување | | Парични средства и парични еквиваленти | | Побарувања за провизии и надоместо | | Останати побарувања | | Вонбилансни изложености | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | тековна година 20 | претходна година 20 | тековна година 20 | претходна година 20 | тековна година 20 | претходна година 20 | тековна година 20 | претходна година 20 | тековна година 20 | претходна година 20 | тековна година 20 | претходна година 20 | тековна година 20 | претходна година 20 | тековна година 20 | претходна година 20 | тековна година 20 |
| **Индустриска гранка** | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Нерезиденти | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Земјоделство, лов и шумарство | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Рибарство | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вадење на руда и камен | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Преработувачка индустрија | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Снабдување со електрична енергија, гас и вода | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Градежништво | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила, мотоцикли и предмети за лична употреба и за домаќинствата | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Хотели и ресторани | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Сообраќај, складирање и врски | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Финансиско посредување | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Активности во врска со недвижен имот, изнајмување и деловни активности | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Јавна управа и одбрана; задолжителна социјална заштита | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Образование | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Здравство и социјална работа | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Други комунални, културни, општи и лични услужни активности | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Приватни домаќинства со вработени лица | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Екстериторијални организации и тела | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Физички лица | | | | | | | | | | | | | | | | | |
2. Регулираниот максимален приход (MAR) за вршење на регулираните енергетски дејности: пренос на електрична енергија, управување со електроенергетскиот систем и организација и управување со пазарот на електрична енергија, се одобрува да изнесува:
- 1.649.592.097 денари за 2009 година.
- 2.030.624.140 денари за 2010 година

3. Регулираната просечна цена за користење на преносната мрежа за 2010 година се утврдува да изнесува 0,2466 ден/kWh за планирана испорака од 8.234.518.269 kWh електрична енергија на излез од преносната мрежа.

4. Со влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за определување на цена на услугата за пренос управување со системот за пренос и организирање на пазарот на електрична енергија на АД МЕПСО – Скопје за периодот од 1 ноември до 31 декември 2008 година („Службен весник на РМ“ бр.135/08).

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2010 година.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука, незадоволната страна, согласно член 33 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр 63/06, 36/07 и 106/08), може да изјави жалба до Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Македонија“. Жалбата изјавена против оваа одлука, не го одлага нејзиното извршување.

Бр. 02-2935/1 Претседател,
28 декември 2008 година **Димитар Петров**, с.р.
Скопје

---

**3363.**

Врз основа на член 19 алинеа 7, а во врска со член 22 став 2 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 63/06, 36/07 и 106/08) и член 22 од Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за електрична енергија („Службен весник на РМ“ бр. 167/08) Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД И ЦЕНА ЗА 2010 ГОДИНА ЗА ВРШЕЊЕ НА РЕГУЛИРАНАТА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ УПРАВУВАЊЕ СО СИСТЕМОТ ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА ЕВН ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА АД ЗА ДИСТРИБУЦИЈА И СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА СКОПЈЕ

1. Се одобрува регулираниот максимален приход (MAR) за вршење на регулираната енергетска дејност управување со системот за дистрибуција на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија за 2010 година да изнесува 7.224.856.148 денари.

2. Регулираната просечна цена за користење на дистрибутивниот систем за 2010 година се утврдува да изнесува 1,3484 ден/kWh за планирана испорака на 5.358.000.000 kWh електрична енергија за тарифните потрошувачи приклучени на дистрибутивниот систем.

3. Со влегувањето во сила на оваа одлука, престануваат да важат точките 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 од Одлуката бр. 02-1281/1 од 28.05.2009 година („Службен весник на РМ“, бр. 66/09) за одобрување на регулиран максимален приход и цена за 2009 година, како и основен приход за 2009, 2010 и 2011 година за вршење на регулираната енергетска дејност управување со системот за дистрибуција на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија и регулиран максимален приход и цена за 2009 година за вршење на енергетската дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало за ЕВН Македонија АД Скопје.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2010 година.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука, незадоволната страна, согласно член 33 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр 63/06, 36/07 и 106/08), може да изјави жалба до Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Македонија“. Жалбата изјавена против оваа одлука, не го одлага нејзиното извршување.

Бр. 02-2936/1 Претседател,
28 декември 2008 година **Димитар Петров**, с.р.
Скопје

**3364.**

Врз основа на член 19 алинеа 7, а во врска со член 22 став 2 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 63/06, 36/07 и 106/08) и член 20 од Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за електрична енергија („Службен весник на РМ“ бр. 167/08) Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2009 година донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД И ЦЕНА ЗА 2010 ГОДИНА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА ТАРИФНИ ПОТРОШУВАЧИ НА МАЛО ЗА ЕВН ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА АД ЗА ДИСТРИБУЦИЈА И СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА СКОПЈЕ

1. Се одобрува регулираниот максимален приход (MAR) за вршење на регулираната енергетска дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало за 2010 година да изнесува 20.291.447.537 денари, за испорачани 5.358.000.000 kWh електрична енергија на тарифните потрошувачи.

2. Просечната продажна цена на електричната енергија по која ЕВН Македонија ги снабдува тарифните потрошувачи на мало за 2010 година се утврдува да изнесува 3,7871 денари за киловат час електрична енергија.

3. Во согласност со просечната продажна цена на електрична енергија утврдена во точка 2 на оваа Одлука, тарифните ставови за продажба на електрична енергија и моќност изнесуваат:

3.1 Тарифни ставови за потрошувачи на висок напон:

| Пресметковна величина | Единица | Тарифно време | Тарифен став (денари) | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Потрошувачи на висок напон | | |
| | | | 35 kV * | 35 kV | 10 kV |
| Моќност | kW | | 759,37 | 800,45 | 617,35 |
| Енергија | kWh | ВТ | 1,87 | 2,35 | 2,60 |
| | | НТ | 0,95 | 1,22 | 1,28 |
| | kvarh | ВТ | 0,46 | 0,60 | 0,57 |
| | | НТ | 0,18 | 0,30 | 0,35 |

* припаѓаат потрошувачи на кои заклучно со 31.12.2005 година надоместокот за испорачана електрична енергија им се пресметуваше во согласност со член 1 од Тарифни ставови за испорака на електрична енергија („Службен весник на РМ“, бр. 42/03), а од 01.01.2006 година се снабдуваат со електрична енергија и моќност од АД ЕСМ.

3.2 Тарифни ставови за потрошувачи на низок напон:

| Пресметковна величина | Единица | Тарифно време | Тарифен став (денари) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Потрошувачи на низок напон 0,4 kV | | | | |
| | | | Домаќинства | | Останата потрошувачка | | |
| | | | Едно тарифно мерење | Дво тарифно мерење | I Тарифен степен | II Тарифен степен | Јавно осветлување |
| Моќност | kW | | (*) | (*) | 600,15 | (*) | |
| Енергија | kWh | ВТ | 2,68 | 3,34 | 2,87 | 5,21 | 4,48 |
| | | НТ | | 1,67 | 1,41 | | |
| | kvarh | ВТ | | | 0,71 | 1,32 | |
| | | НТ | | | 0,36 | | |

(*) основен придонес за пресметковната моќност. Во согласност со Тарифниот систем за продажба на електрична енергија („Службен весник на РМ“, бр. 47/89 и 24/99) основниот придонес за пресметковна

моќност на корисниците од категоријата на потрошувачи „домаќинства“ и категоријата „останата потрошувачка II-тарифен степен“ учествува во вкупната вредност на електричната енергија од 25 %, а се пресметува на таков начин што вредноста на превземената активна енергија (kWh) се зголемува за 33,33% за секој корисник.

4. Со влегувањето во сила на оваа Одлука, престануваат да важат точките 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 од Одлуката бр. 02-1281/1 од 28.05.2009 година („Службен весник на РМ“, бр. 66/09) за одобрување на регулиран максимален приход и цена за 2009 година, како и основен приход за 2009, 2010 и 2011 година за вршење на регулираната енергетска дејност управување со системот за дистрибуција на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија и регулиран максимален приход и цена за 2009 година за вршење на енергетската дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало за ЕВН Македонија АД Скопје.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2010 година.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука, незадоволната страна, согласно член 33 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр 63/06, 36/07 и 106/08), може да изјави жалба до Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Македонија“. Жалбата изјавена против оваа Одлука, не го одлага нејзиното извршување.

Бр. 02 - 2937/1
28 декември 2009 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

---

**3365.**

Врз основа на член 19 алинеа 7, а во врска со член 22 став 2 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 63/06, 36/07 и 106/08) и член 20 од Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за електрична енергија („Службен весник на РМ“ бр. 167/08) Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2009 година донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ОСНОВЕН ПРИХОД ЗА 2009, 2010 И 2011 ГОДИНА, РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД ЗА 2009 И 2010 ГОДИНА И ЦЕНА ЗА 2010 ГОДИНА ЗА ВРШЕЊЕ НА РЕГУЛИРАНАТА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ УПРАВУВАЊЕ СО СИСТЕМОТ ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД И ЦЕНА ЗА 2010 ГОДИНА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА ТАРИФНИ ПОТРОШУВАЧИ НА МАЛО ЗА АД ЕЛЕМ ПОДРУЖНИЦА “ЕНЕРГЕТИКА“ - СКОПЈЕ

1. Основниот приход за вршење на регулираната енергетска дејност управување со системот за дистрибуција на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија, се утврдува да изнесува:
- 56.802.904 денари, за 2009 година;
- 58.896.662 денари, за 2010 година;
- 63.549.212 денари, за 2011 година.

2. регулираниот максимален приход за вршење на регулираната енергетска дејност управување со системот за дистрибуција на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија, се одобрува да изнесува:
- 87.038.146 денари, за 2009 година;
- 75.402.622 денари, за 2010 година.

3. Регулираната просечна цена за користење на дистрибутивниот систем за 2010 година се утврдува да изнесува 0,1141 ден/kWh за планирана испорака од 661.000.000 kWh електрична енергија на излез од дистрибутивниот систем.

4. Се одобрува регулираниот максимален приход за вршење на регулираната енергетска дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало за 2009 година да изнесува 107.157.298 денари.

5. Се одобрува регулираниот максимален приход за вршење на регулираната енергетска дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало за 2010 година да изнесува 182.687.210 денари.

6. Просечната продажна цена на електричната енергија по која АД ЕЛЕМ Подружница “Енергетика“-Скопје ги снабдува тарифните потрошувачи на мало за 2010 година, се утврдува да изнесува 2,6866 денари за киловат час електрична енергија.

7. Во согласност со просечната продажна цена на електрична енергија утврдена во точка 6 на оваа Одлука, тарифните ставови за продажба на електрична енергија и моќност изнесуваат:

7.1 Тарифни ставови за потрошувачи на висок напон:

| Пресметковна величина | Единица | Тарифно време | Тарифен став (денари) |
|---|---|---|---|
| | | | Потрошувачи на висок напон |
| | | | 10 kV (6kV) |
| Моќност | kW | | 437,95 |
| Енергија | kWh | ВТ | 1,84 |
| | | НТ | 0,90 |
| | kvarh | ВТ | 0,41 |
| | | НТ | 0,25 |

7.2 Тарифни ставови за потрошувачи на низок напон:

| Пресметковна величина | Единица | Тарифно време | Тарифен став (денари) | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Потрошувачи на низок напон 0,4 kV | |
| | | | Останата потрошувачка | |
| | | | I Тарифен степен | II Тарифен степен |
| Моќност | kW | | 425,74 | (*) |
| Енергија | kWh | ВТ | 2,04 | 3,70 |
| | | НТ | 1,00 | |
| | kvarh | ВТ | 0,51 | 0,94 |
| | | НТ | 0,26 | |

(*) основен придонес за пресметковната моќност. Во согласност со Тарифниот систем за продажба на електрична енергија („Службен весник на РМ“, бр. 47/89 и 24/99) основниот придонес за пресметковна моќност на корисниците од категоријата „останата потрошувачка II-тарифен степен“ учествува во вкупната вредност на електричната енергија од 25 %, а се пресметува на таков начин што вредноста на превземената активна енергија (kWh) се зголемува за 33,33% за секој корисник.

8. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2010 година.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука, незадоволната страна, согласно член 33 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр 63/06, 36/07 и 106/08), може да изјави жалба до Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Македонија“. Жалбата изјавена против оваа Одлука, не го одлага нејзиното извршување.

Бр. 02-2938/1
28 декември 2009 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

---

**3366.**

Врз основа на член 19, алинеја 7, од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 63/06, 36/07 и 106/08) и Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за топлинска енергија за греење („Службен весник на РМ“ бр. 62/09), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ЗА ГРЕЕЊЕ И ТАРИФНИ СТАВОВИ ЗА РЕГУЛИРАН ПЕРИОД НА ТОПЛИФИКАЦИЈА АД-СКОПЈЕ

1. На друштвото за производство и дистрибуција на топлинска енергија Топлификација АД-Скопје, се одобрува регулиран максимален приход за вршење на регулираната дејност производство на топлинска енергија за 2010 година да изнесува 1.754.222.281 денари, за произведена количина на топлинска енергија од 669.240.165 kWh и ангажирана моќност од 526.604 kW.

2. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука, согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија („Сл.весник на РМ“ бр.151/09), се утврдуваат следните тарифни ставови за производство на топлинска енергија на ниво на производител:

| ПРОИЗВОДСТВО | | |
|---|---|---|
| Ангажирана топлинска моќност за категорија домаќинства на ниво на производител | ден/kW/година | 435,00 |
| Топлинска енергија за категорија домаќинства на ниво на производител | ден/kWh | 1,6083 |
| Ангажирана топлинска моќност за категорија останати на ниво на производител | ден/kW/година | 870,00 |
| Топлинска енергија за категорија останати на ниво на производител | ден/kWh | 3,2166 |

3. На друштвото за производство и дистрибуција на топлинска енергија Топлификација АД-Скопје, се одобрува регулиран максимален приход за вршење на регулираната дејност дистрибуција на топлинска енергија за:

- 2010 година да изнесува 129.613.638 денари, за испорачана количина на топлинска енергија на корисниците од 588.931.345 kWh,
- 2011 година да изнесува 129.760.175 денари, и
- 2012 година да изнесува 129.908.178 денари.

4. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 3, алинеја 1 на оваа Одлука, согласно тарифниот систем за продажба на топлинска енергија, се утврдуваат следните тарифни ставови за дистрибуција на топлинска енергија за 2010 година на ниво на дистрибутер.

| ДИСТРИБУЦИЈА | | |
|---|---|---|
| Ангажирана топлинска моќност за категорија домаќинства на ниво на дистрибутер | ден/kW/ година | 187,5428 |
| Ангажирана топлинска моќност за категорија останати на ниво на дистрибутер | ден/kW/ година | 375,0856 |

5. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2010 година.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука, незадоволната страна, согласно член 33 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр 63/06, 36/07 и 106/08), може да изјави жалба до Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Македонија“. Жалбата изјавена против оваа Одлука, не го одлага нејзиното извршување.

Бр. 02 - 2939/1
28 декември 2009 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

---

**3367.**

Врз основа на член 19, алинеја 7, од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 63/06, 36/07 и 106/08) и Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за топлинска енергија за греење („Службен весник на РМ“ бр. 62/09), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД И ТАРИФНИ СТАВОВИ ЗА 2010 ГОДИНА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ЗА ГРЕЕЊЕ НА СНАБДУВАЊЕ ЦЕНТАР ДООЕЛ СКОПЈЕ

1. На друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје, се одобрува регулиран максимален приход од 879.755.110 денари за 2010 година, за дистрибуирана и испорачана количина на топлинска енергија од 248.940.917 kWh.

2. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука трошокот за набавка на топлинска енергија изнесува 741.509.758 денари, за набавени 282.887.818 kWh на влез на дистрибутивната мрежа и истиот износ го плаќа на производителот на топлинска енергија согласно тарифниот систем за продажба на топлинска енергија.

3. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука трошокот за услугата дистрибуција на топлинска енергија изнесува 54.787.605 денари за дистрибуирани и испорачани количини на топлинска енергија од 248.940.917 kWh до крајните потрошувачи, и истиот износ го плаќа на дистрибутерот на топлинска енергија согласно тарифниот систем за продажба на топлинска енергија.

4. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука трошокот за услугата снабдување со топлинска енергија изнесува 61.502.368 денари за испорачани количини на топлинска енергија од 248.940.917 kWh, на ниво на мерно место.

5. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука, согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија (“Сл.весник на РМ“ бр.151/09), се одобруваат следните тарифни ставови за снабдување со топлинска енергија за греење на ниво на мерно место:

| Ред бр. | ТАРИФНИ СТАВОВИ | Единица мерка | цена од 01.01.2010 до 31.12.2010 година |
|---|---|---|---|
| | КАТЕГОРИЈА ДОМАЌИНСТВА | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/ година | 984,6067 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 1,8276 |
| | КАТЕГОРИЈА ОСТАНАТИ | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/ година | 1.969,2134 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 3,6552 |

6. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 4 на оваа Одлука, согласно тарифниот систем за продажба на топлинска енергија, се одобруваат следните тарифни ставови за услугата снабдување со топлинска енергија за греење на ниво на снабдувач:

| Ред бр. | ТАРИФНИ СТАВОВИ | Единица мерка | цена од 01.01.2010 до 31.12.2010 година |
|---|---|---|---|
| | СНАБДУВАЊЕ – ЦЕНТАР | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност за категорија домаќинства на ниво на снабдувач | ден/kW/ година | 302,7495 |
| 2. | Ангажирана топлинска моќност за категорија останати на ниво на снабдувач | ден/kW/ година | 605,4990 |

7. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2010 година.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука, незадоволната страна, согласно член 33 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр 63/06, 36/07 и 106/08), може да изјави жалба до Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Македонија“. Жалбата изјавена против оваа Одлука, не го одлага нејзиното извршување.

Бр. 02 - 2940/1
28 декември 2009 година — Претседател,
Скопје — **Димитар Петров,** с.р.

**3368.**

Врз основа на член 19, алинеја 7, од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 63/06, 36/07 и 106/08) и Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за топлинска енергија за греење („Службен весник на РМ“ бр. 62/09), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2009 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД И ТАРИФНИ СТАВОВИ ЗА 2010 ГОДИНА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ЗА ГРЕЕЊЕ НА СНАБДУВАЊЕ ИСТОК ДООЕЛ - СКОПЈЕ

1. На друштвото за снабдување со топлинска енергија, СНАБДУВАЊЕ ИСТОК ДООЕЛ - Скопје, се одобрува регулиран максимален приход од 586.499.937 денари за 2010 година, за дистрибуирана и испорачана количина на топлинска енергија од 164.429.392 kWh.

2. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука трошокот за набавка на топлинска енергија изнесува 489.778.861 денари, за набавени 186.851.854 kWh на влез на дистрибутивната мрежа и истиот износ го плаќа на производителот на топлинска енергија согласно тарифниот систем за продажба на топлинска енергија.

3. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука трошокот за услугата дистрибуција на топлинска енергија изнесува 36.188.075 денари за дистрибуирани и испорачани количини на топлинска енергија од 164.429.392 kWh до крајните потрошувачи, и истиот износ го плаќа на дистрибутерот на топлинска енергија согласно тарифниот систем за продажба на топлинска енергија.

4. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука трошокот за услугата снабдување со топлинска енергија изнесува 46.031.128 денари за испорачани количини на топлинска енергија од 164.429.392 kWh, на ниво на мерно место.

5. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука, согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија (“Сл.весник на РМ“ бр.151/09), се одобруваат следните тарифни ставови за снабдување со топлинска енергија за греење на ниво на мерно место:

| Ред бр. | ТАРИФНИ СТАВОВИ | Единица мерка | цена од 01.01.2010 до 31.12.2010 година |
|---|---|---|---|
| | КАТЕГОРИЈА ДОМАЌИНСТВА | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/ година | 984,6067 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 1,8276 |
| | КАТЕГОРИЈА ОСТАНАТИ | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/ година | 1.969,2134 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 3,6552 |

6. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 4 на оваа Одлука, согласно тарифниот систем за продажба на топлинска енергија, се одобруваат следните тарифни ставови за услугата снабдување со топлинска енергија за греење на ниво на снабдувач:

| Ред бр. | ТАРИФНИ СТАВОВИ | Единица мерка | цена од 01.01.2010 до 31.12.2010 година |
|---|---|---|---|
| | СНАБДУВАЊЕ – ИСТОК | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност за категорија домаќинства на ниво на снабдувач | ден/kW/ година | 302,7495 |
| 2. | Ангажирана топлинска моќност за категорија останати на ниво на снабдувач | ден/kW/ година | 605,4990 |

7. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2010 година.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука, незадоволната страна, согласно член 33 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр 63/06, 36/07 и 106/08), може да изјави жалба до Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Македонија“. Жалбата изјавена против оваа Одлука, не го одлага нејзиното извршување.

Бр. 02 - 2941/1
28 декември 2009 година — Претседател,
Скопје — **Димитар Петров,** с.р.

**3369.**

Врз основа на член 19, алинеја 7, од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 63/06, 36/07 и 106/08) и Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за топлинска енергија за греење („Службен весник на РМ“ бр. 62/09), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД И ТАРИФНИ СТАВОВИ ЗА 2010 ГОДИНА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ЗА ГРЕЕЊЕ НА СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ДООЕЛ - СКОПЈЕ

1. На друштвото за снабдување со топлинска енергија, СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ДООЕЛ - Скопје, се одобрува регулиран максимален приход од 626.815.501 денари за 2010 година, за дистрибуирана и испорачана количина на топлинска енергија од 175.560.178 kWh.

2. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука трошокот за набавка на топлинска енергија изнесува 522.933.661 денари, за набавени 199.500.493 kWh на влез на дистрибутивната мрежа и истиот износ го плаќа на производителот на топлинска енергија согласно тарифниот систем за продажба на топлинска енергија.

3. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука трошокот за услугата дистрибуција на топлинска енергија изнесува 38.637.769 денари за дистрибуирани и испорачани количини на топлинска енергија од 175.560.178 kWh до крајните потрошувачи, и истиот износ го плаќа на дистрибутерот на топлинска енергија согласно тарифниот систем за продажба на топлинска енергија.

4. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука трошокот за услугата снабдување со топлинска енергија изнесува 49.760.516 денари за испорачани количини на топлинска енергија од 175.560.178 kWh, на ниво на мерно место.

5. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука, согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија ("Сл.весник на РМ" бр.151/09), се одобруваат следните тарифни ставови за снабдување со топлинска енергија за греење на ниво на мерно место:

| Ред бр. | ТАРИФНИ СТАВОВИ | Единица мерка | цена од 01.01.2010 до 31.12.2010 година |
|---|---|---|---|
| | КАТЕГОРИЈА ДОМАЌИНСТВА | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/ година | 984,6067 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 1,8276 |
| | КАТЕГОРИЈА ОСТАНАТИ | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/ година | 1.969,2134 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 3,6552 |

6. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 4 на оваа Одлука, согласно тарифниот систем за продажба на топлинска енергија, се одобруваат следните тарифни ставови за услугата снабдување со топлинска енергија за греење на ниво на снабдувач:

| Ред бр. | ТАРИФНИ СТАВОВИ | Единица мерка | цена од 01.01.2010 до 31.12.2010 година |
|---|---|---|---|
| | С Н А Б Д У В А Њ Е – З А П А Д | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност за категорија домаќинства на ниво на снабдувач | ден/kW/година | 302,7495 |
| 2. | Ангажирана топлинска моќност за категорија останати на ниво на снабдувач | ден/kW/година | 605,4990 |

7. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2010 година.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука, незадоволната страна, согласно член 33 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ" бр 63/06, 36/07 и 106/08), може да изјави жалба до Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Македонија". Жалбата изјавена против оваа Одлука, не го одлага нејзиното извршување.

Бр. 02 - 2942/1
28 декември 2009 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

---

**3370.**

Врз основа на член 19, алинеа 7, од Законот за енергетика („Службен весник на РМ" бр. 63/06, 36/07 и 106/08) и член 22 став 3 од Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за топлинска енергија за греење („Службен весник на РМ" бр. 62/2009), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ЗА ГРЕЕЊЕ И ТАРИФНИ СТАВОВИ ЗА 2010 ГОДИНА НА СКОПЈЕ СЕВЕР АД-СКОПЈЕ

1. На Друштвото за снабдување со пареа и топла вода Скопје Север АД – Скопје, се одобрува регулираниот максимален приход за производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија за греење за 2010 година, да изнесува 81.197.212 денари, за произведена количина на топлинска енергија од 24.610.922 kWh на ниво на производител и испорачана количина на топлинска енергија од 22.888.157 kWh, на ниво на мерно место.

2. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука, како и согласно тарифниот систем за продажба на топлинска енергија за греење, тарифните ставови за период од 1 јануари до 31 декември 2010 година се одобрува да изнесуваат:

| Ред. бр. | ТАРИФНИ СТАВОВИ | Единица мерка | Цена од 01.01.2010 до 31.12.2010 година |
|---|---|---|---|
| | КАТЕГОРИЈА ДОМАЌИНСТВА | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/година | 1.201,6792 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 1,6100 |
| | КАТЕГОРИЈА ОСТАНАТИ | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/година | 2.403,3584 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 3,2200 |

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2010 година.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука, незадоволната страна, согласно член 33 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ" бр 63/06, 36/07 и 106/08), може да изјави жалба до Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Македонија". Жалбата изјавена против оваа Одлука, не го одлага нејзиното извршување.

Бр. 02 - 2943/1
28 декември 2009 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

**3371.**

Врз основа на член 56 став (3) точка а) и став (4) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008 и 48/2009) Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата, одржана на 02.12.2009 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ВИСИНАТА НА МЕСЕЧНИОТ НАДОМЕСТ ШТО ГО НАПЛАТУВА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ОД ПЕНЗИСКИТЕ ДРУШТВА ЗА 2010 ГОДИНА

Член 1

Висината на месечниот надомест што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување го наплатува од секое пензиско друштво за 2010 година изнесува 0,8%.

Член 2

Надоместокот од член 1 на оваа одлука се пресметува како процент од вкупните придонеси уплатени во претходниот месец во секој пензиски фонд со кој управува пензиското друштво.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 02-2158/3  
2 декември 2009 година  
Скопје

Управен одбор  
Претседател,  
**Анета Димовска,** с.р.

---

**3372.**

Врз основа на член 98 став (4) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/05, 29/2007, 88/2008 и 48/2009), Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финасирано пензиско осигурување на седница одржана на 02.12.2009 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА МАКСИМАЛНАТА ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ОД ПРИДОНЕСИТЕ УПЛАТЕНИ ВО ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД ЗА 2010 ГОДИНА

Член 1

Максималната висина на надоместокот од член 98 став (1) точка а) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување за 2010 година изнесува 5,5% од уплатените придонеси.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 02-2158/4  
2 декември 2009 година  
Скопје

Управен одбор  
Претседател,  
**Анета Димовска,** с.р.

**3373.**

Врз основа на член 105 став (3), член 106 став (1) и (2) и член 112 став (5) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008 и 48/2009), Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седница одржана на 22.12.2009 година донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ

Член 1

Во Правилникот за инвестирање на средствата на задолжителните пензиски фондови („Службен весник на Република Македонија" бр. 138/2008 и 83/2009), член 23 се менува и гласи:

„ (1) Во случај на кршење на одредбите од член 20 од овој правилник, како резултат на промена на пазарните цени, промени на девизните курсеви на странските валути, промени на организационите или економските односи меѓу субјектите во кои се вложени средства на задолжителен пензиски фонд и други околности надвор од непосредната контрола на друштвото кое управува со задолжителниот пензиски фонд, тогаш тоа е должно веднаш да ја извести Агенцијата и да изврши усогласување на инвестиционите активности на задолжителниот пензиски фонд во рок од шест месеца сметано од датумот на стореното прекршување.

(2) На барање на друштвото кое управува со задолжителниот пензиски фонд, доставено во рок од најмалку 60 дена пред датумот на истекот на рокот од став (1) на овој член, Агенцијата има право да го продолжи рокот од ставот (1) на овој член за најмногу шест месеца, ако тоа продолжување е неопходно заради заштита на интересите на членовите на задолжителниот пензиски фонд."

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-2309/3  
22 декември 2009 година  
Скопје

Претседател,  
на Управниот одбор,  
**Анета Димовска**, с.р.

---

**3374.**

Врз основа на член 101 став (4) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008 и 48/2009) и член 120 став (4) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 07/2008), Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седница, одржана на 22.12.2009 година, донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОТРЕБНИОТ ОБЕМ НА ТРГУВАЊЕ И НЕОПХОДНАТА КАДРОВСКА, ТЕХНИЧКА И ОРГАНИЗАЦИОНА ОСПОСОБЕНОСТ НА ДОМАШНИТЕ ПРАВНИ ЛИЦА КОИ МОЖАТ ДА БИДАТ ИЗБРАНИ ЗА ВРШЕЊЕ НА УСЛУГИ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Член 1

Во Правилникот за потребниот обем на тргување и неопходната кадровска, техничка и организациона оспособеност на домашните правни лица кои можат да бидат избрани за вршење на услуги со хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" број 138/2008), во член 7 став (2) зборот: „половина" се заменува со зборот: „третина".

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01-2309/4
22 декември 2009 година
Скопје

Претседател,
на Управниот одбор,
**Анета Димовска**,с.р.

---

**3375.**

Врз основа на член 58 став (8) и (10), член 59 став (3), (6) и (10) и член 61 став (7) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008 и 48/2009) Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување, на седницата одржана на 22.12.2009 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД

### I. Општа одредба

Член 1

Со овој правилник поблиску се пропишуваат постапката за распределба на осигурениците кои не потпишале договор за членство во задолжителен пензиски фонд со друштво за управување со задолжителни пензиски фондови или со друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови (во натамошниот текст: друштво), датумите, начинот и постапката за членство во задолжителен пензиски фонд при зачленување по прв пат, начинот и постапката на премин на член од постоен во иден задолжителен пензиски фонд и за формата на договорот за членство во задолжителен пензиски фонд.

### II. Постапка за распределба на осигурениците во задолжителен пензиски фонд

Член 2

(1) Осигурениците кои задолжително се распределуваат во задолжителен пензиски фонд согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: Закон) се осигурениците кои прв пат пристапиле во задолжително пензиско и инвалидско осигурување на или по 1 јануари 2003 година и:

а) не потпишале договор за членство во задолжителен пензиски фонд со ниту едно друштво, или

б) потпишале договор за членство во задолжителен пензиски фонд со едно од друштвата, а рокот од осум работни дена во кој договорот за членство во задолжителен пензиски фонд може да биде раскинат се уште не истекол (во натамошниот текст: нераспределени осигуреници).

(2) Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување (во натамошниот текст: Агенција) времено ги распределува нераспределените осигуреници во задолжителните пензиски фондови од моментот на нивното пристапување во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување.

Член 3

(1) Агенцијата на првиот работен ден од секој месец, заради распределба на нераспределените осигуреници, утврдува пондер за секој задолжителен пензиски фонд според приносот на задолжителниот пензиски фонд и висината на надоместокот од член 98 став (1) точка а) од Законот што го наплатува друштвото кое управува со тој задолжителен пензиски фонд (во натамошниот текст: надоместок од придонеси) , со користење на следната формула:

$$P_i = 0.7 * \frac{\frac{1}{N_i}}{\sum_{j=1}^{n} \frac{1}{N_j}} + 0.3 * \frac{R_i}{\sum_{j=1}^{n} R_j}$$ , во случај кога сите $R_i > 0$

односно,

$$P_i = 0.7 * \frac{\frac{1}{N_i}}{\sum_{j=1}^{n} \frac{1}{N_{ji}}} + 0.3 * \frac{R_i + |R_{\min}| + 0,01}{\sum_{j=1}^{n} \left(R_j + |R_{\min}| + 0,01\right)}$$ , во случај кога постои $R_i \leq 0$

каде $i = 1,...,n$

$P_i$ е пондер за задолжителниот пензиски фонд $i$

$n$ е број на задолжителни пензиски фондови

$N_i$ е надомест од придонеси наплатуван од друштвото што управува со задолжителниот пензиски фонд $i$ во текот на претходниот месец

$R_i$ е остварен принос на задолжителниот пензискиот фонд $i$ со состојба на последниот ден од претходниот месец за претходните 36 месеци, сведен на годишно ниво. Доколку фондот $i$ работи помалку од 36, а повеќе од 12 месеци, приносот се пресметува за сите месеци за кои фондот работи, сведен на годишно ниво. Доколку фондот $i$ работи помалку од 12 месеци, тогаш како вредност за $R_i$ се зема просекот од приносите на постојните задолжителните пензиски фондови.

$R_{\min}$ е минималниот остварен принос од сите задолжителни пензиски фондови ($R_{\min} = \min(R_i)$ ).

(2) Пондерите од став (1) на овој член се изразуваат во проценти, заокружени на две децимални места.

(3) Агенцијата пондерите од став (1) на овој член ги доставува до Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (во натамошниот текст: Фондот на ПИОМ). До доставување на пондерот за тековниот месец, Фондот на ПИОМ го употребува пондерот од претходниот месец.

Член 4

(1) Фондот на ПИОМ го утврдува бројот и идентитетот на нераспределените осигуреници на датумите од секој петок во месецот или следниот работен ден ако некој од овие денови е неработен.

(2) Датумите од став (1) на овој член се датуми кога се врши распределба на осигурениците во задолжителните пензиски фондови во текот на еден месец.

Член 5

На првиот работен ден секој месец Фондот на ПИОМ прави листа на задолжителните пензиски фондови со примена на метод на случајна распределба на фондовите.

Член 6

(1) Бројот на нераспределени осигуреници, кои треба да бидат распределени во секој задолжителен пензиски фонд од листата од член 5 на овој правилник, се пресметува со множење на пондерот на соодветниот задолжителен пензиски фонд, согласно член 3 став (1) од овој правилник, со вкупниот број на нераспределени осигуреници.

(2) Добиениот број на нераспределени осигуреници за секој задолжителен пензиски фонд, утврден согласно став (1) на овој член, се заокружува на најблискиот цел број.

(3) По исклучок од став (1) на овој член, бројот на нераспределените осигуреници кои треба да бидат распределени во последниот задолжителен пензиски фонд, од листата од член 5 на овој правилник, се пресметува кога од вкупниот број на нераспределени осигуреници се одземат заокружените броеви од став (2) на овој член.

Член 7

(1) Фондот на ПИОМ прави листа на нераспределени осигуреници со примена на метод на случајна распределба, на датумите од член 4 став (2) на овој правилник.

(2) Нераспределените осигуреници се распределуваат во задолжителен пензиски фонд врз основа на:

а) редослед од листата од став (1) на овој член

б) број пресметан согласно член 6 на овој правилник, и

в) редослед на фондот од листата од член 5 на овој правилник.

(3) Фондот на ПИОМ за времено распределените осигуреници веднаш по нивната распределба, ја известува Агенцијата.

Член 8

(1) Агенцијата по електронски пат ги информира друштвата за времено распределените осигуреници, со наведување само на нивниот единствен матичен број.

(2) Друштвата воспоставуваат индивидуални потсметки на посебната сметка за секој времено распределен осигуреник, веднаш по приемот на податоците за распределбата добиени од Агенцијата.

Член 9

(1) Периодот за зачленување во задолжителен пензиски фонд определен во Законот е период за избор на задолжителен пензиски фонд во зависност од тоа кога осигуреникот треба или може да влезе во задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување.

(2) Доколку Агенцијата до единаесеттиот работен ден од истекот на периодот за избор на задолжителен пензиски фонд утврди дека времено распределениот осигуреник не потпишал договор за членство во задолжителен пензиски фонд во периодот на избор, тој станува член на задолжителниот пензиски фонд во кој бил претходно времено распределен од страна на Агенцијата и се регистрира во Регистарот на членови.

(3) Агенцијата по електронски пат ги доставува до друштвото личните податоци (име и презиме) на членовите од став (2) на овој член, истиот ден и друштвото треба веднаш да воспостави индивидуална сметка на име на членот на која ги пренесува акумулираните средства од потсметката воспоставена за времено распределениот осигуреник.

(4) Агенцијата го известува секој времено распределен осигуреник за задолжителниот пензиски фонд во кој е времено распределен како и за правата кои произлегуваат од членство.

## III. Стекнување членство во задолжителен пензиски фонд

Член 10

(1) Осигуреник кој бил вклучен во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување пред 1 јануари 2003 година, станува член на задолжителен пензиски фонд со потпишување на договор за членство во тој пензиски фонд и со регистрација во Регистарот на членови кој го води Агенцијата.

(2) Правата и обврските од членство за осигурениците од став (1) на овој член се стекнуваат од датумот на потпишување на договорот за членство во задолжителен пензиски фонд.

(3) Осигуреник кој бил вклучен во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување по 1 јануари 2003 година, станува член на задолжителен пензиски фонд со потпишување на договор за членство во тој пензиски фонд и со регистрација во Регистарот на членови кој го води Агенцијата или со распределба во задолжителен пензиски фонд од страна на Агенцијата и со регистрација во Регистарот на членови кој го води Агенцијата во случај кога осигуреникот кој е должен да стане член не потпишал договор за членство во задолжителен пензиски фонд во периодот за избор на задолжителен пензиски фонд.

(4) Правата и обврските од членство за осигурениците од став (3) на овој член се стекнуваат од датумот кога прв пат се вклучиле во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување.

(5) По исклучок од став (4) на овој член, за осигурениците кои прв пат се вклучиле во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување пред 1 јануари 2006 година, правата и обврските од членство се стекнуваат од 1 јануари 2006 година доколку осигуреникот немал прекин во пензиското осигурување во периодот од 20 септември 2005 до 31 декември 2005 година, а доколку осигуреникот имал прекин во овој период, правата и обврските од членство се стекнуваат од првиот датум на осигурување по 1 јануари 2006 година.

Член 11

(1) Осигуреник кој бил вклучен во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување по 1 јануари 2003 година и го променил својството на осигуреник од глава IV од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, има право да се зачлени во задолжителен пензиски фонд по свој избор во рок од три месеци по промената на својството.

(2) Осигуреникот од став (1) на овој член може да го направи својот избор само еднаш по настанатата промена на својството на осигуреник, со потпишување договор за членство во задолжителен пензиски фонд.

Член 12

(1) Договорот за членство во задолжителен пензиски фонд треба да биде пополнет и потпишан во формата дадена во Образец бр.1 кој е составен дел од овој правилник.

(2) Друштвото определува единствен број на договорот за членство во задолжителен пензиски фонд, кој се состои од десет цифри. За секој задолжителен пензиски фонд Агенцијата ги определува првите две цифри, со кои се идентификува задолжителниот пензиски фонд и тие задолжително се составен дел од секој број доделен од друштвото.

Член 13

(1) Договорот за членство во задолжителен пензиски фонд треба да биде потпишан лично од осигуреникот кој има право да стане член на задолжителниот пензиски фонд и агентот во име на друштвото.

(2) При склучувањето на договор за членство во задолжителен пензиски фонд, друштвото го претставува агент кој е регистриран во Регистарот на агенти. Агентот треба да го провери идентитетот на лицето кое склучува договор за членство во задолжителен пензиски фонд врз основа на документ за лична идентификација.

(3) Договорот за членство во задолжителен пензиски фонд треба да ги содржи датумот и времето (час и минута) кога е потпишан од двете страни.

(4) Договорот за членство во задолжителен пензиски фонд се потпишува во два оригинални примероци и агентот по потпишување на договорот веднаш треба да достави еден примерок до друштвото и еден примерок до членот кој го потпишал договорот за членство во задолжителен пензиски фонд.

Член 14

(1) На третиот работен ден по истекувањето на рокот од осум работни дена за раскинување на договорот, друштвото ги внесува податоците од договорот за членство во информацискиот систем на Агенцијата, во случај кога осигуреникот прв пат потпишал договор за членство во задолжителен пензиски фонд и претходно не бил член на ниту еден задолжителен пензиски фонд.

(2) Друштвото ја проверува точноста на податоците од став (1) на овој член пред истите да ги внесе во информацискиот систем на Агенцијата.

(3) Доколку внесените податоци не се совпаѓаат со податоците наведени во договорот за членство во задолжителен пензиски фонд, тогаш за валидни се сметаат податоците од договорот за членство во задолжителен пензиски фонд. По откривањето на разликите во податоците, друштвото доставува барање за ажурирање на податоците до Агенцијата.

(4) По исклучок од став (1) на овој член, во случај договорот за членство да е потпишан од осигуреник од член 11 став (1) на овој правилник, друштвото доставува копија од договорот за членство до Агенцијата на третиот работен ден по истекувањето на рокот од осум работни дена за раскинување на договорот, по што Агенцијата врши внес на податоците во информацискиот систем на Агенцијата.

Член 15

(1) По внесот од член 14 став (1) на овој правилник Агенцијата преку својот информациски систем ја проверува комплетноста, точноста на податоците и исполнувањето на условите за членство во задолжителен пензиски фонд.

(2) Врз основа на проверката од став (1) на овој член Агенцијата го регистрира осигуреникот како член на задолжителен пензиски фонд во Регистарот на членови ако сите податоци во договорот за членство во задолжителен пензиски фонд се навремено внесени во информацискиот систем на Агенцијата согласно член 14 став (1) на овој правилник, истите се комплетни и точни и ако се исполнети условите за членство во тој задолжителен пензиски фонд.

(3) Доколку не е исполнет некој од условите од став (2) на овој член, Агенцијата не може да го регистрира осигуреникот како член на задолжителен пензиски фонд.

(4) Доколку друштвото не може да ги внесе податоците од договорот за членство во задолжителен пензиски фонд во рокот од член 14 став (1) на овој правилник поради виша сила или оправдани технички причини тогаш тоа доставува копија од договорот за членство до Агенцијата за внес во информацискиот систем.

Член 16

(1) Фондот на ПИОМ ја утврдува точноста на личните податоци, на првото и наредните вработувања на осигурениците доставени од Агенцијата за вработување.

(2) Фондот на ПИОМ ќе и овозможи на Агенцијата електронски пристап до податоците за сите осигуреници кои задолжително или доброволно се вклучуваат во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

(3) Доколку Агенцијата прими податоци од друштвото за осигуреник кој потпишал договор за членство во задолжителен пензиски фонд, а во евиденцијата на Фондот на ПИОМ нема податоци за тој осигуреник, го известува Фондот на ПИОМ и ја одложува регистрацијата на членот. Агенцијата го известува друштвото дека регистрацијата на членот има статус на чекање.

(4) Доколку Агенцијата во рок од пет работни дена од приемот на податоците од став (3) на овој член утврди дека осигуреникот е регистриран во евиденцијата на Фондот на ПИОМ, сите податоци доставени од друштвото се точни и се исполнети условите за членство го регистрира осигуреникот во Регистарот на членови.

(5) Доколку Агенцијата, по истекот на рокот од став (4) на овој правилник, утврди дека осигуреникот не е регистриран во евиденцијата на Фондот на ПИОМ го известува друштвото дека регистрацијата е одбиена.

Член 17

Агенцијата врши споредување на податоците од потпишаните договори за членство во задолжителен пензиски фонд внесени од страна на друштвото со податоците од Фондот на ПИОМ, како и проверка на меѓусебната усогласеност на податоците.

Член 18

(1) Датумот на кој осигуреникот стекнува членство во задолжителен пензиски фонд е датумот на негова регистрација во Регистарот на членови.

(2) Ако осигуреникот потпишал договор за членство во задолжителен пензиски фонд со повеќе од едно друштво и не раскинал ниту еден од договорите во задолжителен пензиски фонд во рокот за раскинување на договорот за членство, за важечки се смета оној договор за членство во задолжителен пензиски фонд кој прв бил потпишан. Агенцијата ја поништува регистрацијата на членот врз основа на договорот за членство во задолжителен пензиски фонд кој бил потпишан подоцна, а пристигнал прв во Агенцијата. Агенцијата за тоа веднаш го известува друштвото.

Член 19

Агенцијата го известува Фондот на ПИОМ и секое друштво за новорегистрираните членови на задолжителните пензиски фондови на крајот на секој работен ден по електронски пат.

Член 20

(1) Кога осигуреник прв пат потпишал договор за членство во задолжителен пензиски фонд има право на еднострано раскинување на договорот со писмен поднесок, во рок од осум работни дена од датумот на потпишувањето на договорот за членство.

(2) Поднесокот од став (1) на овој член, даден на Образец бр. 2 кој е составен дел на овој правилник, се пополнува и потпишува во два примероци кои агентот веднаш по потпишување на договорот му ги доставува на осигуреникот.

(3) Потпишаниот поднесок за раскинување на договорот за членство во задолжителен пензиски фонд осигуреникот може лично да го достави до друштвото, преку друго лице или по пошта со препорачана пратка.

(4) По исклучок од став (3) на овој член, друштвото е должно да го прими поднесокот за раскинување на договорот за членство во задолжителен пензиски фонд иако не е доставен со препорачана пратка, доколку датумот на поштенскиот печат е во рокот определен за раскинување на договорот.

(5) Доколку поднесок за раскинување на договорот за членство во задолжителен пензиски фонд е доставен лично или од друго лице, копија од истиот со датумот на доставување, печатот на друштвото и потписот на вработениот во друштвото кој го примил поднесокот, веднаш се дава на осигуреникот или на лицето кое го доставило поднесокот. Доколку доставата е извршена по пошта, друштвото доставува до осигуреникот копија од поднесокот со препорачана пратка.

Член 21

Доколку Агенцијата регистрира член со договор за членство во задолжителен пензиски фонд кој бил правилно раскинат, друштвото, по дознавањето за раскинување на договорот, треба веднаш да ги коригира податоците и да ги достави до Агенцијата со барање за поништување на регистрацијата.

Член 22

Друштвото треба да ги чува податоците за осигурениците кои го раскинале договорот за членство во задолжителен пензиски фонд и истите треба да бидат достапни на Агенцијата по нејзино барање.

## IV. Начин и постапка на премин на член од постоен во иден задолжителен пензиски фонд

Член 23

(1) Доколку член сака да премине од постоен во иден задолжителен пензиски фонд тој потпишува времен договор за членство даден на Образец бр.1 кој е составен дел на овој правилник и го пополнува полето за премин од договорот.

(2) Друштвото кое управува со идниот задолжителен пензиски фонд ги внесува податоците од времениот договор за членство во информацискиот систем на Агенцијата во рок од осум работни дена по неговото потпишување.

(3) Агенцијата во рок од осум работни дена од внесот на податоците од времениот договор за членство доставува до членот писмено известување дека е примен времениот договор за членство, заедно со формулар даден на Образец бр. 3 кој е составен дел на овој правилник.

(4) Во известувањето до членот се предочува дека:

а) доколку бројот на месеци од првиот месец за кој членот стекнал право на придонес во постојниот задолжителен пензиски фонд до месецот на премин во идниот задолжителен пензиски фонд е помал од 24 месеци, за префрлување од постојниот во идниот задолжителен пензиски фонд членот е должен да плати паричен надоместок во висина определена од друштвото и дека префрлувањето може да се изврши единствено доколку членот го пополни и врати формуларот што е составен дел на известувањето заедно со доказ за платен надоместок, во рок од осум работни дена од приемот на известувањето.

б) доколку бројот на месеци од првиот месец за кој членот стекнал право на придонес во постојниот задолжителен пензиски фонд до месецот на премин во идниот задолжителен пензиски фонд е поголем од 24 месеци, префрлувањето може да се изврши единствено доколку членот го пополни и врати формуларот што е составен дел на известувањето, во рок од осум работни дена од приемот на известувањето.

(5) Првиот месец за кој членот стекнал право на придонес во смисла на став (3) на овој член е:

а) месецот кој следи по месецот во кој истекуваат 11 работни дена од датумот на потпишување на договорот, за член кој прв пат пристапил во задолжително пензиско и инвалидско осигурување пред 1 јануари 2003 година.

б) месецот во кој членот прв пат пристапил во задолжително пензиско и инвалидско осигурување, но не порано од јануари 2006 година, за член кој прв пат пристапил во задолжително пензиско и инвалидско осигурување по 31 декември 2002 година.

(6) Договорот за членство станува полноважен и произведува правно дејство од денот на примање на уредно пополнетиот формулар од ставот (3) на овој член во Агенцијата и доказ за платен надоместок во случај членот да имал обврска за плаќање на надоместок за премин. За полноважноста на договорот Агенцијата, во рок од осум работни дена преку информацискиот систем на Агенцијата, ги известува друштвата кои управуваат со постојниот и идниот задолжителен пензиски фонд и Фондот на ПИОМ дека членот преминал во идниот задолжителен пензиски фонд.

(7) Членството во постојниот задолжителен пензиски фонд престанува на првиот нареден датум за пренос од денот кога е примен уредно пополнетиот формулар согласно ставот (3) на овој член и доказ за платен надоместок во случај членот да имал обврска за плаќање на надоместок за премин и на тој датум започнува членството во идниот задолжителен пензиски фонд.

(8) При секој нареден премин на член од постоен во иден задолжителен пензиски фонд бројот на месеци на членство се смета од датумот на стекнување на членство во постојниот задолжителен пензиски фонд.

## V. Ажурирање и корекција на договорите за членство и ажурирање на регистрацијата

Член 24

(1) Агенцијата согласно Законот за заштита на лични податоци и Законот за општа управна постапка врши ажурирање на податоците на членовите на задолжителните пензиски фондови во Регистарот на членови по барање со соодветна документација од друштво.

(2) Друштвото врши корекција на податоци на оригинален договор за членство, освен податоците од ставовите (3) и (4) на овој член, врз основа на соодветен документ односно изјава од член, агент или друго овластено лице од друштвото, во зависност од податокот кој се менува.

(3) Датумот на склучување на договорот се коригира единствено доколку е нечитко напишан, врз основа на изјава од членот и агентот кои го потпишале договорот.

(4) Личен податок на член се коригира со фотокопија од документот за лична идентификација заедно со изјава од членот за согласност за давање на фотокопија од документот, пропишана во Образец бр.4 на овој правилник. Доколку членот не сака да потпише изјава друштвото треба да обезбеди:

а) формулар за извршен увид во фотокопијата од документот за лична идентификација на членот чии податоци се менуваат, потпишан од овластеното лице на друштвото кое го извршило увидот или

б) пополнет формулар од страна на членот чии податоци се менуваат.

(5) Овластеното лице на Агенцијата и друштвото ги користи фотокопиите на документот за лична идентификација само за целта за која се земени: ажурирање или корекција на личните податоци на членовите на задолжителните пензиски фондови, при што истите се чуваат на начин со кој се овозможува пристап до нив само од овластеното лице и се оневозможува нивна злоупотреба.

## VI. Преодни и завршни одредби

Член 25

Друштвото треба да воспостави и одржува организациска структура и технички средства за исполнување на неговите обврски од овој правилник.

Член 26

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за постапката на распределба на осигуреници во задолжителни пензиски фондови, за начинот и постапката за членство во задолжителен пензиски фонд при зачленување по прв пат, за начинот и постапката на премин на член од постоен во иден задолжителен пензиски фонд и за формата на договорот за членство во задолжителен пензиски фонд („Службен весник на Република Македонија” бр. 93/2008, 110/2008 и 83/2009).

Член 27

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01-2309/5
22 декември 2009 година
Скопје

Претседател
на Управниот одбор,
**Анета Димовска,** с.р.

ЛОГО НА ДРУШТВОТО
Максимални димензии (10 см должина x 2 см висина) **Образец бр. 1**

**Договор за членство во задолжителен пензиски фонд** број |_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|

Склучен на ___/___/____;___/__/ во ___________ помеѓу:
(ден, мес. год. час, мин.) (место)

1. ______________________________________________
(целосен назив на друштвото и контакт телефон)

со седиште на ______________________________________________
(адреса на друштвото)

застапувано од агентот ______________________________________________
(име презиме и регистерски број)

од една страна како друштво и

2.
______________________________________________ |_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|
(име и презиме на членот)

______________________________________________
(адреса и место на живеење) (ЕМБГ)

од друга страна како член.

Премин од друг задолжителен пензиски фонд ☐

Член 1
Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу страните на договорот.

Член 2
Покрај основните податоци, членот има обврска да ги достави до друштвото и следните податоци:

Датум и место на раѓање: ____/____/____ ____________, пол ___________
(ден, мес, год) (место)
Датум на прво вработување ____/____/____
(ден, мес, год)
Адреса за кореспонденција: ______________________________________________,

контакт телефон со повикувачки број: ________________, *електронска пошта*: ________________________.

Член 3
Со овој договор членот се зачленува и стекнува својство на член во задолжителен пензиски фонд ______________________________ управуван од друштвото.
(назив на фондот)

Член 4
(1) Со потпишување на овој договор членот се обврзува дека едновремено ќе членува само во овој задолжителен пензиски фонд. Кога членот прв пат потпишува договор за членство во задолжителен пензиски фонд има право во рок од осум работни дена по потпишување на договорот, да го раскине договорот со писмен поднесок, кој го доставува до друштвото.
(2) Член на задолжителен пензиски фонд кој сака да премине во друг задолжителен пензиски фонд треба да потпише нов договор за членство со друштво кое управува со другиот задолжителен пензиски фонд, по што пополнува формулар добиен од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, плаќа надоместок во износ определен врз основа на бројот на денови од датумот кога членот се стекнал со статус на член во постојниот пензиски фонд до датумот на премин во идниот пензиски фонд и го доставува до Агенцијата формуларот со доказ за платениот надоместок.

Член 5
(1) Друштвото се обврзува дека, по зачленување на осигуреникот, ќе воспостави индивидуална сметка на име на членот во задолжителнииот пензиски фонд со кој тоа управува.
(2) Првиот месец за кој членот стекнал право на придонес за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување е:
- месецот кој следи по месецот во кој истекуваат 11 работни дена од датумот на потпишување на договорот, за член кој прв пат пристапил во задолжително пензиско и инвалидско осигурување пред 1 јануари 2003 година.
- месецот во кој членот прв пат пристапил во задолжително пензиско и инвалидско осигурување, но не порано од јануари 2006 година, за член кој прв пат пристапил во задолжително пензиско и инвалидско осигурување по 31 декември 2002 година.

(3) Друштвото се обврзува дека средствата на членот ќе ги инвестира со цел остварување на највисок принос единствено во полза на членот според следниве принципи: сигурност на средствата на задолжителен пензиски фонд, диверсификација на ризикот од инвестициите и одржување на адекватна ликвидност.

(4) Друштвото се обврзува редовно да го известува членот за состојбата на неговата индивидуална сметка и за инвестирањето на средствата на задолжителниот пензиски фонд.

Член 6

(1) Друштвото односно агентот е должен да обезбеди тајност и заштита на личните податоци, на членот со кој го склучува овој договор, согласно член 23 од Законот за заштита на личните податоци.

(2) Во случај на промена на личните податоци од овој договор, членот е должен да го извести друштвото со цел личните податоци да бидат ажурирани.

Член 7

(1) Друштвото има право да ги наплатува единствено следниве надоместоци:

а) надоместок од придонесите во висина од ______ % од уплатените придонеси во задолжителен пензиски фонд;

б) месечен надоместок во висина од 0,05% од вредноста на нето средствата на задолжителениот пензиски фонд, за покривање на трошоците на друштвото за управувањето со задолжителен пензиски фонд; и

в) надоместок во случај на пренос на средствата во друг задолжителен пензиски фонд, под услов членот кој преминува да бил член во постојниот фонд пократко од 24 месеци пред да премине во идниот фонд.

(2) Друштвото не го наплатува надоместокот од став (1) точка в) од овој договор во следните случаи:

а) ако друштвото ги зголемило или известило за зголемување на надоместоците од ставот (1) на овој член, во периодот од шест месеци пред датумот на таквиот пренос на средствата;

б) ако Агенцијата докаже дека лицето се зачленило во задолжителен пензиски фонд како последица на маркетинг и рекламни активности спротивни на одредбите на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување; или

в) ако над друштвото е отворена стечајна постапка или одобрението за управување со задолжителен пензиски фонд му е повлечено или укинато.

(3) Висината на надоместокот од став (1) точка а) на овој член е променлива категорија. Во примена е надоместокот определен од друштвото, кој е во рамките на максималната висина на надоместокот од придонесите кој го наплаќаат друштвата определена од страна на Агенцијата.

Член 8

Овој договор има важност до моментот додека членот:

а) стекне членство во друг задолжителен пензиски фонд

б) стекне правото на старосна пензија

в) стекне право на инвалидска пензија

г) во случај на смрт

д) други случаи на повлекување на средствата од задолжителен пензискиот фонд согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување .

Член 9

Договорот е потпишан во два примероци од кои по еден за секоја договорна страна.

Член 10

(1) Овој договор влегува во сила по внесот на податоците од договорот во информацискиот систем на Агенцијата и регистрација на членот во Регистарот на членови .

(2) Во случај утврден во член 4 став (2) на овој договор, договорот станува полноважен и произведува правно дејство од денот на прием на формуларот и доказот за платениот надоместок во Агенцијата.

Член 11

Одредбите на овој договор се променливи согласно измените и дополнувањата на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

Потпис на членот Потпис на агентот

________________________________

________________________________

*Упатство за пополнување:*

*1. Сите празни места во договорот за членство треба да бидат пополнети со печатни букви или со употреба на компјутер или машина за пишување.*

*2. Сите полиња се задолжителни освен оние напишани со ракописни букви.*

*3. Во случај на премин на член од еден во друг задолжителен пензиски фонд, полето за премин задолжително се пополнува.*

*4. Доколку поднесокот за раскинување на договорот, биде пратен по пошта, истиот треба да биде пратен како препорачано писмо во рок од осум работни дена од потпишувањето на договорот.*

*5. Идентитетот на осигуреникот се проверува од агентот на друштвото, врз основа на документот за лична идентификација.*

**Образец бр. 2**

До: ___________________________________________
(целосен назив на друштвото)

_______________________________________________
(адреса на друштвото )

## Поднесок за раскинување на договорот за членство во задолжителен пензиски фонд број ______________

Јас ______________________________________________________________
(име и презиме на членот)

________________________________________________, ______________,
(адреса и место на живеење) (ЕМБГ)

го раскинувам договорот за членство во задолжителен пензиски фонд склучен со друштвото
_________________________________________________
(целосен назив на друштвото)

кое управува со задолжителен пензиски фонд ____________________________________
(назив на пензиски фонд)

склучен ___/___/____;___/__/ во ___________
(ден,мес. год. час,мин.) (место)

Место ___________и датум на потпишување __/__/____
(ден.мес.год).

Потпис: ______________

**Пополнува друштвото** :

1. Во случај на лично поднесување од членот или друго лице:
Потврда за прием од друштвото:

Место ___________и датум на прием __/__/____
(ден.мес.год)

2. Во случај на праќање по пошта:
Датум на праќање __/__/____ и место ___________ и датум на прием __/__/____
(ден.мес.год) (ден.мес.год)

Име, презиме и потпис на лице кое го примило поднесокот во име на друштвото
__________________________________________________________________

Печат на друштвото
*Упатство за пополнување:*
*1. Сите празни места во договорот за членство треба да бидат пополнети со печатни букви или со употреба на компјутер или машина за пишување.*
*2.Доколку поднесокот за раскинување на договорот, биде испратен по пошта, истиот треба да биде пратен како препорачано писмо во рок од осум работни дена од потпишувањето на договорот.*

**Образец бр. 3**

До

Агенција за супервизија на капитално
финансирано пензиско осигурување - МАПАС
Васил Главинов бб (Интекс Бизнис центар 2)
1000 Скопје

Почитувани,

Јас ________________________________________________
*(име и презиме на членот)*
со ЕМБГ ______________________потврдувам дека сум согласен/на да

преминам во _____________________________________________ .
(*име на другиот задолжителен пензиски фонд*)

______________
(Потпис на членот)

**Образец бр. 4**

**И З Ј А В А**

Јас ________________________________________________________________,

изјавувам дека се согласувам да дадам фотокопија од лична карта или друг документ за лична идентификација заради:

а) корекција на погрешно внесени лични податоци во договорот за членство во пензиски фонд и Регистарот на членови

и/или

б) ажурирање на личните податоци во договорот за членство во пензиски фонд и Регистарот на членови

** Доколку не се согласувате да дадете фотокопија од лична карта или друг документ за лична идентификација за горенаведените цели, корекцијата и/или ажурирањето на Вашите лични податоци може да бидат извршени на следниве начини:*

*- во седиштето на друштвото, со непосреден увид во Вашата лична карта или друг документ за лична идентификација, од страна на овластено лице на друштвото, или*

*- ќе Ви биде доставен соодветен формулар од друштвото, во кој сам ги внесувате податоците што се предмет на корегирање/ажурирање и истиот го доставувате до друтвото со препорачана пошта.*

Изјавил:

____________________

Дата ________________

Место _______________

**ДИРЕКЦИЈА ЗА РАДИЈАЦИОНА СИГУРНОСТ**

**3376.**

Врз основа на член 26-д, став 1, точка 5 од Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/02 и 135/07), директорот на Дирекцијата за радијациона сигурност, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА СОДРЖИНАТА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАДИЈАЦИОНА ЗАШТИТА, ПЛАНОТ ЗА РАДИЈАЦИОНИ ВОНРЕДНИ НАСТАНИ И ПРОГРАМАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ И КОНТРОЛА НА СИГУРНОСТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината на програмата за радијациона заштита, планот за радијациони вонредни настани и програмата за обезбедување на квалитет и контрола на сигурност.

Член 2

Одредбите од овој правилник не се применуваат за увоз и извоз на извори на јонизирачко зрачење.

Член 3

Содржината на програмата за радијациона заштита зависи од видот на изворот на јонизирачко зрачење и дејноста со истиот.

Програмата за радијациона заштита за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење содржи:

- интерни работни процедури и надзор;
- план за индивидуален мониторинг, согласно прописите за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност;
- план за мониторинг на работна средина и класификација на зони (контролирана и надгледувана зона) и
- план за медицинска изложеност, каде што е соодветно.

Програмата за радијациона заштита во зависност од дејноста што се врши треба да содржи и дополнителни делови, каде е соодветно и тоа за:

- превоз на радиоактивни извори - постапки при вршење на превоз и план за вонредни настани при превоз, согласно прописите за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност;
- трансфер и преземање на радиоактивни извори - постапки при вршење на трансфер и преземање, согласно прописите за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност;
- план за испуштање на радиоактивни супстанции во животната средина, согласно прописите за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност и
- план за управување со радиоактивен отпад и/или искористени (извор вон употреба) извори на јонизирачко зрачење.

Член 4

Интерните работни процедури и надзорот од член 3 став 2 алинеја 1 од овој правилник содржат:

- внатрешна организација и уредување: опис на системот на организација и управување, доделување на одговорности и јасно разграничување на овластувања на лицата вклучени во дејноста со изворите на јонизирачко зрачење, а кои се однесуваат на заштитата од јонизирачко зрачење, радијационата сигурност и безбедност;
- должности и одговорности на лицето одговорно за радијациона заштита: овластување да прекине небезбедни операции, обука на персоналот, водење евиденција, чување на записи и друго;
- план и постапки за заштита на работниците-жени во случај на бременост: известување, прифаќање на работните услови за да се заштити фетусот/ембрионот и инструкциите кои се обезбедуваат за нив;
- опис на процедурите и постапките при вршењето на дејност со извори на јонизирачко зрачење;
- опис на програмата за оптимизација на работна изложеност и за изложеност на населението, согласно принципот на оптимизација (АЛАРА принцип) со проценка на природата и големината на радијациониот ризик;
- процедури за влез во контролираната зона;
- следење на здравствената состојба на работниците;
- начин на информирање на вработените за прашања во врска со заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, како и за ризиците по здравјето и
- начин на информирање на пациентите во врска со медицинската изложеност и информирање за акцидентна медицинска изложеност.

Член 5

Планот за индивидуален мониторинг од член 3 став 2 алинеја 2 од овој правилник содржи:

- начин и постапка на определување на работно изложени лица и нивна класификација;
- обезбедување на индивидуален мониторинг на работно изложените лица со приложен документ од овластен стручен технички сервис;
- водење на евиденција, согласно прописите за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност;
- начин и постапката за информирање на работно изложените лица за резултатите од индивидуалниот мониторинг;
- постапка при надминување на нивоата за истрага, согласно прописите за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност и
- листа на лични заштитни средства за работниците (оловни ракавици, престилки, штитници).

Член 6

Планот за мониторинг на работна средина и класификација на зони од член 3 став 2 алинеја 3 од овој правилник содржи:

- начин и фреквенција на вршење мониторинг на работната средина;
- план со јасно назначени точки каде се врши мониторингот;
- величини кои се мерат;
- референтните вредности и мерките кои се превземаат во случаи на надминување на референтните вредности;
- дозиметриска опрема и програма за калибрација на истата со доставени сертификати за калибрација од овластен стручен технички сервис, во зависност од дејноста со изворите на јонизирачко зрачење;
- процедура за класификација на зони (контролирана зона, надгледувана зона и зона на население) и начин на обележување на истите;
- средства за обележување на работниот простор при работа на терен и опис на постапката за обележување на истиот и
- процедура за известување на лица кои не се опфатени во работниот процес и поединци од населението, со посебен акцент при работа на терен.

Член 7

Планот за медицинска изложеност од член 3 став 2 алинеја 4 од овој правилник содржи:

- оправданост на изложеноста на јонизирачко зрачење при медицинскиот третман односно дијагностичката или терапевтската постапка, лица кои вршат проценка на оправданост за медицинска изложеност како и лица кои ја спроведуваат постапката;

- протокол за снимање на пациенти;
- информации кои се обезбедуваат на пациентите, лицата кои помагаат на пациентите, бремени жени и/или лица кои доброволно се изложуваат на јонизирачко зрачење поради научни медицински и биомедицински истражувања;
- информации и/или инструкции кои се обезбедуваат на пациенти подложени на третман со отворени радиоактивни извори и начинот на кој им се доставуваат;
- постапки во случај на медицинска изложеност заради медицинско или биомедицинско истражување, каде што е соодветно;
- оптимизација на медицинската изложеност (користење на дијагностички референтни нивоа, планирање на третманот, селектирање на нова опрема, и др.) и
- постапки во случај на изложеност на лица како дел од медицински постапки пропишани со општи прописи.

Член 8

Планот за радијациони вонредни настани содржи:
- опис и препознавање на можните радијациони вонредни настани и радијациони несреќи и постапките во случај на радијациониот вонреден настан и/или радијационите несреќи, согласно прописите за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност;
- план и процедури за постапување во случај на радијационен вонреден настан (потенцијални оштетувања на изворот, нефункционирање на безбедносниот систем, губење на изворот и заштитата на изворот, саботажа, кражба, поголеми несреќни изложувања на лица, како и помалку веројатните настани кои може да се случат, како на пример контаминација, пожари, поплави, експлозии во коишто се вклучени радиоактивни извори итн.), лица одговорни за нивно спроведување и ажурирање, нивна соодветна обука и спроведување на практични вежби на одреден временски интервал;
- точни сигурносни постапки, заштитната опрема и заштитните мерки кои се превземаат пред спроведување на плановите/процедурите и опремата која ќе се користи;
- начин на комуникација во случај на радијационен вонреден настан;
- итни постапки кои се превземаат во случај на радијационен вонреден настан;
- процедура за истрага во случај на радијационен вонреден настан;
- истрага во случај на акцидентни медицински изложувања;
- листа на телефони на лица кои вршат известување за вонредниот настан;
- лице кое врши проценка на ризик и последици од радијациониот вонреден настан;
- листа на други институции вклучени во справувањето со состојбата;
- начин на известување на Дирекцијата за радијациона сигурност и
- листа на лица кои се запознаени со планот на радијациони вонредни настани и на кои истата им е достапна.

Член 9

Програмата за обезбедување на квалитет и контрола на сигурност содржи:
- опис на програмата за периодичен преглед и ажурирање на програмата за радијациона заштита и работните процедури;
- програма за обука на персоналот вклучен во дејноста со изворите на јонизирачко зрачење и одговорното лице за радијациона заштита;
- опис на програмата за обука која гарантира дека целиот персонал е соодветно обучен за точни оперативни процедури;
- програма за контрола на квалитет на опремата, согласно прописите за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, со доставен извештај за контрола на квалитет;
- евиденција за персоналната изложеност: моментална евиденција и претходна работна историја;
- евиденција за извештаи од извршена проценка на радијациона изложеност;
- евиденција за сертификати за калибрација на мерила;
- евиденција за преглед и ревизија на програмата за радијациона заштита;
- евиденција за извештаи за радијациони вонредни настани;
- евиденција за извештаи за одржување и сервисирање на опремата;
- евиденција за измени кои ќе влијаат на радијационата сигурност и заштита од јонизирачко зрачење;
- евиденција за извештаи за обезбедени обуки на персоналот;
- евиденција за надгледувањето на здравјето на работно изложените лица;
- евиденција за информации за трансфер на извори на јонизирачко зрачење;
- евиденција на проценетата доза на пациенти при медицинска изложеност;
- евиденција на параметрите за снимање на пациенти и
- евиденција на дневните, неделни, месечни и годишни проверки над опремата и процедурите кои операторот ги превзема пред и после завршување на употребата на изворот.

Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 03-1816/2
23 декември 2009 година
Скопје

Директор,
д-р **Румен Стаменов,** с.р.

---

**3377.**

Врз основа на член 26-д, став 1, точка 4 од Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/02 и 135/07), директорот на Дирекцијата за радијациона сигурност, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ СО ИЗВОРИ НА ЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ДОЗВОЛАТА И ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за издавање на дозволата за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење, формата и содржината на образецот на дозволата, како и начинот и постапката за издавање на дозволата.

Член 2

Барањето за издавање на дозвола за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење се поднесува на образец со формат А4 во бела боја.

Барањето за издавање на дозвола за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење за: увоз, извоз, транзит, превоз, дијагностичка и интервентна радиологија, стоматолошки рентген апарати, нуклеарна меди-

цина, радиотерапија, индустриска радиографија, индустриски мерачи, контрола на пратки, товар и багаж, давање на користење/превземање, геолошки испитувања со помош на радиоактивни извори и друга дејност со извори на јонизирачко зрачење се поднесува на обрасци: Б1, Б2, Б3, Б4, Б5, Б6, Б7, Б8, Б9, Б10, Б11, Б12, Б13 и Б14 кои се дадени во Прилог бр.1, Прилог бр.2, Прилог бр.3, Прилог бр.4, Прилог бр.5, Прилог бр.6, Прилог бр.7, Прилог бр.8, Прилог бр.9, Прилог бр.10, Прилог бр.11, Прилог бр.12, Прилог бр.13 и Прилог бр.14 кои се составен дел на овој правилник.

Барањето за издавање на дозвола за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење за увоз, извоз и транзит може да се поднесе и во електронска форма согласно едношалтерскиот систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки.

Член 3

Дозволата за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење се издава на образец со формат А4 во бела боја.

Дозволата за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење се издава на образец Д даден во Прилог бр.15 кој е составен дел на овој правилник.

Дозволата за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење при увоз, извоз и транзит се издава во хартиена форма и електронски согласно едношалтерскиот систем.

Член 4

Постапката за издавање на дозвола започнува со поднесување на пријава за изворите на јонизирачко зрачење и барање за издавање на дозвола за вршење на дејност до Дирекцијата за радијациона сигурност, од страна на правното лице, доколку изворите не се иземени од постапката за издавање на дозвола за вршење на дејност согласно Правилникот за критериуми за иземање на извор на јонизирачко зрачење и исклучување на изложеност на дефиниран извор од контрола.

Пријавата за изворите на јонизирачко зрачење и барањето за издавање на дозвола за вршење на дејност правното лице може да ги поднесе истовремено до Дирекцијата за радијациона сигурност.

Член 5

Барањето за издавање на дозвола за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење пополнето заедно со сите потребни документи содржани во нив, правното лице ги доставува до Дирекцијата за радијациона сигурност по ист редослед како што е наведено во барањето.

Барањето од став 1 на овој член се доставува со пропратно писмо со основен број од деловодникот на правното лице, список на документи кои се доставуваат заедно со барањето и изјава за согласност од овластеното лице на правното лице дека ќе ги спроведува прописите за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност.

Барањето од став 1 на овој член се доставува со следната документација во копија:

1. решение за упис во Централен регистар на Република Македонија;
2. М1/М2 обрасци за лицата вклучени во дејноста со извори на јонизирачко зрачење или договор за работа или договор за вработување со скратено работно време со друг работодавач или договор за волонтерство;
3. дипломи за завршено образование и/или сертификати за завршена обука за радијациона заштита;
4. индивидуален медицински наод за лицата вклучени во дејноста со извори на јонизирачко зрачење;
5. потврда дека лицата вклучени во дејноста со извори на јонизирачко зрачење подлежат на индивидуален мониторинг;
6. извештај за извршен мониторинг на работната средина со извршена проценка на степенот на изложеност на јонизрачко зрачење во контролирана и надгледувана зона на зрачење и зона за населението;
7. извештај за извршени тестови за контрола на квалитет на опремата;
8. доказ дека правното лице има обезбедено редовно сервисирање на опремата;
9. програма за радијациона заштита, план за радијациони вонредни настани и програма за обезбедување на квалитет и контрола на сигурност донесени согласно прописите за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност и потпишани од сите лица вклучени во дејноста со изворите со што се потврдува дека истите ги прочитале и дека работат согласно пропишаното со нив;
10. проект за заштитата на објектот и просториите во кои се користат извори на јонизирачко зрачење согласно прописите за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност;
11. доказ за назначување на одговорно лице за радијациона заштита;
12. попис на нуклеарен материјал и
13. доказ за уплата на име трошоци согласно прописите за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност.

Покрај документите од став 3 на овој член, правното лице доставува и други документи кои се значајни за вршење на неговата дејност со извори на јонизирачко зрачење по сопствена проценка или по барање на Дирекцијата за радијациона сигурност.

Правното лице треба да ги поседува сите документи доставени до Дирекцијата за радијациона сигурност во оригинал.

Член 6

Поднесеното барање и сите доставени документи подлежат на проверка и проценка за исполнување на условите за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење земајќи ги предвид основните принципи на радијационата заштита.

Доколку е поднесена комплетна документација се врши проверка и проценка за исполнетоста на условите за издавање на дозволата врз основа на доставената документација и увидот на лице место кај правното лице за што се составува записник.

Согласно документацијата и записникот од извршениот увид во зависност од исполнување на условите за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење се издава дозволата или се одбива барањето за издавање на дозволата.

Во случај кога е одобрено издавањето на дозволата за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење правното лице доставува до Дирекцијата за радијациона сигурност доказ за уплатени средства за издавање на дозволата за вршење на дејност согласно Правилникот за висината на трошоците за издавање на дозволи и лиценци.

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 03-1827/2
24 декември 2009 година
Скопје

Директор,
д-р **Румен Стаменов,** с.р.

ПРИЛОГ БР. 1

Образец Б1

**Р Е П У Б Л И К А   М А К Е Д О Н И Ј А**

# Дирекција за радијациона сигурност

## БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ СО ИЗВОРИ НА ЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ: УВОЗ

**1. Податоци за подносителот на барањето:**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Единствен даночен број (ЕДБ): | | | | | |
| Назив на правното лице: | | | | | |
| Седиште на правното лице: | | | | | |
| Телефон: | | Факс: | | Електронска пошта: | |
| Име и презиме на овластеното лице:<br>Опис на работно место: | | | | | |
| Име и презиме на одговорното лице за радијациона заштита: | | | | | |

**2. Примач:**

Назив и седиште: ________________________________________________

Единствен даночен број (ЕДБ): ____________________________________

Овластено лице на примач: ________________________________________

Телефон: ____________________; Факс: ____________________

Електронска пошта: ______________________________________________

**3. Дозвола за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење на примач (краен корисник):**

Број на дозволата: ______________________________________________

Датум на издавање на дозволата: __________________________________

**4. Превозот го врши:**

Превозник: ____________________________________________________

Адреса, град: __________________________________________________

Земја: ________________________________________________________

**5. Дозвола за превоз на радиоактивни извори:**

Број на дозволата: ______________________________________________

Датум на издавање на дозволата: __________________________________

**6. Опис на стоката:**

Тарифна ознака: ________________________________________________

Опис на тарифна ознака: _________________________________________

Трговски опис: _________________________________________________

Радионуклид/рентген апарат/друго: ________________________________

Хемиска/физичка форма на радионуклидот: ______________________________________
Почетна активност на радионуклидот (MBq): ______________________________________
Датум на почетна активност: ____________________________________________________
Намена: ________________________________________________________________
Производител: ________________________________________________________________
Адреса/град: ________________________________________________________________
Земја: ________________________________________________________________
Испраќач/извозник: __________________________________________________________
Адреса/град: ________________________________________________________________
Земја: ________________________________________________________________
Број на извори: __________________________________________________________
Вкупна активност (MBq)/ максимален напон (kV): _______________________________
Опис на контејнер/рентген апарат/друго: ______________________________________
Тип на контејнер/рентген апарат/друго: ______________________________________
Сериски број: ________________________________________________________________
Број на сертификат: __________________________________________________________

Датум Потпис

_____________ (М.П.) _____________

ПРИЛОГ БР. 2

Образец Б2

**Р Е П У Б Л И К А   М А К Е Д О Н И Ј А**

**Дирекција за радијациона сигурност**

## БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ СО ИЗВОРИ НА ЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ: ИЗВОЗ

**1. Податоци за подносителот на барањето:**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Единствен даночен број (ЕДБ):** | | | | | |
| **Назив на правното лице:** | | | | | |
| **Седиште на правното лице:** | | | | | |
| **Телефон:** | | **Факс:** | | **Електронска пошта:** | |
| **Име и презиме на овластеното лице:**<br>**Опис на работно место:** | | | | | |
| **Име и презиме на одговорното лице за радијациона заштита:** | | | | | |

**2. Примач:**
Назив и седиште: ____________________________________________
Овластено лице на примач: ____________________________________
Телефон: ____________________; Факс: ____________________
Електронска пошта: __________________________________________

**3. Дозвола за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење на примач (краен корисник)**
